УНИВЕРЗИТЕТ ”СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ПО СОЦИОЛОГИЈА



# СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА КОРУПЦИЈАТА ВО Р.МАКЕДОНИЈА И МЕРКИ ЗА НЕЈЗИНО СУЗБИВАЊЕ

Докторска дисертација

Кандидат:

М-р Ивана Тодевска

Ментор:

Проф. д-р Нелко Стојаноски

СКОПЈЕ

Јули, 2011

# СОДРЖИНА

## I ДЕЛ
## ТЕОРИСКО КОНЦЕПТУАЛНА РАМКА


**1. Вовед......6**

**2. Научна оправданост на темата......9**

**3. Дефинирање на поими......12**

**4. Облици на корупција......17**

**5. Борбата против корупција ......17**

**5.1. Мултилатерални инструменти за превенција и борба против корупцијата......24**

**6. Мерење на корупцијата......31**

**6.1. Што велат податоците од истажувањата?......33**

**6.1.1. Каде е најраширена корупцијата?......36**


## II ДЕЛ
## КОРУПЦИЈАТА И МАКЕДОНИЈА


**1. Корупцијата и Македонија......48**

**1.1. Што е, а што не е корупција?......48**

**1.2. Жртви на корупцијата......48**

**1.3. Кои се работните места на кои не треба им биде дозволено да работат пратениците и министрите?......49**

**1.4. Финансирање на политички партии......49**

**1.5. Потребата од пополнување анкетен лист за имотна состојба......51**

**1.6. Морални стандарди......51**

**1.7. Граѓански отпор против корупцијата......52**

**1.8. Како да се бориме? ......53**

**2 Причини и последици од корупцијата......56**

**2.1. Кои се основните причини за корупцијата во транзициските и демократските земји?......56**

**2.2. Кои се главните последици на корупцијата?......57**

**3. Јавното мислење......58**

**4. Меѓународната заедница и борбата против корупцијата....................................59**

**4.1. Кои се главните проблеми во борбата против корупцијата на меѓународно ниво?....................................60**

**5. Антикорупција во РМ....................................61**

**5.1. Дали е потребна Антикорупциската комисија во РМ? ....................................64**

**5.2. Корупцијата третирана во медиумите....................................68**

**<u>III ДЕЛ</u>**

**ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ**

**1. Методолошка поставеност на истражувањето....................................72**

**1.1. Предмет на истражувањето....................................72**

**1.2. Цели на истражувањето....................................72**

**1.3. Хипотетска рамка на истражувањето....................................75**

**1.4. Методи на истражувањето....................................78**

**1.5. Емпириски податоци....................................79**

**1.5.1. Осврт кон резултатите од спроведеното теренско истражување (2010 година)....................................81**

**<u>IV ДЕЛ</u>**

**И ВО СВЕТОТ НЕ Е РОЗОВО**

**1. Преглед на состојбата во неколку земји....................................131**

**1.1. Русија....................................131**

**1.1.1. Наследството....................................131**

**1.1.2. Причини за корупција....................................133**

**1.1.3. Борба против корупцијата....................................133**

**1.1.4. Некои последици од корупцијата....................................133**

**2.1. Босна и Херцеговина....................................135**

**2.1.1. Мерки за спречување на корупцијата....................................136**

**2.1.2. Правни вежби....................................137**

**3.1. Албанија, Грузија и Латвија....................................138**

**3.1.1. Први резултати од истражувањето....................................138**

**3.1.2. Улогата на објавените резултати....................................139**

**3.1.3. Предизвиците на иднината....................139**

**<u>V ДЕЛ</u>**

**ЗАКЛУЧОК**

**1. Реформи....................143**

**1.1. Каква стратегија треба да се има против корупцијата?....................143**

**2. Средства за борба против корупцијата....................145**

**3. Потврдување/отфрлање на поставените хипотези....................145**

**<u>VIДЕЛ</u>**

**БИБЛИОГРАФИЈА ....................148**

**ОПШТИ ФРЕКФЕНЦИИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ 2010....................159**

**ПРИЛОГ 1 ПРАШАЛНИК ....................183**

**ПРИЛОГ 2 ВКРСТЕНИ РЕЗУЛТАТИ СПОРЕД ПОЛ, ВОЗРАСТ, ОБРАЗОВАНИЕ И НАЦИОНАЛНОСТ НА ИСПИТАНИЦИТЕ....................194**

**ВКРСТЕНИ РЕЗУЛТАТИ ПО ПОЛ ....................195**

**ВКРСТЕНИ РЕЗУЛТАТИ ПО ВОЗРАСТ ....................215**

**ВКРСТЕНИ РЕЗУЛТАТИ ПО ОБРАЗОВАНИЕ....................235**

**ВКРСТЕНИ РЕЗУЛТАТИ ПО НАЦИОНАЛНОСТ....................259**

# *I ДЕЛ*

# *ТЕОРИСКО КОНЦЕПТУАЛНА РАМКА*

## 1. Вовед

Тежината на проблемите што ги предизвикува корупцијата и заканата што таа ја претставува за стабилноста и безбедноста на државата, на опасност ги изложува демократијата, развојот, моралните вредности и правдата.

Корупција подразбира незаконско користење на општествена и државна положба и моќ заради стекнување на сопствена корист. Народот најчесто ја поврзува со кеш, односно со парична добивка, додека пак, системот на подароци или отстапки, врски и познанства, се незаобиколен дел од традиционалниот морал. Одговорноста на носителот на јавна функција во цивилизираните општества е правило. Нивните грешки во приватниот живот не се мерат со ист аршин како и кај обичните смртници.

Корупцијата не е појава на новото време. Таа е старо зло, кое го среќаваме уште во самите почетоци на организираното општество, уште кога првиот успеа против правилата, односно законот, да постигне нешто на што нема право. Па така со поимот и појавата на корупцијата се среќаваме насекаде во текот на историјата.

Со неа се занимавале големите говорници и филозофи: Аристотел, Платон и Цицерон;-теоретичари на демократијата и државата, како што се Монтескје и Токвил и конечно, многу политичари и јавни работници од денешницата.

Постмодерната демократија произлегува од постулатот дека јавноста има право да знае сè за финансиите, имотот и финансиските ресурси, на оние кои ја водат политички. Слободните граѓани мора да имаат гаранција дека оние кои располагаат со нивните пари и им ги пропишуваат обврските и должностите, не се корумпирани, и секако политичарите имаат обврска на граѓаните да им ги обезбедат сите информации. Наспроти брилијантните научници, мислители, пронаоѓачи, уметници, кои работат гонети од нивниот инстинкт и вистинска амбициозност и потреба за идеали и знаење, мамоновите[1] ученици сместени во заседа со возбуда демнат пронајдоци и креации на луѓе, им поставуваат стапици за да им ги искористат не само плодовите на нивната работа од кои ќе бидат богати, туку често и честа и името ги злоупотребуваат благодарение на своите интриги. Мамонизмот здружен со страста за нелегална заработка и власт има за цел токму да ги задоволи овие страсти. Тоа е нездрав „аривизам".

[1] Мамон е термин од Новиот Завет кој го опишува материјалното богатство или алчноста најчесто олицетворени како божество. Самиот збор е транслитерација од хебрејски на зборот "богатство" (מָמוֹ".ирап" ичанз отш ,(ן Терминот најчесто се користи за материјализам како негативно влијание.

Потребно е, други придвижувачки сили да стапат на дело како би се поттикнал човечкиот род. На среќа тие сили постојат. Треба само да се побараат и придвижат затоа што без труд не може да постојат ни култура на општествен напредок ниту среќа.

Корупцијата е најприсутна во јавната сфера, која пак се однесува на државните и јавни институции, но тука е и приватната сфера, т.е. во приватните производствени и услужни сектори, особено во трговијата; постои во медиумите, спортот, шоу бизнисот, уметноста, па дури и во граѓанското општество, односно активностите на граѓанските здруженија.

И дека корупцијата не е судбина, докажуваат земјите кои успеваат во нејзиното сузбивање. Тоа се Сингапур, Хонг Конг, Чиле, Португалија, но и посиромашните земји како Боливија, Уганда и Филипините, или оние во транзиција, како што се Полска и Естонија.

Корупцијата претставува сериозна закана за сите политички режими. Држава која нема законски механизми (што се почитуваат и спроведуваат) за спречување на корупцијата кај нејзините функционери е осудена на пропаст. Важна улога во спречувањето на корупцијата има и менталитетот на луѓето.

За корупцијата е тешко да се приложат докази, па така многу корупциски афери на запад биле разрешувани според судот на јавноста дури и тогаш кога немало доволно цврсти докази. Во политиката постои морална одговорност и суд на јавноста дури и кога не постои кривична одговорност.

Светската Банка ја идентификува корупцијата како една од најголемите пречки за економскиот и социјалниот развој. Таа го поткопува развојот од страна на изопачување на владеењето на правото и ослабување на институционална основа од која зависи економскиот раст. Штетните ефекти на корупцијата се особено тешки за сиромашните, кои се најтешко погодени од економскиот пад, најмногу се потпираат на обезбедување на јавни услуги и кои се најмалку способни за плаќање на дополнителни трошоци поврзани со поткуп, измама и проневера на економски привилегии. Корупцијата саботира политики и програми, кои имаат за цел да ја намалат сиромаштијата, па така нападот против корупцијата е клучен за намалување на сиромаштијата. Ефикасната антикорупциска стратегија треба да се темели на пет елементи:

1. Зголемување на политичката одговорност
2. Зајакнување на учество во граѓанското општество
3. Креирање конкурентен приватен сектор

4. Институционално ограничување на моќ

5. Подобрување на управувањето со јавниот сектор

За да се намали корозивното влијание на корупцијата на одржлив начин, важно е да се оди подалеку од симптомите и да се справи со причините за корупцијата.

За корупцијата мора да се говори јавно. Корупцијата е негирање на правото и владеењето на правото и ги загрозува еднаквоста, солидарноста и безбедноста на граѓаните. Со помош на корупцијата, едни постигнуваат се, особено она на што немаат право, додека на други им се скратуваат многу работи, најчесто дури и најосновните права. Корупцијата го уништува односот на доверба, како кон јавната власт и политичарите, така и кон можноста за чесни граѓански и бизнис врски. Таа го уништува она што е од фундаментално значење за демократијата, а тоа е довербата на граѓаните на нивните избрани претставници. Обично некој кој има чесна намера да произведува, нуди услуги, тргува фер, брзо ќе се обесхрабри и откаже да се обидува да инвестира во земја во која не се почитуваат законите и правилата на фер бизнис.

За корупцијата треба да се зборува јавно и заради тоа што таа несреќна придружничка на многу општествени промени треба подобро да се запознае и одлучно да се сузбива. Голем број примери со успешно сузбивање на корупцијата докажуваат дека не постои сомнеж дека против неа може успешно и да се бори. Но, основното прашање е тоа дали ќе се бориме против неа, сега и овде - во полза на граѓаните, јавниот интерес и општото добро.

Ако не се застапува начелото дека носителите на јавната власт мораат да бидат неподкупливи, тогаш ќе се искинат сите демократски, политички и општествени нишки на доверба. Демократијата, всушност, - или пак "Републиката", како што би рекол големиот теоретичар Монтескје - почива врз доблести!

Постоењето на проблемот на корупцијата, недоволното емпириско следење и стандардизирање на модел за нејзино следење, злоупотребата на јавната служба заради прибавување на лична корист, непостоењето на релевантни емпириски податоци и покрај општата свест на граѓаните за оваа појава, ерозијата на вредносниот систем и руинирањето на економијата како општествени последици од корупцијата. преставуваат доволен поттик за научноистражувачки труд кој ќе ја третира проблематиката.

## 2. Научна оправданост на темата

Корупцијата веќе не е локален проблем туку транснационален. Ги напаѓа сите економии и општества па затоа за нејзиното превенирање и запирање е неопходна меѓународна соработка. Сите држави се должни да ја спречуваат корупцијата и треба меѓусебно да соработуваат со поддршка и учество на поединци и групи кои не припаѓаат на јавниот сектор како што е граѓанското општество, невладините организации и здруженија на граѓани за напорите да бидат ефикасни.

Кризата на политичкото претставување – граѓаните немаат доверба во нивните избрани лидери – е најсериозниот проблем со кој се соочува регионот на Југоисточна Европа. Во еден неодамнешен документ за состојбата на демократијата во Југоисточна Европа, пишува дека „сè поголемата разлика што ја дели јавноста од елитите и растечката недоверба што ја чувствува јавноста кон демократските институции, се најистакнатите политички факти во земјите на Балканот во овој момент (Крастев, 2002).

Во однос на отсуството на искуствени емпириски податоци за корупцијата во државата, досега во сите истражувања за корупцијата, а ги има во поголем број, процената за обемот на корупцијата се правеше врз основа на перцепцијата за корупцијата. Меѓутоа постои разликата помеѓу истражување на перцепција на корупција и истражување на корупцијата врз основа на искуството на граѓаните.

Разликите се однесуваат во прецизноста на податоците што се добиваат за обемот и карактеристиките на корупцијата. Перцепција, преставува видување на стварноста што нè опкружува и таа во најголема мера е детерминирана од субјективните психолошки фактори, ставови, мислења. Перцепцијата на корупцијата пак, се однесува на социјална перцепција односно видување на социјалните појави и случувања во стварноста, и врз неа, покрај психолошките фактори, влијаат и други фактори како ставовите, интеракцијата меѓу луѓето, предрасудите, средствата за масовна комуникација, социјалната состојба на лицето што перципира итн., кои може да ја зголемуваат или намалуваат точноста на социјалната перцепција (Хавелка, 1992, стр. 51-56 ).

За перцепција на корупцијата од големо значење е медиумскиот простор што и се отстапува, како и начинот на кој се третира оваа појава.

Сознанијата што се добиваат врз основа на реалното искуство на граѓаните се многу поверодостојни, од причина што се темелат само на лично искуство и е исклучено влијанието на други фактори. Во овој контекст, може да се постави и прашањето за искреноста на испитаниците, особено затоа што е во прашање многу

чувствителна појава, а и поради фактот што и самите испитаници се инволвирани во коруптивен однос, кој секако претставува казнено дело. Секако, тоа се околности кои може да имаат влијание врз истражувачките резултати, но за сега тоа се најадекватни и најрелевантни за истражување на појави, особено со изразена темна бројка, како што е корупцијата.

Економскиот пораст во регионот како целина, во најголем дел е среден до добар (со исклучок на Босна и Херцеговина), а се смета дека регионот е во криза на политички и на општествен план. За локалните набљудувачи, најголем дел од земјите од Југоисточна Европа се формални непартиципаторни демократии со корумпирани институции, каде што администрацијата, се чини е неспособна да направи промена во секојдневниот живот на луѓето.

Досега, во текот на процесот на транзиција, граѓаните видоа како социјалната еднаквост опаѓа и се заменува со суровата нееднаквост на сегашниот систем. Секаде во регионот, граѓаните стануваат сè поцинични за ефектите од кампањите и во реториката против корупцијата. Во комбинација со сè помалата доверба во демократските институции, овој цинизам се заканува да ја намали поддршката што им ја дава јавноста на неопходните политички и економски реформи. Тековната ситуација е парадоксална. Неколку години наназад, реториката против корупцијата успешно се користи за мобилизирање на поддршка на јавноста во однос на политиките за реформа.

Сега, кога јавноста станува сè пофрустрирана поради недостигот од видливи резултати во борбата против корупцијата, мобилизирачкиот потенцијал на активностите и реториката против корупцијата полека исчезнуваат. Во најлош случај, реториката против корупцијата ризикува да ја подгрева недовербата на јавноста во Владата и во демократскиот политички процес и да го поттикне создавањето плодно тло за неконструктивна и популистичка критика на реформите, којашто всушност се јавува во улога на алтернатива на политиката.

Корупцијата која го попречува економскиот растеж, ја нарушува и довербата на јавноста во демократијата и ја поткопува можноста земјите да функционираат во еден меѓусебно поврзан свет.

Донаторската заедница настојува вината за ситуацијата да им ја препише на владите корснички, аргументирајќи дека недостигот од политичка волја на владите за борба против корупцијата е главната причина за неуспехот на поголемите реформски пакети. Но прашање е дали недостигот од политичка волја е доволно објаснување за тековната ситуација и/или пак, помошта во борбата против корупцијата можеби делумно

придонесува за ваквата ситуација, разгорувајќи ја кризата на политичко претставување со којашто се соочува регионот.

## 3. Дефинирање на поими

Предмет на ова истражување се социолошките аспекти на корупцијата која ги подразбира забранетите поведенија во врска со поткупот во вршењето на јавни функции.

***Корупцијата*** во најширока смисла се одредува како злоупотреба на јавна служба заради прибавување на лична корист. Под корупција се подразбира и секој облик на злоупотреба на овластување заради лична или групна корист, било да се работи за јавен или државен сектор.

Што значи и од каде доаѓа зборот "корупција"?

Зборот доаѓа од латинскиот "con-rumpere", што значи буквално "да се скрши", што укажува да се скрши на одредени единици, некоја цел или работа да се прекине, дури и врски или односи. Во оваа смисла, корупцијата не се однесува само за односот на граѓаните со јавните власти, туку и односите помеѓу граѓаните.

Под корупција може да се смета кршењето на норми со цел остварување на поединечни интереси. Тоа подразбира:

***-подмитување*** (примање на пари или други бенефиции како би се влијаело на власта при донесувањето на одлуки),

***-непотизам*** (примена на семејни критериуми при одлучување за јавни работи) и злоупотреба на положбата заради прибавување на лична корист (илегално користење на јавни добра и услуги).

За ***корумпирана личност*** се смета секое службено или одговорно лице кое заради лична или корист на групата во која припаѓа, ќе го занемари општиот интерес кој е должно да го штити со оглед на положбата и овластувањата кои му се поверени. Носителите на политички функции ги претставуваат интересите на целата политичка заедница, а не лични или групни интереси (партии, фирми, специјални интересни групи).

Исто така под корупција се смета и ситуација или околност во која граѓанинот нуди или се согласува на давање побарано мито.

Овој поим има и политиколошко значење кое подразбира искористување на политичката функција и положба во неморални или противзаконити цели за остварување на некаква лична корист.

Корупцијата е конкретна појава и во неа се инволвирани конкретни луѓе. Затоа најрационално е да ја структурираме по модел. Корупцијата треба да се сегментира во два дела: корупција во државните институции поврзана со прашањата и содржините во економскиот систем (сфера) и корупција во кривично правниот систем. Ова е само една

условна поделба каде што мотивот во првиот дел има економска доминација, а во вториот е избегнувањето на санкциите.

***Корупцијата во правна смисла*** се дефинира на различни начини и подразбира различни кривични дела.

Така корупцијата може да се дефинира како:

- директно или индиректно примање или барање на било каква парична, вредност или други привилегии, подароци, услуги, ветувања или погодности од страна на јавни службеници за нив или за други лица во замена за акт или пропуст во извршувањето на јавната должност;
- директна или посредна понуда или гаранција на лицето кое извршува јавна функција во било која парична вредност или привилегија за да направи или пропушти нешто во извршувањето на својата должност;
- акт или пропуст на јавниот службеник во извршувањето на својата должност или лица кои извршуваат јавна функција како би добиле незаконски погодности за себе или трети лица;
- поддржување, поттикнување, соучество, помагање или прикривање на сторено дело во замена за надокнада или услуга или очекување на истите, како и секоја соработка или завера да се направи корупција[2].

***Корупцијата од економско гледиште*** подразбира настојување поради лична корист да се зголеми приходот од службата поради што се јавува пореметување во условите на пазарна конкуренција. Заради корупцијата се јавува и додатен трошок во трансакциите, бидејќи таа создава неизвесност при изборот меѓу повеќе можности.

Предмет на анализа се и позитивните примери за совладување на корупцијата од земјите во светот.

Класичната концепција на ***корупцијата во политичките науки*** се базира на идејата дека корупцијата е израз на нарушување на моралните вредности на општеството. Корупцијата е патолошка појава, систематска аберација во која владејачката политичка класа става лични интереси над интересите на политичката заедница.

Еден пример е обично подмитување - еден јавен службеник кој бара да има личен профит од третирање какво што треба во однос на едно прашање. Различно од подмитување, криминалот на давање и земање на „услуги„ е невозможно да се

[2] Mesecnik o korupciji Centra za menadjment, “Puls”, 2001, Beograd

истражува, бидејќи оваа пракса не остава траги. Јанош Корнаи пишувал за оваа размена на услуги помеѓу пријатели.

Општо земено, вели тој, страните поседуваат нерегистрирани сметки во посебна банка на "услуги". Како што знаат сите банкари, овие наменски "инвестиции" како капитал, сигурно е дека имаат и интерес. Не е лесно да се определи која форма на корупција е поопасна за општеството и економијата.

Некои автори, со право објаснуваат дека постои тесна врска помеѓу организираниот криминал и корупцијата, додека официјалните статистики не секогаш овозможуваат потврдување на оваа врска. Факт е дека корупцијата е загрижувачки проблем за економиите на многу земји.

Предвидувањето во кривичните одредби на разните криминали кои можат да се класифицираат во терминот корупција, е уште една добра мерка за спречување за вршење на вакви криминални дејствија.

Кривичниот законик и кривичното казнување имаат многу значајна улога во спречување не само кај конкретниот субјект, туку и кај трети лица кои се носители на ваквите состојби.

Корупцијата постои доколку намерно се крши принципот на непристрасност во случај на намерно донесување одлука за присвојување на некое добро (корист). Присвојувањето на корист, односно здобивање на лични добра за оние кои донесуваат еднострани одлуки, може да има разни облици. Вообичаено е со корупција да се подразбира присвојување на пари (овој облик на корупција најчесто се именува како мито), иако лична корист може да подразбира и скапоцени подароци или вршење на некоја противуслуга (противкорист); скапоцен накит за неговата сопруга затоа што бил еднostран или висока плата на работното место (со мали работни обврски) за неговиот син, исто така, се облици на корупција. Во сите поглавја на Кривичниот Законик каде што се зборува за криминал на должност или против државната власт, значајно место заземаат кривичните дела, што на еден или друг начин, се поврзуваат со вршењето на должноста што не е во согласност со законот. Таквите криминални дела се: "кражба злоупотребувајќи ја должноста" „шверц од страна на царинските работници" "неизвршување на должноста од страна на даночните органи"; "предлози за наградување на работникот кој врши државна должност"; "давање подароци"; "барање и примање мито"; "примање подароци од страна на судија, обвинител"; "давање подароци и ветувања" итн.

Во Европските земји, главна цел на криминален деспотизам сеуште останува традиционалниот облик на злоупотреба на јавната службена должност (на пример: давање мито или обид да се даде мито на личности кои имаат јавни или службени функции на локално, регионално и национално ниво, вклучувајќи ги во последно време и странските службеници).

Секоја корупциска активност секогаш вклучува најмалку две страни: нечесен службеник и несовесен граѓанин.

И, конечно, да не ја заобиколиме дефиницијата за корупција во форма на математичка формула:

**КОРУПЦИЈА = моќ за дискреционо одлучување + монопол во одлучувањето - обврска за поднесување на сметки** (Klitgaard, 1996)

Транспаренси интернешнал (ТИ) најголемата глобална граѓанска организација која се бори против корупцијата, избра јасна и фокусирана дефиниција на овој термин: Корупцијата е оперативно дефинирана како *злоупотреба на доверените моќи за приватни добивки*. ТИ ги диференцира дополнително "по правило" корупција и "против владеењето" на корупцијата. Олеснување на плаќање, каде што се плаќа мито за да добие повластен третман за нешто. Вториот, од друга страна пак, е поткуп платен за да се добијат услугите на поткупен приемник и е забрането.

Дури и по една деценија на напредок и постигнување успех во борбата против корупцијата, Транспаренси Интернешнал, се сосем свесни дека преостануваат предизвиците. Тие се посветени на основните вредности и принципи кои ја водеа работата од почетокот во 1993 година.

Основните принципи на анти-корупциската борба на ТИ биле дефинирани од самиот почеток: коалиции, кои се движат постепено. Што значи ова? ТИ верува дека сузбивањето на корупцијата е изводливо само ако претставници од владата, бизнис и граѓанскиот сектор работат заедно за да се постигне согласност за сет стандарди и тие постапки сите ги поддржат. ТИ, исто така, верува дека корупцијата не може да се искорени во еден голем замав. Наместо тоа, борбата против неа е чекор-по-чекор, проект по проект процес. ТИ ги осудува митото и корупцијата енергично и храбро каде и да се, сигурно идентификувани, и не бара да се изложат поединечни случаи на корупција.

Ако говориме за трошоците на корупцијата, цената на корупцијата може да ја поделиме на четири делови: политички, економски, социјални и еколошки. На политички фронт, корупција претставува голема пречка за демократијата и владеењето

на правото. Во еден демократски систем, канцелариите и институциите го губат својот легитимитет кога тие се злоупотребуваат за приватни предности. Иако ова е штетно во утврдените демократии, тоа е дури и повеќе во новонастанатите. Транспарентно политичко раководство не може да се развие во корумпирана клима. Економски и социјално, корупцијата води кон осиромашување на националното богатство. Понатаму, тоа го попречува развојот на фер пазарни структури и ја искривува конкуренцијата, а со тоа ги одвраќа инвестициите. Ефектот на корупцијата на социјалното ткиво на општеството е најголема штета на сите. Тоа ја поткопува довербата на луѓето во политичкиот систем, во нејзините институции и нејзиното раководство. Фрустрации и општа апатија меѓу разочараната јавност резултира со слабо граѓанско општество. Тоа пак го отвора патот за деспоти, како и демократски избрани уште побескрупулозни лидери што ги вртат националните средства во лично богатство. Барањето и плаќањето мито станува норма. Оние кои не сакаат да се усогласат емигрираат, ја напуштаат земјата.

Деградација на животната средина е уште една последица на корумпираните системи. Во исто време, безгрижната експлоатација на природните ресурси од страна на домашните и странски агенти доведе до опустошување на природната околина. На еколошки катастрофални проекти се даде предност во финансирање, бидејќи тие се лесни цели за извлекување надвор јавни пари во приватни џебови.

И мито не се само парите во монетарна форма, туку и услуги, подароци итн. Во повеќето случаи може да се истражува на корелација помеѓу нивото на корупција и, да речеме, демократизацијата, економскиот развој или деградацијата на животната средина. Социјалните трошоци на корупцијата уште помалку се мерливи. Секоја проценка на социјалните трошоци би била недоволна за мерење на човечката трагедија за оставка, неписменост или несоодветна медицинска нега. А општо скептицизамот во обидот за квантификација на трошоците на корупцијата е оправдан. Ниска.

Во пракса, често проекти се планирани едноставно така да оние кои се вклучени можат да направат огромни приватни профити. Резултатите можат да бидат: зголемено загадување, намалување на цени на земјиштето, преселување на локалните жители, зголемен долг на товар на државата итн. Оваа пресметка - веројатно најблиску до реалноста - е неверојатно комплексна. Но, дури и доколку при истата би биле во состојба да се пресметаат штетата врз животната средина, зголемување на долгот и други фактори, како може да се измери ерозијата на довербата на јавноста и на влошување на легитимноста на владата, кои се директени резултати на корупцијата?

## 4. Облици на корупција

Поредок, но затоа многу поопасен вид е "одземање-запленување" или "купување на државата", кој се јавува кога поединци, групи или фирми ја подмитуваат законодавната или извршната власт, т.е. пратениците и министрите, за да донесат закони, прописи или други одлуки од општа природа - со единствена корист токму на поединци, групи или фирми. Оваа посебна корист е спротивна на општата корист и општото добро. Оваа форма е карактеристична за земјите во транзиција, поради релативно краткото време за да се променат голем број на закони и прописи, што пак е "одлична можност" за прилагодување на бенефициите за пријателите и членовите на владеачката структура.

Друга основна и почеста форма на корупцијата на јавната администрација, е т.н. "административна корупција". До неа доаѓа кога поединци, групи или фирми - дали од приватниот или јавниот сектор – поткупуваат јавни службеници со цел при примената на прописите (законите, уредбите...), нелегално им обезбедат каква било корист, привилегија или дозвола.

Првиот облик "одземање-запленување" или "купување на државата" припаѓа на т.н. гревови на структурата, додека пак административната корупција е "грев на поединец", т.е. јавниот службеник, кој свесно и за нелегално лична добивка, мито или некоја друга корист – ги крши постоечките правила со цел да се олесни на поткупителите да имаат каква било корист, право или дозвола.

## 5. Борбата против корупција

Порастот на транснационалните криминални организации на глобално ниво, безбедносните проблеми во регионот, нееднаквоста меѓу граѓаните, изолирањето на државата, руинирањето на економијата, енормното и неоправданото богатење како резултат на корупцијата се проблеми кои доведуваат до остра социјална диференцијација во Република Македонија.

Во периодот по 1991 година, Република Македонија се наоѓа во т.н. процес на транзиција. Тоа значи дека распаѓањето на претходниот систем претставувал услов за суштински промени и создавање претпоставки за градење на нов општествено економски и политички систем.

Крупните промени што се случија на трите комплексни подрачја (политичко, економско и социо-културно) доведоа до промени и во правниот систем. Спороста на реформите предизвика длабока економска, политичка и безбедносна криза (невработеност, структурни реформи, макро-економска нестабилност, загрозување на територијалниот интегритет, безбедноста на државата,...).

За граѓаните на Република Македонија таквата состојба значеше и значи живеење во услови на социјални фрустрации, разочарувања и песимизам што директно пак се одразува на нивните однесувања воопшто. Тие имаат се помалку доверба во институциите на системот и во носителите на функциите, кои не ги решаваат нивните егзистенцијални проблеми и перспективи. Особено негативно врз таквото општествено милје дејствуваат и многубројните корупциски афери и на носителите на највисоките државни функции и прераснувањето на корупцијата во стил на владеење.

Република Македонија и самата не е поштедена од одредени облици на меѓународен криминал, посебно поради својата местоположба како транзитно подрачје меѓу Средниот Исток и Западна Европа.

Се покажа дека корупцијата е симптом на една тешка болест на општеството, чија вистинска дијагноза упатува на малигни процеси што брзо се развиваат во насока на концентрација на функциите, богатството и престижот, потиснување на демократијата и јакнење на недемократските и автократските режими, тотална ерозија на начелото на законитост и други основни постулати на правната држава, експанзија на бирократизмот...(Сулејманов, 2002, стр 521).

Државата, изградувана врз партиски монопол, кој подразбира и монопол над капиталот, не може лесно да одолее на таквата инерција.

Корупцијата е многу стар феномен против кој се борат дури и најразвиените општества, па е дотолку посложен за транзиционите земји.

На Конвенцијата од Стразбур на Советот на Европа (1999г.) со наслов "За кривичната одговорност во борбата против корупцијата", се истакнува дека корупцијата им се заканува на законските норми, на демократијата, на човековите права и слободи, го минира системот на државното управување, социјалната правда и чесноста, ја деформира чесната конкуренција, го кочи економскиот развој и моралните основи на општеството.

Борбата против корупцијата е дотолку потешка затоа што не можат да се прибават докази. Затоа што, како што е познато корупцијата е "тајно здружение", и најчесто на никој од партнерите не им е во прилог да говорат за тоа.

Корупцијата е феномен што ја минира политичката стабилност, вербата на луѓето во политичкиот и судскиот систем, во правната држава, економскиот развој, странските инвестиции и интегрирањето на земјата.

Секојдневно големо влијание има и јавното мислење. Затоа е особено неопходно да се стандардизира модел кој што ќе ни овозможи непречено емпириско следење на оваа појава. За да се прибават докази и да се здобие довербата на граѓаните за спречување на корупцијата, неопходно е да се создадат нови методи и да се влијае на промена на свеста кај граѓаните за корупцијата. Разојот на моралот и чесното однесување се само некои од деталите кои се наоѓаат во склопот на мерки кои треба да се развијат. Слабата материјална и економска основа на општеството од една страна е лимитирачки фактор на етаблирање на демократските односи и развиен правен систем, а од друга страна, е стимулативен фактор за започнување на беспоштедна трка во прераспределбата на и така лимитираниот капитал.

Корупцијата како кривичен акт, дејствува во тесно содејство со организираниот криминал, како преку отворени договори, така и преку меѓусебните придобивки, а особено во организираната заштита на криминалното дејствување.

Корупцијата е сериозна опасност за општеството која содржи опасност за консолидирање на законска и демократска држава. Меѓународниот аспект на организираниот криминал, зголемувањето на недозволената трговија со дрога, оружје, трговија со луѓе, особено со деца и жени заради проституција, перењето на пари, условени и испреплетени со корупција, ја зголемуваат неопходноста од двострана и повеќестрана соработка на државите, размена на искуства и информации, соработка помеѓу органите на полицијата и другите државни органи.

Се разбира, сето ова треба да се третира научно прилагодувајќи ја борбата против корупцијата во пракса. Секојдневните известувања од страна на пишаните и електронските медиуми говорат за енормната распространетост на корупцијата во сите пори на општественото живеење. И покрај постењето на свесност кај секој граѓанин на Република Македонија за ваквата распространетост на корупцијата, сепак изостануваат научни и стручни трудови кои што ја третираат оваа патолошка појава. Ние ќе имаме успех во борбата против корупција само доколку сме подготвени да извлечеме храбри заклучоци од конкретните случаи и да ги изнесеме на виделина слабите точки на нашите државни институции. Подвлекувајќи дека корупцијата не е само едно од внатрешните прашање на посебни држави кои имаат проблеми со корупција, но дека таа е дел од меѓународниот интерес.

Како први чекори за поставување на основа врз која ќе се изградат механизми за сузбивање на оваа појава се:

- постоењето на резултати од научно емпириските истражувања;
- продолжување на процесот на пристапување, ратификување и потпишување на меѓународните инструменти во кривичната сфера;
- проширување и подобрување на судската соработка со други земји преку двострани или повеќестрани спогодби;
- признавање и пристапување во меѓународните спогодби и конвенции кои ги регулираат меѓународните односи во областа на корупцијата;
- прибавување на параметри за присутност на корупцијата во сферата на организираниот криминал;
- утврдување на мерки за спречување на корупцијата во вршењето на власта и во вршењето на доверени јавни овластувања;

Секоја држава треба да подготвува, применува или следи, во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, политики на ефикасна превенција на корупцијата и координати што го фаворизираат учеството на општеството и ги изразуваат принципите на правната држава, доброто управување со јавните работи и државниот имот, интегритетот, транспарентноста и одговорноста.

Секоја држава треба да настојува да спроведе и унапреди ефикасни практики за превенција на корупцијата. Да настојува повремено да врши евалуација на правните инструменти и на соодветните административни мерки за да утврди дали се тие соодветни за превенција и борба против корупцијата.

Државите треба да соработуваат во соглсност со основите принципи на нивниот правен систем, меѓусебно и со регионалните и меѓународни организации надлежни за унапредување и спроведување на мерките за борба против корупцијата.

- зголемување на јавна информација и охрабување на граѓанското општество;
- промовирање на транспарентност и интегритет во бизнис -операциите;
- менаџирање на јавните финансии;

Во современите стопанства ефикасното и ефективното менаџирање со јавните финансии станува се попрагматично. Затоа земјите во транзиција, каква што е и РМ, настојуваат со сите напори да ги менаџираат јавните финансии со единствена цел: да ги реализираат зацртаните приоритетни цели на своите макроекономски политики. Менаџирањето со јавните финансии во денешно време бара да се пристапи со голема претпазливост, транспарентност, големо искуство и професионално знаење. Потребата

од ваков начин на менаџирање произлегува од растечкиот тренд на ризици кои произлегуваат од внатрешноста и од надворешноста на стопанскиот систем.

Буџетот претставува истовремена комбинација на економска, политичка и социјална категорија. Буџетот како економска категорија претставува системски преглед на вкупно планираните приходи и расходи на одредена економија во одреден временски период, најчесто за една година. Буџетот како економска категорија во најголема мера се дискутира транспарентно во сите академски и други институции, но како политичко-социјална категорија се дискутира ексклузивно во државните владини институции.

Во Македонија државниот буџет има две нивоа: буџет на државата (кој ги вклучува и буџетите на независните фондови) и буџети на единиците на локалната самоуправа. Со цел да се утврдат вкупните приходи и трошоци, овие буџети се сумираат и се претставуваат како единствен државен буџет.

- јакнење на капацитетите за борба против организираниот криминал и корупцијата;
- остварувањето на Законот на кривична процедура.

Имајќи ја предвид чувствителноста на феноменот а особено неговата поврзаност со следење на случаи на корупција и утврдување на можностите за ефикасна борба против корупцијата, таа треба да се реализира и имплементира на неполитички, неутрален, независен, фер, транспарентен и пред се, на законски начин.

Државата која нема законски механизми (кои се почитуваат и спроведуваат) за спречување на корупцијата кај службениците е осудена на пропаст. Важна улога во спречувањето на корупцијата има и менталитетот на народот.

Постмодерната демократија произлегува од постулатот дека јавноста има право да знае се за финансиите и имотот на преставниците на политичкиот живот.

Слободните граѓани мора да имаат гаранција дека оној кој располага со нивните пари и кој им пропишува обврски не е корумпиран а политичарите имаат обврска на граѓаните да им ги пружат тие податоци.

Соработката на локално, регионално и меѓународно ниво против корупцијата не може да биде успешна доколку не е организирана и регулирана на единствен начин на национално и меѓународно ниво.

Успешната борба против корупцијата и организираниот криминал во целина, бара општ третман, континуитет, издржливост и сила во спроведувањето врз основа на претходно познати правила и одговорности. Меѓу основните елементи на борбата против корупцијата може да се издвојат: недвосмислена определба и решителност на политичкото раководство на земјата и на сите нивни органи против корупцијата;

институционално организирање и соработка на локално, регионално и меѓународно ниво против корупцијата; гаранција за одговорност на сите оние во државната администрација, влада, партии, кои се вмешани во корупција; реформирање на полицијата и судството во правец на организирање на специјализирани органи за борба против организираниот криминал и посебно на корупцијата, итн. Во овој случај треба да се нагласи и улогата на медиумите и на невладините организации во борбата против корупцијата.

Два институционални механизма се основни во помошта што ја даваат во борбата против корупција во новите демократии: Прво, силни, агресивни и независни медиуми и, второ - живо и развиено граѓанско општество со невладини организации и групи од јавен интерес. Еден голем дел од оваа аудиенција ја сочинуваат обвинители и адвокати кои знаат дека корупцијата често не се гони и не може кривично да се гони.

Понекогаш, службениците кои се занимаваат со задолжително спроведување на законите се самите корумпирани. Во едно граѓанско општество треба да има еден друг начин за дискутирање и третирање на корупцијата, нагласуваат некои автори. Корупцијата вплеткана, на пример, во тендери, може да се открие и да се спречи со разни акции на медиумите. Отворен тендер е преферирана процедура за договори во јавниот сектор. Избирачки тендер, во кој претходно избраните фирми се повикуваат да ги дадат понудите, може да се дозволи од соодветен орган во посебни околности - кога производот е премногу специјализиран и комплексен или, пак, во случаи кога има ограничен снабдувачки број на одредени стоки или услуги. Тендер со една фирма, кога една единствена фирма се повикува да даде своја понуда без претходно јавно информирање, може да се дозволи од Банка во вонредни случаи - на пример: во случај на проширување на веќе постоечкиот договор, или, пак, кога еден производ може да се снабди од еден единствен снабдувач поради способностите или ексклузивните права.

Последиците од корупција, односно нејзините економски и социјални ефекти, се сериозен тест за секое општество. Товарот на последиците од корупцијата во некое конкретно општество зависи од голем број на фактори. Последиците од корупцијата зависат од видот на корупцијата што доминира во соодветната држава. Корупцијата произведува сиромаштија и општ пад на економијата, проследено со општествено незадоволство во однос на реформите за демократскиот развој, доведува до намалување на ефективност на функционирањето на државната власт и минимизирање на вербата на граѓаните во органите на државните јавни служби. Проблемите околу борбата и откривањето на корупција се многу сложени и

предизвикани од различни политички, правни, економски и општествени фактори во целина. Решавањето и надминувањето на проблемите кои се појавени како пречка во откривањето и борбата против организираниот криминал и, посебно, против корупцијата, се постигнува преку комплексен државен и општествен третман, вклучувајќи: анализа на постоечката состојба на оваа појава; обврски на политичката активност и вкупните стремежи во оваа област; специфични мерки против организираниот криминал и, посебно, против корупцијата; формирање на специјализирани антикорупциски институции; целосна соработка на органите за откривање, истрага и судење; законско регулирање на посебните овластувања на одредени органи и организации во откривањето и борбата против корупцијата; ефектно спроведување на законите и мерките во контролата на институциите; системски програмирана превенција на корупцијата; добро владеење, администрирање и целосна законитост во извршувањето на функцијата на правните органи, на полицијата, царините, инспекциите, владините и локалните органи; научен и професионален пристап во откривањето и борба против корупцијата, едукација на јавноста и мобилизација на медиумите во спречувањето и борбата против организираниот криминал во целина и, посебно, против корупцијата.

Органите како што е нашата Антикорупциска комисија треба безусловно да инсистираат на почитување на законитоста, објективноста и непристрасноста. Не е важно која е личноста што е предмет на обработка, туку поради што станала предмет на обработка. И не смее да има ниедна пречка пред која комисијата би се повлекла и ниедна цена што комисијата не би ја платила за да ја доврши својата работа. Се разбира дека предуслов на сето ова е вистинска политичка волја за борба против корупцијата во земјата. За не баш добрите оценки во извештајот на Европската комисија за антикорупциските практики во Македонија виновникот е пронајден, овојпат во Законот за спречување на корупцијата. Бил застарен.

Една од главните измени и дополнувања што ни ги препорачуваат странците на Законот за спречување на корупцијата, веќе многупати менуван и дополнуван, е професионализација на функцијата „член на Државната комисија за спречување на корупцијата“. Со ова членовите на Комисијата ќе добијат повеќе време да ѝ се посветат на борбата против ова, не само кај нас метастазирано зло, што го јаде општественото ткиво, туку го јаде и државниот капитал, поточно народните пари, парите на даночните обврзници. - Една од препораките на Европската комисија е да се преиспита начинот на

вршење на функцијата од страна на членовите на Антикорупциската комисија што е и нормално по 10 години од носењето на првиот закон за спречување на корупцијата.

Истиот би требало да се преиспита и да се приспособи кон промените што ги прифатила меѓународната заедница. Дури и името да му се смени како што во регионов ги сретнуваме, "закони за интегритет" или за "добро владеење" и со нив со еден термин се опфаќа се - и корупцијата, и судирот на интереси, и доброто владеење и се друго од оваа област.

Значи, предусловите за успешно справување со коруцијата се однесуваат на:

1. Постоење политичка волја;
2. Сеопфатна примена на антикорупциски закони на сите теми на корупцијата, почнувајќи од највисоките органи;
3. Усккладеност на превентивни, репресивни и образовни мерки;
4. Транспаренстност, отвореност и непречено спроведување на стратегија за антикорупција, ослободена од стегите на власта;
5. Периодична евалуација на резултатите ;
6. Непречена соработка на јавниот и приватниот сектор, граѓанското општество и граѓаните, и медиумите.

## 5.1. Мултилатерални инструменти за превенција и борба против корупцијата

Имајќи ги предвид мултилатералните инструменти за превенција и борба против корупцијата сите имаат за цел:

*-Унапредување и зајакнување на најефикасен начин на мерките за спречување и борба против корупцијата;*

*-Унапредување, олеснување и поддршка на меѓународната соработка и техничка помош со цел спречување на корупцијата и за борба против неа вклучувајќи ги и враќањето на имотите;*

*-Унапредување на интегритетот, одговорноста и доброто управување со јавните работи и државен имот.*

Во прилог се наведени извесен број на Конвенции како што е Интерамериканската Конвенција против корупција усвоена од Организацијата на Американските држави на 29 март 1996 година, Конвенцијата за борба против корупција што се однесува на фиункционери на европските заедници и на функционери на

државите членки на Европската Унија усвоена од Советот на Европската Унија на 26 мај 1997година, Конвенција за борба против корупција на странските државни службеници во меѓународните трговски трансакции усвоена од Организацијата за соработка и економски развој на 21 ноември 1997 година, Казнената конвенција за корупција усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа на 27 јануари 1999 година, Цивилната конвенција за корупција усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа на 4 ноември 1999 година, Конвенцијата за превенција и борба против корупцијата усвоена од шефовите на Држави и влади на Африканската унија на 12 јули 2003 година, и Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал одржана на 29 септември 2003.

На 9-ти Декември, меѓународниот ден на борба против корупцијата, беше воспоставен систем за нулта толеранција за корупцијата, што е поткрепено со ратификација на Конвенцијата за борба против корупцијата на ООН (позната и како Конвенцијата од Мерида[3]). Истата, Македонија ја ратификувше на 13 април 2007 година[4].

Во 1992 година, Советот на Европа формира „Меѓудисциплинарна група за корупција", официјализирајќи ја на тој начин корупцијата како јавно прашање кое има потреба од посебно регулирање. Следеа и меѓународни тела. Во 1998 година, Меѓународниот Монетарен Фонд и Светската Банка ја прогласија борбата против корупција за еден од начините на добро економско администрирање. Ако корупцијата подолго време беше сфатена како константа на парадемократски и авторитарни режими, во демократските земји таа беше третирана како феномен од втора рака, како мало и случајно дисфункционирање.

Денес, нејзината појава премина од случајна во хронична состојба. Корупцијата стана општо средство на делување што се согледува во јавните и приватните институции, како и во нивните меѓудејствија. Третирањата на корупцијата на меѓународни конференции и симпозиуми, нејзиното регулирање со национални кривични законодавства, програмирање на антикорупциска борба, формирање на специјални служби и органи за борба против овој феномен на организиран криминал, изгледа како да ги "замаглува" или отежнува откривањето и успешната борба против оваа појава.

---

[3] Конвенција на Обединетите Нации против корупција, одржана од 9-12. 12. 2003 во Мерида, Мексико, со учество на 120 држави

[4] http://www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/signatories.html

Прашањата на борба против корупцијата може да се адресираат до државата, нејзините органи и институции, која не може, не смее, не знае или не сака да ги открие факторите и причините на корупција и да ги казни и спречи извршителите на овие злодела. Инаку корупцијата не може да се третира и согледува одделно од организираниот криминал. Така, се знае дека организираниот криминал е најголемата закана по политичката и економската стабилност на секоја земја, а следствено на тоа има последици и по регионалноста и по безбедноста на цела Европа.

Ваквата констатација е повторена на десетина пати од страна на официјалните меѓународни личности, нагласувајќи го прашањето на криминалот како еден од предизвиците за интегрирање на регионалните земји во Европската Унија. На една средба, како што беше Лондонската Конференција (Министерска Конференција на Европската Унија, одржана на 25 ноември 2002 година) посветена на организираниот криминал во Југоисточна Европа, учествуваа 300 личности кои ги претставуваа 57-те држави, каде што како приоритет беше нагласен развојот на способноста на Европската Унија да се спротивстави на заканата од организираниот криминал и спречување на активностите на криминалните групи во рамките или надвор од Европската Унија. Еден од заклучоците на европските официјални лица е дека Балканот во целина се оценува како порта преку која минуваат дрога, насилство и шверц. Средбата во Лондон беше повик до балканските земји за искрено партнерство во борбата против ова зло, но истовремено и двојна порака: "*доколку не сакате со нас, ние ќе ги заштитиме нашите граници*".

Организираниот криминал е комплициран и опасен општествен проблем и во најразвиените земји кои имаат техничко-организациони потешкотии во откривањето и борбата против ова зло. Најразвиените држави во светот, но и тие во транзиција се организираат за откривање и борба против организираниот криминал. Во разните меѓународни документи, во професионалните и научните третирања посветени на борбата против организираниот криминал треба да се разбере и издвои вклучувањето на корупцијата како едно од злоделата што во разни форми е во допир или се преплетува со сите форми на оваа појава.

Експертите проценуваат дека во Русија "организација" (мафија) контролира 35% од сите работни места или околу 50.000 претпријатија. Во Италија четири мафии држат под свое околу 15.000 луѓе и манипулираат околу 100.000 "соработници", а нивниот годишен промет е еднаков како оној на големата автомобилска групација "Фиат". Од

италијанските мафии, Sacra Corona Unita беа особено активни во трговијата со оружје, дрога и цигари и тоа со Црна Гора и Република Српска.

Нема прости или лесни форми на корупција. Таа постои во повеќе комплексни форми. По читањето на литературата и соодветните документи од другите конференции во однос на ова прашање, може да се каже дека овие појави биле дискутирани како општи црти. Единствени заеднички фактори за сите овие појави е дека тие се поврзуваат со еден вид на релативен профит, постојано се на штета на етичките вредности и се поврзани со позиции на власт и со моќ.

Многу земји, особено во Југоисточна Европа, донеле антикорупциски закони кои значат олеснување за новите пазарни економии во развој, елиминирајќи ја нечесната економска конкуренција на национално или меѓународно ниво на трговија. Истовремено, признавајќи ги социјалистичките корени и дивиот период на транзиција на пораст на криминалот и ниските национални приходи, се прават законски решенија за обезбедување чесност во потребните социјални служби.

Поставување на основи за изнаоѓање на превентивно прогностички механизам и ефективни методи за справувањето со корупцијата како и унапредување на соработката со соседните држави и пошироко во оваа област. На пример во Албанија, националната стратегија и акциониот план за борба против корупцијата биле производ на двегодишниот дијалог меѓу донаторската заедница и албанската Влада, што резултирал со стратегиски документ кој опфаќа пет области на реформи: реформа на јавната администрација, унапредување на законодавството, унапредување на управувањето со јавните средства, поголема транспарентност во деловните трансакции и информирање на јавноста и учество на граѓанското општество. Комплетната програма во Албанија е најнапредниот модел развиен во регионот и може да послужи како инспирација за идните комплетни програми во Југоисточна Европа. Нејзините ефекти се релевантни и надвор од границите на Албанија.

Хрватска, на пример, која се надева оти до 2012 година би можела да биде членка на Европската унија, според стандардите за корупција што важат за регионот, претставува „светла точка".

Организацијата Транспарентност, дури ја рангира оваа поранешна југословенска република на повисоко место од Грција, која е речиси 30 години членка на ЕУ, но од способноста на Хрватска да се пресмета со корупцијата може да зависи, како нејзиното влегување во Унијата, така и натамошното ширење на ЕУ кон просторот на поранешна Југославија.

Доколку Хрватска се покаже неуспешна да се пресмета со корупцијата и да го разреши тој проблем кај себе, тоа може да ги загрози и надежите на другите земји кои чекаат да влезат во редовите на Унијата, мислејќи тука на Македонија, Црна Гора, Србија, Албанија.

Ако пак процесот на проширување на Европската унија се закочи на Балканот, ќе биде мошне тешко тој да се одржува и во случајот на другите претенденти, и секако резултатите да се покажат пред јавноста. На повеќето владини програми за борба против корупцијата им недостига суштинската компонента: како да ја оддржат поддршката на јавноста и поддршката за реформите коишто се обидува да ги спроведе програмата. Непосредниот ефект од националните стратегии за борба против корупција е зголемување на очекувањата на јавноста за успех на реформите. Доколку овие почетни ефекти не се поддржани со опипливи и видливи резултати на кусорочен план, националните стратегии за борба против корупцијата ризикуваат да имаат, во голема мера, негативен ефект.

Програмата Против Корупција и Организиран Криминал во Југоисточна Европа на Советот на Европа, меѓу другото, препорачува:

*а.* Специфично Законодавство за Антикорупција:

Цел на донесување посебни антикорупциони закони е да се зголеми политичката и јавната свест за борба против корупцијата. Овие посебни закони ограничуваат однесувања кои се субјект на забранување на корупцијата и на општествените области кои се многу чувствителни кон корупцијата. Една од највообичаените карактеристики на ваков вид Законодавство е што главно предвидува: одговорност и должности на службените лица за да ги објават нивните примања и нивното богатство; забрана на конфликт на интереси; спречување на секаква можност за корупција во обвинителниот процес во владата; посебни административни санкции и истражни методи општо се познати преку овие закони, во некои случаи, специјална полиција и други антикорупциски органи или парламентарни комисии се формираат со цел да се набљудуваат активностите на органите за примена на законот и судските активности, како и да предлагаат нови стратегии за спречување.

*б.* Посебни истражни мерки:

Тоа е една општа состојба во процедуралниот закон на континентална Европа - истражните власти, откако започнала формална кривична процедура против

обвинетиот, имаат право на прислушување на комуникациите, да ги контролираат становите, локалите и лицата, и да ги конфискуваат потребните докази и приходите од криминалот доколку судските власти (на крајот од судењето) одлучат така; во итни ситуации, ваквите активности (некои од нив) може да се извршат во текот на предистражната фаза, со одобрување од страна на истражен или судски авторитет. Во една од Европските конвенции[5] се олеснува меѓународната соработка и реципрочната помош во истрагата околу криминалот, и во откривањето, секвестрацијата и конфискацијата на приходите од овој криминал. Конвенцијата се стреми да им помогне на земјите да достигнат повисок степен на ефикасност и во услови на недостаток на целосно законско усогласување. Страните посебно се ангажираат - казнување на перењето приходи од криминал и конфискација на средства и приходи (или имот чија вредност кореспондира со овие приходи).

*в.* Заради меѓународна соработка, оваа Конвенција предвидува: разни истражни облици (на пример: помош при собирање на докази, давање информации на друга земја без да бидат побарани од таа земја, примена на заеднички истражни техники, укинување на банкарска тајност, итн.); замрзнување на банкарски сметки, секвестрација на стоката за да се спречи нејзино префрлување; мерки за конфискување на обезбедени приходи преку криминал - извршувањето на една земја на барање за конфискација направена од друга земја, започнување во една земја на процедури кои водат до конфискација врз основа на барање на друга земја, итн. Но, сепак, ваквите мерки и методи не се многу ефикасни каде истражителите се соочуваат со терористички активности, организиран криминал или широка корупција.

Треба да се нагласи дека Конвенцијата на Организацијата на Обединетите Нации против корупција (Маневски, 2005, стр. 21) ексклузивно предвидува дека сите држави се обврзани да ја спречат корупцијата и дека е потребна неопходност од меѓусебна соработка. Во една од одредбите на оваа конвенција се ограничуваат сфаќањата на некои термини како "државен работник" (секое лице кое има законски, извршен, административен или судски мандат во некоја земја, кое било именувано или избрано на одредено или неодредено време, со плата или без плата, независно од хиерархиското ниво; секое лице што извршува јавна функција, вклучувајќи ги и

[5] Конвенцијата на Советот на Европа во однос на перењето, откривањето, секвестрацијата и конфискацијата на приходи од криминал, стапи во сила на 1 септември 1993 година.

државниот орган или јавната организација, или оние што нудат јавни услуги, онака како што овие термини се дефинираат во националното право; и секое друго лице дефинирано како "државен работник" во националното право на некоја држава); "странски државен работник" (секое лице кое има законски, извршен, административен или судски мандат на некоја странска држава, што го именувала или избрала, и секое лице што извршува јавна функција за некоја странска земја, вклучувајќи државен орган или јавна организација; "функционер на јавна меѓународна организација" (меѓународен функционер или секое лице овластено од страна на ваквите организации за да дејствуваат во нејзино име); "приходи од криминал" (секое богатство што има директно или индиректно потекло од некое дело или е добиено преку директно или индиректно вршење на овој криминал); "конфискација" (постојано земање на профит врз основа на одлука на суд или некој друг надлежен орган, итн.; "контролирани пратки" (метода која овозможува излегување од територијата, преминување низ територија или влегување во територијата на една или повеќе држави, на недозволен или сомнителен начин, под контрола на надлежните органи на тие земји, со цел - вршење на истраги поради некое дело и идентификација на лице инволвирано во нивното реализирање, итн.

Конвенцијата бара од земјите да воспостават кривични и други казнени дела за покривање на широк спектар на дела на корупција, ако тие не се веќе кривични дела според домашното право. Таа ги надминува претходните инструменти од овој вид, не само криминализација на основните форми на корупција како што се митото и проневера на јавните фондови, туку и противзаконско посредување и прикривање и перењето на приносите од корупција. Прекршоци извршени во поддршка на корупцијата, вклучувајќи ги и перење пари и попречување на правдата, се исто така предвидени.

*г.* Создавање на Антикорупциски Механизам: како последица на зголемување на совеста во однос на корупцијата, голем број на земји развиле, или сеуште се во развојна фаза на посебни антикорупциски власти и посебни програми заради зацврстување на борбата, за спречување и координирање, вклучувајќи ја и меѓународната соработка против корупцијата.

Специјализираните единици се дел од законските и институционалните реформи, кои имаат за цел спроведување на таквите обврски-мерки според иницијативите на антикорупцијата што се преземени од секоја влада. Формирањето на специјализирани единици е спроведено во разни институции, но

најмногу во органите за спроведување на законот, во органите за кривично гонење, јавните обвинителства, Министерството за финансии, итн.

Нивна главна задача е да превземат посебни процедури, применувајќи посебни мерки во борбата за спречување на корупцијата како феномен во рамките на сферата на нивната активност.

## 6. Мерење на корупцијата

Трошоците за корупција едноставно не можат да се измерат. Некои експерти ја користат регресијата, анализата и други емпириски методи. Тоа е практично невозможно да се пресмета зошто плаќањето мито не е јавно евидентирано. Никој не знае точно колку пари се "инвестираат" во корумпираните службеници годишно.

Значи, корупцијата е тешко да се измери затоа што е тешко да се открие. Всушност, таа е незаконска активност, која учесниците имаат тенденција да ја сокријат. Мерење на корупцијата е дотолку потешко и заради фактот што парите не се единственото средство за поткуп. Тоа може да бидат и различни подароци, бенефиции, привилегии...

Денес, со корупција се занимаваат и настојуваат да ја измерат многу меѓународни институции и невладини организации. Кога ќе се споредат резултатите на 12 светски познати мерења на корупцијата, се забележува дека корупцијата е највисока во Заедницата на независни држави (некогашниот СССР), потоа во Суб-Сахарска Африка и Јужна Азија, потоа во Латинска Америка, Централна и Источна Европа и балтичките земји. Интересно е дека после овие земји доаѓаат оние од Блискиот Исток и Северна Африка. Корупцијата е најниска во земјите членки на OCDE[6].

Корупцијата ја проценуваат и некои големи светски агенции и поголеми банки, како што се Global Competitive Survey, Political Risk Services, World Bank, Economist Intelligence Unit, Gallup International.

Според една студија на Светската Банка, како најкорумпирани се издвоени царинските службеници, по што следат оние во правдата и полицијата. Некои проучувани податоци, професионално и научно анализирани во однос на состојбата и движењето на корупцијата во една земја, ја илустрираат и отсликуваат оваа појава на доволен начин за оценување и програмирање на мерки за спречување и борба против корупцијата. И

подоцнежните извршени проучувања, извештаите на домашните и странските набљудувачки институции, покажуваат дека корупцијата тешко и наштетува на економијата на државата и влијае на намалувањето на ефективноста на борбата против организираниот криминал. Примањето мито од страна на службениците стана многу вообичаено.

Во модерната демократија, моќта на раководните тела е вродена во политичкиот мандат даден од народот. Моќта е доверена и таа би требало да се користи за доброто на општеството во целост, а не за лична корист на поединец кој ја држи. Така корупцијата - злоупотреба за приватни добивка - по себе е контрадикторна и неусогласена со демократија. Тоа не значи дека, корупцијата не може да се најде во демократските системи. Искушението останува предизвик насекаде. Тоа е причината зошто е уште поважно да се постават механизми за контрола да се спречат луѓето да ја злоупотребуваат својата моќ, како што ТИ се обидува да го стори. Таквите механизми полесно се подготвуваат и воведуват во основаните демократски системи отколку во новите демократски или недемократските.

Според Transparency International[7] (ТИ), Индексот на перцепција на корупцијата (CPI) го мери реалното ниво на корупција во јавниот сектор во 180 земји и територии во светот. Индексот е креиран врз база на "преглед на студии", од 13 различни стручни и бизнис истражувања. Од своето основање во 1993 година, ТИ игра улога за изградба на анти-корупција движење, ја подига свеста и ги намалува апатијата и толеранцијата. ТИ е глобална мрежа вклучувајќи повеќе од 90 национални формации. Овие тела се борат против корупцијата во националната арена на различни начини. Промовира транспарентност во избори, во јавната администрација, во набавката и во бизнисот.

Што претставува индексот на перцепција на корупцијата (ИПК)?

Индексот за перцепција на корупцијата ги рангира земјите според перцепцијата на корупција во јавниот сектор. Агрегираниот, вкупниот показател комбинира различни извори на информации за корупцијата, што ја прави возможна споредбата на земјите. Во 2010 година Индексот се базира на различни проценки и бизнис мислења и анкети

---

[6] Организација за економска соработка и развој која брои 29 најразвиени земји од Европа, Америка, Азија

[7] Глобална организација на граѓанското општество која води борбата против корупцијата, со цел да стави крај на растурањето на влијанието на корупцијата во светот. Мисијата на организацијата е е да се создаде промена кон светот без корупција. Во понатамошниот текст ТИ

вршени преку независни и респектирани институции. Тој опфаќа информации за административни и политички аспекти на корупцијата.

### 6.1 Што велат податоците од истажувањата?

Комплексноста на проблемот укажува на потребата од истражувања и трендовско следење на состојбата со конкретни оценки и редослед на земјите според нивото на корупција.

Транспаренси интернешнал (ТИ) е глобална граѓанска организација која се бори против корупцијата. Низ целиот свет со повеќе од 90 места и меѓународен секретаријат во Берлин, ТИ ја крева свеста за штетните ефекти од корупцијата и работи со партнери во владата, бизнисот и граѓанското општество за развивање и спроведување на ефективни мерки за да се справи со неа. Секој обид е направен за да ја провери точноста на информациите содржани во извештаите. Владите трошат огромни суми за да се справат со најголемите проблеми во светот, од нестабилност на финансиските пазари до климатските промени и сиромаштијата, но корупцијата останува пречка за постигнување на многу потребниот напредок.

Во 2010 година индексот на перцепција на корупцијата покажува дека речиси три четвртини од 178 земји се со резултат под пет (5), на скалата од 10 (многу чисто) до 0 (високо корумпирани). Овие резултати укажуваат на сериозни проблеми со корупцијата. Да се справат со овие предизвици, владите треба да ги интегрираат антикорупциските мерки во сите сфери. Транспаренси Интернешнал се залага за построга примена на Конвенцијата на ОН против корупцијата, единствена глобална иницијатива која обезбедува рамка за ставање крај на корупцијата.

Генерално, истражувањата и проценките за да го искреираат индексот вклучуваат прашања во врска со поткупот на државни службеници, мито во јавните набавки, проневера на јавните фондови, како и прашања со кои ја испитуваме силата и ефикасноста на јавниот сектор, за антикорупциските напори. Земја или територија, да биде вклучена во креирањето на индексот треба да одговори на минимум три од изворите што ТИ ги користи за проценка. Креирањето на индексот зависи единствено од достапноста на информациите. Корупцијата е во голема мера скриена активност која е тешко да се измери. Со текот на времето, перцепцијата се покажа како веродостојна проценка на корупцијата.

Мерење на скандали, обвиненија или истраги, рефлектираат помалку за распространетоста на корупцијата во една земја, наспроти други фактори, како што се слободата на печатот или ефикасноста на судскиот систем. ТИ смета дека од клучна важност за да се измери корупцијата и интегритетот во јавниот и приватниот сектор на глобално, национално и локално ниво е токму индексот како алатка за мерење.

Најновото истражување на Транспаренси интернешенал во светот покажува дека корупцијата ширум светот е во пораст. Еден на четворица испитаници пријавиле дека платиле мито, се вели во годишниот извештај на организацијата со седиште во Берлин.

Најнегативен тренд на корупција има во Европа и во Северна Америка, каде влијанието по глобалната финансиска криза продолжува да се одразува врз јавното мислење. Дури 73% од Европејците и 76% од Американците сметаат дека има пораст на корупцијата.

Во однос на Македонија, извештајот на Транспаренси наведува дека на прашањето дали во изминатите три години има промена на нивото на корупција во земјата, 46% испитаници одговориле дека има зголемување, 26% дека има намалување, додека дека е на исто ниво - одговориле 29%.

Македонија е една од 20-те земји во светот во која има значително зголемување на ситен поткуп од 2006-та - наваму, заедно со Чиле, Колумбија, Нигерија, Полска, Русија, Сенегал, Тајланд. Кај сиромашните луѓе има двапати поголеми шанси да земат поткуп за основни потреби, отколку кај богатите.

Жителите од областа во Африка под Сахара најмногу плаќаат за поткуп. Околу половина од испитаниците одговориле дека дале поткуп во изминатите 12 месеци.

Истражувањето покажа дека повеќе од 140 милијарди долари биле проневерени по илегалниот пат на корупцијата во африканските нации – од политичари, војници, бизнисмени и други.[8]. Секоја држава игра улога во борбата против корупцијата и одржувањето на највисоки стандарди на транспарентност. Земјите од Г-20 минатиот месец се договорија за усвојување на акциониот план за сузбивање на корупцијата.

Најновото глобално истражување на ТИ за 2010 година се однесува на индексот кој мери степен на корупцијата во јавниот сектор. Резултатите за 2010 година се извлечени од 13 истражувања и проценки објавени во периодот од јануари 2009 година и септември 2010 година.

---

[8] http://www.transparency.org/policy_research/surveys_indices/

Индексот во 2010 година опфаќа две земји помалку од минатогодишното издание. Прилагодувањата се однесуваат на покривањето да се вклучи Косово за прв пат, но доведе до исклучување на Света Луција, Свети Винсент и Гренадини, и Суринам, за кои само два извори на информации беа достапни.

На следната табела се прикажани индексите на перцепција на корупцијата за 2010 година, за земјите од источна Европа и централна Азија.

Македонија, на листата од вкупно 20 земји од источна Европа и централна Азија се наоѓа на второто место веднаш зад прворангираната Турција.

Табела 1. Индекс на перцепција на корупцијата за 2010 година, за земјите од источна Европа и централна Азија. Истражување на Транспаренси Интернешнал

| **ИСТОЧНА ЕВРОПА И ЦЕНТРАЛНА АЗИЈА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Ранг (светски) од 178 земји** | **Ранг (во регионот)** | **земја/ територија** | **Индекс на перцепција на корупцијата за 2010 година** |
| 56 | 1 | Турција | 4.4 |
| 62 | 2 | Хрватска | 4.1 |
| **62** | **2** | **Македонија** | **4.1** |
| 68 | 4 | Грузија | 3.8 |
| 69 | 5 | Црна Гора | 3.7 |
| 78 | 6 | Србија | 3.5 |
| 87 | 7 | Албанија | 3.3 |
| 91 | 8 | Босна и Херцеговина | 3.2 |
| 105 | 9 | Казахстан | 2.9 |
| 105 | 9 | Молдавија | 2.9 |
| 110 | 11 | Косово | 2.8 |
| 123 | 12 | Ерменија | 2.6 |
| 127 | 13 | Белорусија | 2.5 |
| 134 | 14 | Азербејџан | 2.4 |
| 134 | 14 | Украина | 2.4 |
| 154 | 16 | Русија | 2.1 |
| 154 | 16 | Таџикистан | 2.1 |
| 164 | 18 | Киргистран | 2.0 |
| 172 | 19 | Туркменистан | 1.6 |
| 172 | 19 | Узбекистан | 1.6 |

### 6.1.1 Каде е најраширена корупцијата?

Индексот за перцепција на корупцијата (ИПК), се објавува еднаш годишно од страна на Транспаренси интернешнал и се чини дека тоа е за да се потврди стереотипното сфаќање дека корупцијата е проблем претежно на југ. Додека скандинавските земји се на врвот, поголемиот дел од суб-сахарска Африка редовно е на дното (според Индексот за 2008 година - Сомалија и Мјанмар се најкорумпираните земји во светот). Тоа не само што би било погрешно да се заклучи туку би било контрапродуктивно. Тој е средство за да се подигне јавната свест за проблемот и да се промовира подобро владеење. Корупцијата колку што е проблем на север толку е и на југ. Неодамнешните скандали во Германија, Франција, Јапонија, САД или Велика Британија го потврдуваат тоа. Тоа е добро уредено со проверки и контроли што ја прави разликата во процентот. Луѓето се корумпирани бидејќи системот им овозможува да бидат. Тоа е местото каде што има искушение и попустливост, па корупцијата зема широк размер. Една ваква средина има во новите демократии на југ и исток. Во диктаторските системи, во меѓувреме, административните и политичките институции продолжуваат со корупртивните практики.

За среќа, од 1999 година, ОЕЦД-Конвенцијата против корупцијата, направи поткупот на странски функционер да биде кривично дело.

Британската фонографска индустрија обезбедува статистички докази кои бизнис сектори се најмногу склони кон корупција. Според овие резултати, проблемот на корупцијата особено преовладува во јавни работи и изградбата, а потоа во одбранбената индустрија. Секторот со најмалку откриена корупција беше земјоделството.

Во целиот свет, корупцијата влијае врз животот на луѓето на многу начини. Во безброј случаи, по цена на нивната слобода, здравје или пари. Тоа има сериозни глобални последици, затрупувајќи милиони во сиромаштија и мизерија како и размножување социјални, економски и политички немири. Корупцијата е и причина за сиромаштијата, како и пречка за тоа надминување.

Корупцијата царува каде искушението коегзистира со толеранцијата каде институционални проверки на моќ се водат за исчезнати, каде донесените одлуки остануваат нејасни, каде што има голема нееднаквост во распределбата на богатството осудувајќи ги луѓето да живеат во сиромаштија, а корупртивните практики цветаат.

Некои велат дека давање и земање во јавното царство е нормална традиција во многу не-западни култури. Дебатата за културниот релативизам и нео-колонијализмот е

оспорена, концептите како постапки за јавни набавки се непознати поими, поткуп на државни службеници за да се обезбедат договори за јавни работи, не постои. Аватарот на давање е дел од преговорите и градење на односи во некои делови на светот. Но, културниот релативизам завршува кога Швајцарската банкарска сметка влегува на местото на настанот. Тоа е прашање на степен: не постојат граници во културите над кои акциите стануваат корумпирани и неприфатливи.

Тоа е токму со цел да се земат предвид културните разлики со кои ТИ има развиено свој национален систем. Луѓето закотвени во нивните општества имаат најдобра смисла на она што е вообичаено, и она што е кршење на правило. Јасно е дека злоупотреба на власта за лична корист е неприфатливо во сите култури и општества.

Со оглед на методологијата, ИПК не е алатка која е погодна за тренд анализа или за следење на промените во согледувањето на нивоа на корупција во текот на времето за сите земји. Од година во година промените во резултатот може да резултира од промена во перцепциите на перформансите на земјата, промена во рангирањето обезбедени од страна на оригиналните извори или промени во методологијата што произлегуваат од напорите на ТИ за подобрување на индексот.

Ако од земјата се користат повеќе извори на податоци тогаш тие извори можат да се користат да се утврди дали има промена во нивото на корупцијата во одредена земја во однос на претходната година. ТИ ги користи овие извори да го процени напредокот на земјата во текот на изминатата година и да се идентификува она што може да се смета да биде промена во перцепција на корупцијата. Овие проценки користат два критериуми: промена од најмалку 0,3 поени во резултатот на една земја, и насоката на оваа промена е потврдена од повеќе од половина од изворите на податоци за оценување на таа земја.

На следната табела (табела 2) се прикажани индексите на перцепција на корупцијата за 2010 година, за сите 178 земји во светот, кои земаа учество во истражувањето на Транспаренси Интернешнал.

Врз основа на веќе споменатите критериуми, се забележуваат извесни промени со придвижувањето односно справувањето со корупцијата.

Земјите кои покажаа подобрување од 2009г. во 2010г. се: Бутан, Чиле, Еквадор, **Македонија**, Гамбија, Хаити, Јамајка, Кувајт и Катар. Следните земји покажаа влошување 2009-2010: Чешка, Грција, Унгарија, Италија, Мадагаскар, Нигер и САД.

Извештајот за 2009 година (табела 3) покажа дека Данска, Нов Зеланд и Сингапур се врзани на врвот на листата со резултат од 9,3, а потоа следат Финска и Шведска со

9,2. На дното е Сомалија, со резултат од 1,1, малку заостанува во Мјанмар и во Авганистан 1,4 и Ирак 1,5. Значајни опаѓања во текот на претходната година има кај некои од земјите најмногу погодени од финансиската криза. И покрај некои подобрувања во однос на претходните години, општото отсуство на ОЕЦД држави (Организација за економска соработка и развој)[9] го потврдува фактот дека сите земји треба да ги поткрепат своите механизми за добро владеење. Поракота е јасна: низ целиот свет, транспарентност и одговорност се од клучно значење за враќање на довербата и враќање кон борбата против корупцијата. Без нив, глобалните политички решенија за многу глобални кризи се изложени на ризик.

Македонија на индекс листата (во 2009г.) се наоѓаше на 71 место. На ова место имаше повеќе земји кои делат ист индексен поен. Местото што го зазема некоја земја на светската листа за индекс на перцепција на корупцијата влијае врз бизнис заедницата и инвестирањето, иако самата корупција нема економска цена. Токму 2009 година, кај Македонија е забележан највисокиот индексен поен во однос од 2008г. (3.6), 2007г. (3.3), 2006г., 2005г., 2004г., (2.7), и 2003г. (2.3), (табела 3).

Од регионот на Западен Балкан, Македонија го делеше местото со Бугарија, Грција и Романија. Зад Македонија беа Србија, Албанија БиХ, додека пред Македонија котираа Црна Гора и Хрватска. Македонија првпат беше рангирана на оваа листа во 1999 година и тогаш го заземаше 65-то место.

Извештајот на ТИ истовремено се објавува во цел свет.

Водечка во светот е Нов Зеланд со индекс од 9.4, второ место е Данска со 9.3 и третото место го делат Сингапур и Шведска. Натаму се повторно скандинавските земји, Швајцарија, Финска, Холандија..итн. Во извештајот се вели дека во централно-азиските и јужните кавкаски републики постои заштитнички однос кон корупцијата, што резултирало со ниски оценки за нив. Кај Русија и Белорусија постои опаѓање на индексот на перцепција на корупцијата, посочувајки на сериозни проблеми. Падот на листата може да се поврзе со намалување на транспарентноста во владините активности во последните години, пропаѓањето на дел од независните медиуми и тоа што неколку невладини организации во Русија и Белорусија биле забранети.

[9] Организација за економска соработка и развој има за цел помагање на економскиот просперитет и на финансиската стабилност на државите

Подобрувања се забележани во Украина, што може да биде резултат на новата администрација што дојде на власт по “портокаловата револуција”, одбивноста од неправедните избори и демократските транзиции што следеа потоа. Посткомунистичките земји во Источна Европа, кои се влезени во процесот на пристапување кон ЕУ, имаат подобри резултати од оние кои не се во тој процес, што го покажува позитивното влијание на евроинтеграциите во борбата против корупцијата. Подобрувања има и Чешка.

Во Македонија досега имало осум истражувања (од 2003г. до 2010г). ТИ во Македонија соработувала со првата приватна агенција за истражување на јавно мислење, членка на Gallup International, **Брима** Gallup International[10] во изготвување на Извештајот на ТИ за корупција -Report on the Transparency International Global Corruption Barometer 2007, 2009, 2010, со податоци за Македонија.

[10] http://www.transparency.org/policy_research/surveys_indices/gcb/2007

Табела 2. Приказ на индексите на перцепција на корупцијата за 2010 година, во 178 земји во светот. Истражување на Транспаренси Интернешнал

| РАНГ | ЗЕМЈА/ТЕРИТОРИЈА | СКОР |
|---|---|---|
| 1 | Данска | 9.3 |
| 1 | Нов Зеланд | 9.3 |
| 1 | Сингапур | 9.3 |
| 4 | Финска | 9.2 |
| 4 | Шведска | 9.2 |
| 6 | Канада | 8.9 |
| 7 | Холандија | 8.8 |
| 8 | Австралија | 8.7 |
| 8 | Швајцарија | 8.7 |
| 10 | Норвешка | 8.6 |
| 11 | Исланд | 8.5 |
| 11 | Луксембург | 8.5 |
| 13 | Хонг Конг | 8.4 |
| 14 | Ирска | 8.0 |
| 15 | Австрија | 7.9 |
| 15 | Германија | 7.9 |
| 17 | Барбадос | 7.8 |
| 17 | Јапонија | 7.8 |
| 19 | Катар | 7.7 |
| 20 | Велика Британија | 7.6 |
| 21 | Чиле | 7.2 |
| 22 | Белгија | 7.1 |
| 22 | САД | 7.1 |
| 24 | Уругвај | 6.9 |
| 25 | Франција | 6.8 |

| | | |
|---|---|---|
| 26 | Естонија | 6.5 |
| 27 | Словенија | 6.4 |
| 28 | Кипар | 6.3 |
| 28 | Обединетите Арапски Емирати | 6.3 |
| 30 | Израел | 6.1 |
| 30 | Шпанија | 6.1 |
| 32 | Португалија | 6.0 |
| 33 | Боцвана | 5.8 |
| 33 | Порторико | 5.8 |
| 33 | Тајван | 5.8 |
| 36 | Бутан | 5.7 |
| 37 | Малта | 5.6 |
| 38 | Брунеи | 5.5 |
| 39 | Кореја (Јужна) | 5.4 |
| 39 | Маурициус | 5.4 |
| 41 | Костарика | 5.3 |
| 41 | Оман | 5.3 |
| 41 | Полска | 5.3 |
| 44 | Доминика | 5.2 |
| 45 | Зелено'ртски Острови | 5.1 |
| 46 | Литванија | 5.0 |
| 46 | Макао | 5.0 |
| 48 | Бахреин | 4.9 |
| 49 | Сејшели | 4.8 |
| 50 | Унгарија | 4.7 |
| 50 | Јордан | 4.7 |
| 50 | Саудиска Арабија | 4.7 |
| 53 | Чешка Република | 4.6 |
| 54 | Кувајт | 4.5 |
| 54 | Јужна Африка | 4.5 |
| 56 | Малезија | 4.4 |

| | | |
|---|---|---|
| 56 | Намибија | 4.4 |
| 56 | Турција | 4.4 |
| 59 | Латвија | 4.3 |
| 59 | Словачка | 4.3 |
| 59 | Тунис | 4.3 |
| 62 | Хрватска | 4.1 |
| **62** | **Македонија** | **4.1** |
| 62 | Гана | 4.1 |
| 62 | Самоа | 4.1 |
| 66 | Руанда | 4.0 |
| 67 | Италија | 3.9 |
| 68 | Грузија | 3.8 |
| 69 | Бразил | 3.7 |
| 69 | Куба | 3.7 |
| 69 | Црна Гора | 3.7 |
| 69 | Романија | 3.7 |
| 73 | Бугарија | 3.6 |
| 73 | Ел Салвадор | 3.6 |
| 73 | Панама | 3.6 |
| 73 | Тринидад и Тобаго | 3.6 |
| 73 | Ванату | 3.6 |
| 78 | Кина | 3.5 |
| 78 | Колумбија | 3.5 |
| 78 | Грција | 3.5 |
| 78 | Лесото | 3.5 |
| 78 | Перу | 3.5 |
| 78 | Србија | 3.5 |
| 78 | Тајланд | 3.5 |
| 85 | Малави | 3.4 |
| 85 | Мароко | 3.4 |
| 87 | Албанија | 3.3 |

| | | |
|---|---|---|
| 87 | Индија | 3.3 |
| 87 | Јамајка | 3.3 |
| 87 | Либерија | 3.3 |
| 91 | Босна и Херцеговина | 3.2 |
| 91 | Џибути | 3.2 |
| 91 | Гамбија | 3.2 |
| 91 | Гватемала | 3.2 |
| 91 | Кирибати | 3.2 |
| 91 | Шри Ланка | 3.2 |
| 91 | Свазиленд | 3.2 |
| 98 | Буркина Фасо | 3.1 |
| 98 | Египет | 3.1 |
| 98 | Мексико | 3.1 |
| 101 | Доминиканска Република | 3.0 |
| 101 | Сао Томе и Принципе | 3.0 |
| 101 | Тонга | 3.0 |
| 101 | Замбија | 3.0 |
| 105 | Алжир | 2.9 |
| 105 | Аргентина | 2.9 |
| 105 | Казахстан | 2.9 |
| 105 | Молдавија | 2.9 |
| 105 | Сенегал | 2.9 |
| 110 | Бенин | 2.8 |
| 110 | Боливија | 2.8 |
| 110 | Габон | 2.8 |
| 110 | Индонезија | 2.8 |
| 110 | Косово | 2.8 |
| 110 | Соломоновите Острови | 2.8 |
| 116 | Етиопија | 2.7 |
| 116 | Гвајана | 2.7 |
| 116 | Мали | 2.7 |

| | | |
|---|---|---|
| 116 | Монголија | 2.7 |
| 116 | Мозамбик | 2.7 |
| 116 | Танзанија | 2.7 |
| 116 | Виетнам | 2.7 |
| 123 | Ерменија | 2.6 |
| 123 | Еритреја | 2.6 |
| 123 | Мадагаскар | 2.6 |
| 123 | Нигер | 2.6 |
| 127 | Белорусија | 2.5 |
| 127 | Еквадор | 2.5 |
| 127 | Либан | 2.5 |
| 127 | Никарагва | 2.5 |
| 127 | Сирија | 2.5 |
| 127 | Источен Тимор | 2.5 |
| 127 | Уганда | 2.5 |
| 134 | Азербејџан | 2.4 |
| 134 | Бангладеш | 2.4 |
| 134 | Хондурас | 2.4 |
| 134 | Нигерија | 2.4 |
| 134 | Филипини | 2.4 |
| 134 | Сиера Леоне | 2.4 |
| 134 | Того | 2.4 |
| 134 | Украина | 2.4 |
| 134 | Зимбабве | 2.4 |
| 143 | Малдиви | 2.3 |
| 143 | Мавританија | 2.3 |
| 143 | Пакистан | 2.3 |
| 146 | Камерун | 2.2 |
| 146 | Брегот на Слоновата Коска | 2.2 |
| 146 | Хаити | 2.2 |
| 146 | Иран | 2.2 |

| | | |
|---|---|---|
| 146 | Либија | 2.2 |
| 146 | Непал | 2.2 |
| 146 | Парагвај | 2.2 |
| 146 | Јемен | 2.2 |
| 154 | Камбоџа | 2.1 |
| 154 | Централна Африканска Република | 2.1 |
| 154 | Коморос | 2.1 |
| 154 | Конго-Бразавил | 2.1 |
| 154 | Гвинеја-Бисао | 2.1 |
| 154 | Кенија | 2.1 |
| 154 | Лаос | 2.1 |
| 154 | Папуа Нова Гвинеја | 2.1 |
| 154 | Русија | 2.1 |
| 154 | Таџикистан | 2.1 |
| 164 | Демократска Република Конго | 2.0 |
| 164 | Гвинеја | 2.0 |
| 164 | Киргистан | 2.0 |
| 164 | Венецуела | 2.0 |
| 168 | Ангола | 1.9 |
| 168 | Екваторска Гвинеја | 1.9 |
| 170 | Бурунди | 1.8 |
| 171 | Чад | 1.7 |
| 172 | Судан | 1.6 |
| 172 | Туркменистан | 1.6 |
| 172 | Узбекистан | 1.6 |
| 175 | Ирак | 1.5 |
| 176 | Авганистан | 1.4 |
| 176 | Мјанмар | 1.4 |
| 178 | Сомалија | 1.1 |

Табела 3. Приказ на споредбени индекси на перцепција на корупцијата во 182 земји од светот, рангирано по земји)[11]

| Ранг 2009 | Земја/територија | индекс 2009 | 2008 | 2007 | 2006 | 2005 | 2004 | 2003 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | New Zealand | 9.4 | 9.3 | 9.4 | 9.6 | 9.6 | 9.5 | 9.5 | 9.4 |
| 2 | Denmark | 9.3 | 9.3 | 9.4 | 9.5 | 9.5 | 9.5 | 9.5 | 9.5 |
| 3 | Singapore | 9.2 | 9.2 | 9.3 | 9.2 | 9.3 | 9.4 | 9.4 | 9.4 |
| 3 | Sweden | 9.2 | 9.3 | 9.3 | 9.2 | 9.2 | 9.3 | 9.3 | 9.0 |
| 5 | Switzerland | 9.0 | 9.0 | 9.0 | 9.1 | 9.1 | 8.8 | 8.5 | 8.4 |
| 6 | Finland | 8.9 | 9.0 | 9.4 | 9.6 | 9.6 | 9.7 | 9.7 | 9.9 |
| 6 | Netherlands | 8.9 | 8.9 | 9.0 | 8.7 | 8.6 | 8.9 | 9.0 | 8.8 |
| 8 | Australia | 8.7 | 8.7 | 8.6 | 8.7 | 8.8 | 8.8 | 8.6 | 8.5 |
| 8 | Canada | 8.7 | 8.7 | 8.7 | 8.5 | 8.4 | 8.7 | 9.0 | 8.9 |
| 8 | Iceland | 8.7 | 8.9 | 9.2 | 9.6 | 9.7 | 9.6 | 9.4 | 9.2 |
| 11 | Norway | 8.6 | 7.9 | 8.7 | 8.8 | 8.9 | 8.8 | 8.5 | 8.6 |
| 12 | *Hong Kong* | 8.2 | 8.1 | 8.3 | 8.3 | 8.3 | 8.0 | 8.2 | 7.9 |
| 12 | Luxembourg | 8.2 | 8.3 | 8.4 | 8.6 | 8.5 | 8.7 | 9.0 | 8.7 |
| 14 | Germany | 8.0 | 7.9 | 7.8 | 8.0 | 8.2 | 7.7 | 7.3 | 7.4 |
| 14 | Ireland | 8.0 | 7.7 | 7.5 | 7.4 | 7.4 | 7.5 | 6.9 | 7.5 |
| 16 | Austria | 7.9 | 8.1 | 8.1 | 8.6 | 8.7 | 8.0 | 7.8 | 7.8 |
| 17 | Japan | 7.7 | 7.3 | 7.5 | 7.6 | 7.3 | 7.0 | 7.1 | 7.1 |
| 17 | United Kingdom | 7.7 | 7.7 | 8.4 | 8.6 | 8.6 | 8.6 | 8.7 | 8.3 |
| 19 | United States | 7.5 | 7.3 | 7.2 | 7.3 | 7.6 | 7.5 | 7.7 | 7.6 |
| 20 | Barbados | 7.4 | 7.0 | 6.9 | 6.7 | 6.9 | | | |
| 21 | Belgium | 7.1 | 7.3 | 7.1 | 7.3 | 7.4 | 7.6 | 7.1 | 6.6 |
| 22 | Qatar | 7.0 | 6.5 | 6.0 | 6.0 | 5.9 | 5.6 | | |
| 22 | Saint Lucia | 7.0 | 7.1 | 6.8 | | | | | |
| 24 | France | 6.9 | 6.9 | 7.3 | 7.4 | 7.5 | 6.9 | 6.3 | 6.7 |
| 89 | Moldova | 3.3 | 2.9 | 2.8 | 3.2 | 2.9 | 2.3 | 2.4 | 2.1 |
| 89 | Morocco | 3.3 | 3.5 | 3.5 | 3.2 | 3.2 | 3.2 | 3.3 | 3.7 |
| 89 | Rwanda | 3.3 | 3.0 | 2.8 | 2.5 | 3.1 | | | |
| 95 | Albania | 3.2 | 3.4 | 2.9 | 2.6 | 2.4 | 2.5 | 2.5 | 2.5 |
| 95 | Vanuatu | 3.2 | 2.9 | 3.1 | | | | | |
| 97 | Liberia | 3.1 | 2.4 | 2.1 | | 2.2 | | | |
| 97 | Sri Lanka | 3.1 | 3.2 | 3.2 | 3.1 | 3.2 | 3.5 | 3.4 | 3.7 |
| 99 | Bosnia and Herzegovina | 3.0 | 3.2 | 3.3 | 2.9 | 2.9 | 3.1 | 3.3 | |
| 99 | Dominican Republic | 3.0 | 3.0 | 3.0 | 2.8 | 3.0 | 2.9 | 3.3 | 3.5 |
| 99 | Jamaica | 3.0 | 3.1 | 3.3 | 3.7 | 3.6 | 3.3 | 3.8 | 4.0 |
| 99 | Madagascar | 3.0 | 3.4 | 3.2 | 3.1 | 2.8 | 3.1 | 2.6 | 1.7 |
| 99 | Senegal | 3.0 | 3.4 | 3.6 | 3.3 | 3.2 | 3.0 | 3.2 | 3.1 |
| 99 | Tonga | 3.0 | 2.4 | 1.7 | | | | | |
| 99 | Zambia | 3.0 | 2.8 | 2.6 | 2.6 | 2.6 | 2.6 | 2.5 | 2.6 |
| 106 | Argentina | 2.9 | 2.9 | 2.9 | 2.9 | 2.8 | 2.5 | 2.5 | 2.8 |
| 106 | Benin | 2.9 | 3.1 | 2.7 | 2.5 | 2.9 | 3.2 | | |
| 106 | Gabon | 2.9 | 3.1 | 3.3 | 3.0 | 2.9 | 3.3 | | |
| 106 | Gambia | 2.9 | 1.9 | 2.3 | 2.5 | 2.7 | 2.8 | 2.5 | |
| 106 | Niger | 2.9 | 2.8 | 2.6 | 2.3 | 2.4 | 2.2 | | |
| 111 | Algeria | 2.8 | 3.2 | 3.0 | 3.1 | 2.8 | 2.7 | 2.6 | |
| 111 | Djibouti | 2.8 | 3.0 | 2.9 | | | | | |
| 111 | Egypt | 2.8 | 2.8 | 2.9 | 3.3 | 3.4 | 3.2 | 3.3 | 3.4 |
| 111 | Indonesia | 2.8 | 2.6 | 2.3 | 2.4 | 2.2 | 2.0 | 1.9 | 1.9 |

[11] објавено од Transparency International

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 | Chile | 6.7 | 6.9 | 7.0 | 7.3 | 7.3 | 7.4 | 7.5 | 7.5 |
| 25 | Uruguay | 6.7 | 6.9 | 6.7 | 6.4 | 5.9 | 5.5 | 5.1 | 5.1 |
| 27 | Cyprus | 6.6 | 6.4 | 5.3 | 5.6 | 5.7 | 5.4 | 6.1 | |
| 27 | Estonia | 6.6 | 6.6 | 6.5 | 6.7 | 6.4 | 5.5 | 5.6 | 5.6 |
| 27 | Slovenia | 6.6 | 6.7 | 6.6 | 6.4 | 6.1 | 5.9 | 6.0 | 5.2 |
| 30 | United Arab Emirates | 6.5 | 5.9 | 5.7 | 6.2 | 6.2 | 6.1 | 5.2 | |
| 31 | Saint Vincent and the Grenadines | 6.4 | 6.5 | 6.1 | | | | | |
| 32 | Israel | 6.1 | 6.0 | 6.1 | 5.9 | 6.3 | 6.4 | 7.0 | 7.3 |
| 32 | Spain | 6.1 | 6.5 | 6.7 | 6.8 | 7.0 | 6.9 | 7.1 | 7.0 |
| 34 | Dominica | 5.9 | 6.0 | 5.6 | 4.5 | 3.0 | 2.9 | 3.3 | 3.2 |
| 35 | Portugal | 5.8 | 6.1 | 6.5 | 6.6 | 6.5 | 6.6 | 6.3 | 6.3 |
| 35 | *Puerto Rico* | 5.8 | 5.8 | | | | | | |
| 37 | Botswana | 5.6 | 5.8 | 5.4 | 5.6 | 5.9 | 6.0 | 5.7 | 6.4 |
| 37 | Taiwan | 5.6 | 5.7 | 5.7 | 5.9 | 5.9 | 5.6 | 5.7 | 5.6 |
| 39 | Brunei | 5.5 | | | | | | | |
| 39 | Oman | 5.5 | 5.5 | 4.7 | 5.4 | 6.3 | 6.1 | 6.3 | |
| 39 | South Korea | 5.5 | 5.6 | 5.1 | 5.1 | 5.0 | 4.5 | 4.3 | 4.5 |
| 42 | Mauritius | 5.4 | 5.5 | 4.7 | 5.1 | 4.2 | 4.1 | 4.4 | 4.5 |
| 43 | Costa Rica | 5.3 | 5.1 | 5.0 | 4.1 | 4.2 | 4.9 | 4.3 | 4.5 |
| 43 | *Macau* | 5.3 | 5.4 | 5.7 | 6.6 | | | | |
| 45 | Malta | 5.2 | 5.8 | 5.8 | 6.4 | 6.4 | | | |
| 46 | Bahrain | 5.1 | 5.4 | 5.0 | 5.7 | 5.8 | 5.8 | 6.1 | |
| 46 | Cape Verde | 5.1 | 5.1 | 4.9 | | | | | |
| 46 | Hungary | 5.1 | 5.1 | 5.3 | 5.2 | 5.0 | 4.8 | 4.8 | 4.9 |
| 49 | Bhutan | 5.0 | 5.4 | 5.0 | | | | | |
| 49 | Jordan | 5.0 | 5.1 | 4.7 | 5.3 | 5.7 | 5.3 | 4.6 | 4.5 |
| 49 | Poland | 5.0 | 4.6 | 4.2 | 3.7 | 3.4 | 3.5 | 3.6 | 4.0 |
| 52 | Czech Republic | 4.9 | 5.2 | 5.2 | 4.8 | 4.3 | 4.2 | 3.9 | 3.7 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 111 | Kiribati | 2.8 | 3.1 | 3.3 | 3.7 | | | | |
| 111 | Mali | 2.8 | 3.1 | 2.7 | 2.8 | 2.9 | 3.2 | 3.0 | |
| 111 | São Tomé and Príncipe | 2.8 | 2.7 | 2.7 | | | | | |
| 111 | Solomon Islands | 2.8 | 2.9 | 2.8 | | | | | |
| 111 | Togo | 2.8 | 2.7 | 2.3 | 2.4 | | | | |
| 120 | Armenia | 2.7 | 2.9 | 3.0 | 2.9 | 2.9 | 3.1 | 3.0 | |
| 120 | Bolivia | 2.7 | 3.0 | 2.9 | 2.7 | 2.5 | 2.2 | 2.3 | 2.2 |
| 120 | Ethiopia | 2.7 | 2.6 | 2.4 | 2.4 | 2.2 | 2.3 | 2.5 | 3.5 |
| 120 | Kazakhstan | 2.7 | 2.2 | 2.1 | 2.6 | 2.6 | 2.2 | 2.4 | 2.3 |
| 120 | Mongolia | 2.7 | 3.0 | 3.0 | 2.8 | 3.0 | 3.0 | | |
| 120 | Vietnam | 2.7 | 2.7 | 2.6 | 2.6 | 2.6 | 2.6 | 2.4 | 2.4 |
| 126 | Eritrea | 2.6 | 2.6 | 2.8 | 2.9 | 2.6 | 2.6 | | |
| 126 | Guyana | 2.6 | 2.6 | 2.6 | 2.5 | 2.5 | | | |
| 126 | Syria | 2.6 | 2.1 | 2.4 | 2.9 | 3.4 | 3.4 | 3.4 | |
| 126 | Tanzania | 2.6 | 3.0 | 3.2 | 2.9 | 2.9 | 2.8 | 2.5 | 2.7 |
| 130 | Honduras | 2.5 | 2.6 | 2.5 | 2.5 | 2.6 | 2.3 | 2.3 | 2.7 |
| 130 | Lebanon | 2.5 | 3.0 | 3.0 | 3.6 | 3.1 | 2.7 | 3.0 | |
| 130 | Libya | 2.5 | 2.6 | 2.5 | 2.7 | 2.5 | 2.5 | 2.1 | |
| 130 | Maldives | 2.5 | 2.8 | 3.3 | | | | | |
| 130 | Mauritania | 2.5 | 2.8 | 2.6 | 3.1 | | | | |
| 130 | Mozambique | 2.5 | 2.6 | 2.8 | 2.8 | 2.8 | 2.8 | 2.7 | |
| 130 | Nicaragua | 2.5 | 2.5 | 2.6 | 2.6 | 2.6 | 2.7 | 2.6 | 2.5 |
| 130 | Nigeria | 2.5 | 2.7 | 2.2 | 2.2 | 1.9 | 1.6 | 1.4 | 1.6 |
| 130 | Uganda | 2.5 | 2.6 | 2.8 | 2.7 | 2.5 | 2.6 | 2.2 | 2.1 |
| 139 | Bangladesh | 2.4 | 2.1 | 2.0 | 2.0 | 1.7 | 1.5 | 1.3 | 1.2 |
| 139 | Belarus | 2.4 | 2.0 | 2.1 | 2.1 | 2.6 | 3.3 | 4.2 | 4.8 |
| 139 | Pakistan | 2.4 | 2.5 | 2.4 | 2.2 | 2.1 | 2.1 | 2.5 | 2.6 |
| 139 | Philippines | 2.4 | 2.3 | 2.5 | 2.5 | 2.5 | 2.6 | 2.5 | 2.6 |
| 143 | Azerbaijan | 2.3 | 1.9 | 2.1 | 2.4 | 2.2 | 1.9 | 1.8 | 2.0 |
| 143 | Comoros | 2.3 | 2.5 | 2.6 | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 52 | Lithuania | 4.9 | 4.6 | 4.8 | 4.8 | 4.8 | 4.6 | 4.7 | 4.8 |
| 54 | Seychelles | 4.8 | 4.8 | 4.5 | 3.6 | 4.0 | 4.4 | | |
| 55 | South Africa | 4.7 | 4.9 | 5.1 | 4.6 | 4.5 | 4.6 | 4.4 | 4.8 |
| 56 | Latvia | 4.5 | 5.0 | 4.8 | 4.7 | 4.2 | 4.0 | 3.8 | 3.7 |
| 56 | Malaysia | 4.5 | 5.1 | 5.1 | 5.0 | 5.1 | 5.0 | 5.2 | 4.9 |
| 56 | Namibia | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 4.1 | 4.3 | 4.1 | 4.7 | 5.7 |
| 56 | Samoa | 4.5 | 4.4 | 4.5 | | | | | |
| 56 | Slovakia | 4.5 | 5.0 | 4.9 | 4.7 | 4.3 | 4.0 | 3.7 | 3.7 |
| 61 | Cuba | 4.4 | 4.3 | 4.2 | 3.5 | 3.8 | 3.7 | 4.6 | |
| 61 | Turkey | 4.4 | 4.6 | 4.1 | 3.8 | 3.5 | 3.2 | 3.1 | 3.2 |
| 63 | Italy | 4.3 | 4.8 | 5.2 | 6.2 | 6.2 | 5.2 | | |
| 63 | Saudi Arabia | 4.3 | 3.5 | 3.4 | 3.3 | 3.4 | 3.4 | 4.5 | |
| 65 | Tunisia | 4.2 | 4.4 | 4.2 | 4.6 | 4.9 | 5.0 | 4.9 | 4.8 |
| 66 | Croatia | 4.1 | 4.4 | 4.1 | 3.4 | 3.4 | 3.5 | 3.7 | 3.8 |
| 66 | Georgia | 4.1 | 3.9 | 3.4 | 2.8 | 2.3 | 2.0 | 1.8 | 2.4 |
| 66 | Kuwait | 4.1 | 4.3 | 4.3 | 4.8 | 4.7 | 4.6 | 5.3 | |
| 69 | Ghana | 3.9 | 3.9 | 3.7 | 3.3 | 3.5 | 3.6 | 3.3 | 3.9 |
| 69 | Montenegro | 3.9 | 3.4 | 3.3 | | | | | |
| 71 | Bulgaria | 3.8 | 3.6 | 4.1 | 4.0 | 4.0 | 4.1 | 3.9 | 4.0 |
| **71** | **Macedonia** | **3.8** | **3.6** | **3.3** | **2.7** | **2.7** | **2.7** | **2.3** | |
| 71 | Greece | 3.8 | 4.7 | 4.6 | 4.4 | 4.3 | 4.3 | 4.3 | 4.2 |
| 71 | Romania | 3.8 | 3.8 | 3.7 | 3.1 | 3.0 | 2.9 | 2.8 | 2.6 |
| 75 | Brazil | 3.7 | 3.5 | 3.5 | 3.3 | 3.7 | 3.9 | 3.9 | 4.0 |
| 75 | Colombia | 3.7 | 3.8 | 3.8 | 3.9 | 4.0 | 3.8 | 3.7 | 3.6 |
| 75 | Peru | 3.7 | 3.6 | 3.5 | 3.3 | 3.5 | 3.5 | 3.7 | 3.4 |
| 75 | Suriname | 3.7 | 3.6 | 3.5 | 3.0 | 3.2 | 4.3 | | |
| 79 | Burkina Faso | 3.6 | 3.5 | 2.9 | 3.2 | 3.4 | | | |
| 79 | China | 3.6 | 3.6 | 3.5 | 3.3 | 3.2 | 3.4 | 3.4 | 3.5 |
| 79 | Swaziland | 3.6 | 3.6 | 3.3 | 2.5 | 2.7 | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 143 | Nepal | 2.3 | 2.7 | 2.5 | 2.5 | 2.5 | 2.8 | | |
| 146 | Cameroon | 2.2 | 2.3 | 2.4 | 2.3 | 2.2 | 2.1 | 1.8 | 2.2 |
| 146 | Ecuador | 2.2 | 2.0 | 2.1 | 2.3 | 2.5 | 2.4 | 2.2 | 2.2 |
| 146 | Kenya | 2.2 | 2.1 | 2.1 | 2.2 | 2.1 | 2.1 | 1.9 | 1.9 |
| 146 | Russia | 2.2 | 2.1 | 2.3 | 2.5 | 2.4 | 2.8 | 2.7 | 2.7 |
| 146 | Sierra Leone | 2.2 | 1.9 | 2.1 | 2.2 | 2.4 | 2.3 | 2.2 | |
| 146 | Timor-Leste | 2.2 | 2.2 | 2.6 | 2.6 | | | | |
| 146 | Ukraine | 2.2 | 2.5 | 2.7 | 2.8 | 2.6 | 2.2 | 2.3 | 2.4 |
| 146 | Zimbabwe | 2.2 | 1.8 | 2.1 | 2.4 | 2.6 | 2.3 | 2.3 | 2.7 |
| 154 | Côte d'Ivoire | 2.1 | 2.0 | 2.1 | | 1.9 | 2.0 | 2.1 | 2.7 |
| 154 | Papua New Guinea | 2.1 | 2.0 | 2.0 | 2.4 | 2.3 | 2.6 | 2.1 | |
| 154 | Paraguay | 2.1 | 2.4 | 2.4 | 2.6 | 2.1 | 1.9 | 1.6 | 1.7 |
| 154 | Yemen | 2.1 | 2.3 | 2.5 | 2.6 | 2.7 | 2.4 | 2.6 | 2.4 |
| 158 | Cambodia | 2.0 | 1.8 | 2.0 | 2.1 | 2.3 | 1.5 | 1.3 | 1.2 |
| 158 | Central African Republic | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 2.4 | | | | |
| 158 | Laos | 2.0 | 2.0 | 1.9 | 2.6 | 3.3 | | | |
| 158 | Tajikistan | 2.0 | 2.0 | 2.1 | 2.2 | 2.1 | 2.0 | 1.8 | |
| 162 | Angola | 1.9 | 2.2 | 1.9 | 2.2 | 2.0 | 2.0 | 1.8 | 1.7 |
| 162 | Republic of the Congo | 1.9 | 1.9 | 2.1 | 2.2 | 2.3 | 2.3 | 2.2 | |
| 162 | Democratic Republic of the Congo | 1.9 | 1.8 | 1.9 | 2.0 | 2.1 | 2.0 | | |
| 162 | Guinea-Bissau | 1.9 | 1.9 | 2.2 | | | | | |
| 162 | Kyrgyzstan | 1.9 | 1.8 | 2.1 | 2.2 | 2.3 | 2.2 | 2.1 | |
| 162 | Venezuela | 1.9 | 1.9 | 2.0 | 2.3 | 2.3 | 2.3 | 2.4 | 2.5 |
| 168 | Burundi | 1.8 | 1.9 | 2.5 | 2.4 | 2.3 | | | |
| 168 | Equatorial Guinea | 1.8 | 1.7 | 1.9 | 2.1 | 1.9 | | | |
| 168 | Guinea | 1.8 | 1.6 | 1.9 | 1.9 | | | | |
| 168 | Haiti | 1.8 | 1.4 | 1.6 | 1.8 | 1.8 | 1.5 | 1.5 | 2.2 |
| 168 | Iran | 1.8 | 2.3 | 2.5 | 2.7 | 2.9 | 2.9 | 3.0 | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 79 | Trinidad and Tobago | 3.6 | 3.6 | 3.4 | 3.2 | 3.8 | 4.2 | 4.6 | 4.9 |
| 83 | Serbia[21] | 3.5 | 3.4 | 3.4 | 3.0 | 2.8 | 2.7 | 2.3 | |
| 84 | El Salvador | 3.4 | 3.9 | 4.0 | 4.0 | 4.2 | 3.7 | 3.4 | 3.2 |
| 84 | Guatemala | 3.4 | 3.1 | 2.8 | 2.6 | 2.5 | 2.2 | 2.4 | 2.5 |
| 84 | India | 3.4 | 3.4 | 3.5 | 3.3 | 2.9 | 2.8 | 2.8 | 2.7 |
| 84 | Panama | 3.4 | 3.4 | 3.2 | 3.1 | 3.5 | 3.7 | 3.4 | 3.0 |
| 84 | Thailand | 3.4 | 3.5 | 3.3 | 3.6 | 3.8 | 3.6 | 3.3 | 3.2 |
| 89 | Lesotho | 3.3 | 3.2 | 3.3 | 3.2 | 3.4 | | | |
| 89 | Malawi | 3.3 | 2.8 | 2.7 | 2.7 | 2.8 | 2.8 | 2.8 | 2.9 |
| 89 | Mexico | 3.3 | 3.6 | 3.5 | 3.3 | 3.5 | 3.6 | 3.6 | 3.6 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 168 | Turkmenistan | 1.8 | 1.8 | 2.0 | 2.2 | 1.8 | 2.0 | | |
| 174 | Uzbekistan | 1.7 | 1.8 | 1.7 | 2.7 | 2.2 | 2.3 | 2.4 | 2.9 |
| 175 | Chad | 1.6 | 1.6 | 1.8 | 2.0 | 1.7 | 1.7 | | |
| 176 | Iraq | 1.5 | 1.3 | 1.5 | 1.9 | 2.2 | 2.1 | 2.2 | |
| 176 | Sudan | 1.5 | 1.6 | 1.8 | 2.0 | 2.1 | 2.2 | 2.3 | |
| 178 | Myanmar | 1.4 | 1.3 | 1.4 | 1.9 | 1.8 | 1.7 | 1.6 | |
| 179 | Afghanistan | 1.3 | 1.5 | 1.8 | | 2.5 | | | |
| 180 | Somalia | 1.1 | 1.0 | 1.4 | | 2.1 | | | |
| – | Belize | | 2.9 | 3.0 | 3.5 | 3.7 | 3.8 | 4.5 | |
| – | Grenada | | | 3.4 | 3.5 | | | | |

## ***II ДЕЛ***

# ***КОРУПЦИЈАТА И МАКЕДОНИЈА***

# 1. Корупцијата и Македонија

## 1.1. Што е, а што не е корупција?

Некогаш поимот корупција, означуваше исклучиво поткупување, но денес тој збор се користи во многу поширока и поразновидна конотација.

Сепак, не секоја мала задкулисност е корупција. Така на пр. неплаќање билет во јавен превоз или пак употреба на службените телефони за приватни цели не се корупција, туку подкрадување на заедницата односно компанијата. Од корупција односно поткупување треба да се разликува изнудување, кога носител на јавна власт бара од граѓанинот да плати за нешто на што тој секако има право (на пример, потврда за инвалидност, градежна дозвола, детски додаток, итн.)

И конечно, од корупцијата треба да се разликуваат и разни други нелегални трговии, како на пр. дрога, деца, органи, проституција ... Од корупцијата треба да се разликува и организираниот криминал, како што се мафиите кои се и главните "корисници" на корупцијата. Организираниот криминал спроведува систематска стратегија за "гангренизација" на општеството и поради тоа прибегнува кон корупција на мирен начин за постигнување на целите и придобивките од криминалот. Мафиите се обидуваат да корумпираат судии, полицајци, државни службеници и политичари и прибегнуваат кон насилство само доколку не успеат во "купување" на јавните власти.

## 1.2. Жртви на корупцијата

Најголемите жртви на корупција се веќе споменато, најсиромашните, но, жртви се сите други даночни обврзници, потрошувачите, како и сите оние кои не постигнале некое свое право.

Жртва на корупцијата е и заедницата, односно државата, затоа што корупцијата го раскинува неопходниот однос на доверба, го спречува економскиот и социјалниот развој, ги осиромашува поединците, компаниите, придонесува за безобѕирно уништување на природните ресурси, вредните и способните ја напуштаат државата, накратко, корупцијата го загадува и загрозува здравјето и перспективата на општеството.

## 1.3. Кои се работните места на кои не треба им биде дозволено да работат пратениците и министрите?

Втемелените демократски стандарди одредуваат дека народните избраници кои се носители на една од трите власти, законодавната, мора да го штитат општиот, јавен интерес и не можат да извршуваат и други задачи и функции кои припаѓаат на двете други власти, извршна и судска.

Така пратениците не треба да се во исто време, јавни службеници, односно државни службеници и членови на Владата, затоа што нивната суверена функција треба да биде заштитена од можното влијание на извршната власт. Тие всушност не може во исто време како пратеници и да ја контролираат извршната власт и да учествуваат во неа и да ја вршат.

Пратениците, исто така не треба да бидат надзорни членови на државните претпријатија или установи, но дури и на оние компании кои можат да добиваат работа од страна на државата, затоа што и на ова поле може да дојде до конфликт на интереси помеѓу улоги и функции.

Пратениците не треба да бидат ни судии, но може да делуваат како адвокати. Единствено што како адвокати не можат да дејствуваат против државата, локалната самоуправа, државни и јавни претпријатија, па дури и во кривични предмети против државата и државна сопственост.

Министерската функција е, се разбира, некомпатибилна со парламентарна или судиска функција, но исто така и функции во управните и надзорните одбори, особено компании каде активноста на министерските овластувања може да имаат влијание.

## 1.4. Финансирање на политички партии

На кој начин во демократијата треба да се финансираат политичките партии? Најкраткиот одговор е на транспарентен, односно "видлив начин". за сите граѓани. Најдобро е кога партиите се финансирани од членарината на нејзините членови и прилози од физички, а не правни лица (компании и институции). Зошто? Прво, затоа што компаниите обично имаат значително повеќе пари од поединци, и така ќе се избегне "купување" на партии. Но, тоа не значи дека државата не треба да им помогне со буџетски пари, бидејќи партијата е ангажирана во избори, кои пак се од

исклучителна важност и корист за секоја демократијата. Сепак, недостатокот на прописи (закони), особено во финансирањето на партиските активности, е болка на многу развиени демократии, а се разбира и земји во транзиција. Таквата ситуација, без правила на игра, во многу демократии донесе и сеуште води до незаконски и нетранспарентни односи, кои попримиле од формите на корупција. Многу често, се случува на државната и локалната власт да договори работи, набавки или вршење на услуги за многу високи цени, за потоа "вишокот", да биде префрлен на сметката на партијата. Во други случаи, компании би финансирале партии без оглед за можно склопување на зделки, бидејќи тие едноставно чувствуваат дека треба да "инвестираат" во партијата заради изгледите за нивното доаѓање на власт во иднина. Сето ова говори за корупција и токму ваквото финансирање партии многу политичари ги однесе во затвор или само ги исклучи од политичкиот живот, особено во Италија, Франција и Белгија.

Премногу често се сретнува приватни лица и фирми, финансирајќи политички партии, сметаат дека лидерот, кога ќе дојде на власт, ќе се оддолжи со незаконски против услуги. Затоа, во последно време често се вели дека корупцијата не е само "злоупотреба на јавна функција за лична добивка", туку за целта "добивка на партијата".

Значи овде не се работи за лично збогатување на функционери од партијата, туку за купување наклонетост на една партија, и дека партијата подоцна ќе врати на услугата со "доброчинителство".

Поради тоа, во демократскиот свет се прават напори да се воспостават јасни правила за финансирање на политичките партии. Едно од тие правила е да се забрани финансирањето на политичките партии од странство, со цел да се избегне надворешно влијание врз внатрешно-политичкиот живот на земјата. Токму овие напори често ги истакнува невладината организација, Транспарентност Интернешнл, која има за цел да се вметне оваа одредба во законите на одредени земји и во некој меѓународен договор.

Второто правило е дека финансиските извори на партиите и нивното трошење мораат јавно да бидат обелоденети.

### 1.5. Потребата од пополнување анкетен лист за имотна состојба!

Потребата е едноставна, за да биде познато со колкаво богатство располага функционерот во моментот на доаѓање на власт. Или, со други зборови, да може да се воочи дека таа личност, на која граѓаните го доверуваат управувањето со јавните работи и јавните пари, тоа го прави чесно и добро, односно не ја искористуваат моќта за нелегално збогатување. Должноста за презентирање на имотна состојба на функционерите во текот на кандидирање или по превземање на ресорот или пред крајот на мандатот треба да стане правило за секоја демократија. Оваа обврска треба да се потполни и со соодветни санкции при изнесување на неточни податоци, казнување со поништување на изборите или отстранување од позицијата.
(Во РМ, 45 избрани и наименувани лица во законски предвидениот рок не ја пријавиле нивната имотна состојба, поради што против нив се поднесени барања за прекршочна постапка. Одговорено е само на едно барање и тоа со прекршочна опомена.)

### 1.6. Морални стандарди

Начелно постојат и такви кои ја осудуваат корупцијата, но тврдат дека со неа треба да се живее и да се постигне мир. Некои тврдат дека со поткуп на функционери се забрзува функционирањето на јавната администрација. Други велат дека се принудени јавниот тендер да се "подмачка" во име на спасување на работни места во нивната компанија.

При тоа се затвораат очи пред фактот дека јавната администрација е платена да си ја врши работата законски. Тие не гледаат, или не сакаат да си признаат дека за да спасат работни места во својата компанија загрозуваат работни места на други компании кои ако се постапувало согласно законот, ќе победеле на тендерот ако истиот не бил "продаден".

Сето ова претставува морален релативизам, во стилот на: "се согласувам, дека тоа е во ред, но кога станува збор за мене и моето семејство, фирма, здружение, партија, тогаш треба да се прилагодам, па дури и да подмитам".

Дури и полошо, кога голем дел од општеството ја прифаќа идејата дека корупцијата не е некое зло, затоа што "сите прават така" или затоа што "неможе поинаку". Така, кога сè е повеќе или помалку прифатливо, кога личното или заедничкото се стави над интересите на владеењето на правото, јавниот интерес и

заедничкото добро, тогаш корупцијата станува начин на живот, кој веќе не доживува осуда од општеството. Затоа, кога станува широко прифатена себичната и безмилосна борба за сопствен интерес, корупцијата стекнува "правото на државјанство", а општеството останува без солидарност, еднаквост и законитост.

Корупцијата го попречува економскиот развој, бидејќи корумпираниот политичар или државен службеник со државни пари ќе купи скапа, валкана или застарена технологија. За него нема потреба да биде решавачка општата корист туку неговата провизија. Тој, исто така, е во состојба да прифати заем со преголема камата и прекумерно ќе се задолжи и за својата и за идните генерации. Тој има можност да додели концесија на оние кои ќе му понудат мито, па од лошата или скапа јавна услуга, ќе страдаат граѓаните и корисниците на услугата (на пример, автопат, или водовод). Корумпиран политичар или јавен функционер може при приватизација да ја "протне" компанијата на неговите партиски приврзаници и пријатели, без оглед на нивното незнаење, па така компаниите ќе пропаѓаат, ќе исчезнуваат работни места, социјалните проблеми ќе растат.

Бројни политичари во светот согласно своите морални принципи, ја платиле цената со напуштање на функциите.[12]

## 1.7. Граѓански отпор против корупцијата

Во бројни демократски земји се јавуваат инвестициски фондови кои инвестираат исклучиво во работи при кои се почитуваат човековите права, правата на работниците и животната средина. Таквите "етички" фондови во САД достигнуваат и до 2000 милијарди евра. Исто така, бројни меѓународни и невладини организации, па дури и самите држави, одбиваат да работат со мулти и транснационални компании кои

---

[12] -Ричард Никсон поднел оставка заради она што двајца новинари го објавиле што резултирало со истрага и иако не одговарал кривично ја платил политичката цена;
-Премиерот на Колумбија, заврши во затвор, и иако на крајот ослободен од обвиненијата за корупција, го плати скандалот со оставка и крај на политичката кариера;
-Во Америка, политичката кариера се распаѓа ако се открие дека еден политичар на црно вработи куќна помошничка;
-Во Чешка премиерот Грос под притисок на медиумите и јавноста поднесе оставка поради тоа што не успеа убедливо да објасни од каде му се парите за станот што тој го купил, уште во времето кога не бил премиер;
-Поранешниот шеф на француската дипломатија Ролан Дима во 2001 година беше осуден на затвор и парична казна, бидејќи ја вработил љубовница во компанија, а потоа таа кај него лобирала за истата компанија да добива попрофитабилни проекти;

практикуваат корупција или вработуваат малолетници[13], ги негираат правата на работниците или ги уништуваат природните богатства.

Интересно е дека таквата пракса на граѓанското општество создава клима на јавен морален притисок па во последно време не само државите туку и големи меѓународни финансиски институции како Светската банка, ги ставаат на "црна листа" одделни земји и компании и одбиваат одобрување заеми, се додека запре кршењето на нормите, што полека станува задолжителен стандард. Граѓаните и нивните здруженија - или граѓанското општество воопшто - се повеќе стануваат привилегирани сојузници на државната власт, финансиски институции и меѓународни организации во борбата против корупцијата. Овие здруженија и невладини организации, често први го алармираат јавното мислење за појавата и практиката на корупцијата, особено во областите на потрошувачките односи, здравството, образованието и разни административни процедури и вадење дозволи. Здруженијата на граѓани, имаат можност да ги повикаат граѓаните, потрошувачите, штедачите и поддржувачите на заштита на животната средина, да ги бојкотираат производите на оние компании кои се служат со корупција. Освен тоа граѓаните на изборите имаат можност и право да не изберат корумпирани политичари.

### 1.8. Како да се бориме?

Борбата може да биде и многу успешна, ако ги следиме примерите на земјите како Сингапур, Чиле, Хонг Конг. Значи, основното прашање не е дали се може против корупцијата, туку постои ли волја и подготвеност за започнување на борбата.

Земјите успешни во борбата против корупцијата, како Сингапур и Хонг Конг, посебна грижа и внимание посветиле кон јавната администрација. Одлучиле да регрутираат високо квалификуван персонал, кој го плаќаат коректно и им доделиле многу ефикасен сервис за спроведување на одлуките. Исто така, и во двете држави е формирана специјална независна комисија за борба против корупцијата, која секоја година го испитува јавното мислење за состојбата на корупцијата и има обврска да ги објави резултатите од истражувањето.

[13] Неодамна, познатата фабрика за спортска опрема Најк, беше предмет на бојкот од многу свои партнери и потрошувачи токму поради тоа што вработувала малолетници во некои свои погони во азиските земји.

Борбата против корупцијата не смее да биде повремена главоболка на државата туку треба да биде потреба и постојана должност на државата.

Наивно е да се верува дека корупцијата е доволно само да се открие и казни. Тоа би значело само удирање по резултатите и последиците, но борбата против корупцијата бара повеќестран приод и повеќе стратегии.

Потребата за антикорупција повлекува неколку области:

• политичка одговорност, отвореност и транспарентност на политичките одлуки и фер натпревар на политичките партии

• зајакнување на државните институции: **парламентот** - преку јавната одговорност и јавни ревизорски процедури за користење на буџетите, **судството** - преку јакнење на независноста на судовите и судиите, независно јавно обвинителство и извршувањето на строги мерки и казни, **владата и јавната администрација** - преку надзор на јавните тендери, буџетски пари и државната сопственост;

• учество на граѓанското општество во јавниот живот и улога на медиумите во јавниот живот: преку здруженијата и другите форми на граѓанското општество да се шират информации за корупцијата, предложување на акции, организирање на јавни сведочење (јавни расправи), дискусии, и на тој начин да станат сојузници на Владата во борбата против корупцијата, независните медиуми и нивните истражувања имаат важна улога во антикорупциската борба

• создавањето на успешен приватен сектор: тука припаѓаат поедноставувањето и усогласувањето на условите за основање и делување на компаниите, како и транспарентност на сопственоста и работењето

• и конечно, за успехот на борбата против корупцијата е неопходна реформа на јавната администрација: таа мора да се темели на поделба на функции за управување и донесување на правилата (регулатива), строго сметководство и ревизиски надзор над користењето на јавните средства, по принципот на "меритократија ", односно, способен, високо квалификувани, мотивиран и пристојно платен персонал-државни службеници.

Не треба да заборавиме дека уредените и развиени демократии, благодарение на доброто функционирање на јавната администрација, која не се базира само на континуитет и стабилност, туку и на беспрекорни знаења, способности и вештини. Да се потсетиме дека Франција почна да ја создава својата јавната администрација уште пред граѓанската револуција од крајот на 18 век; Германија за време на пруските

"просветлен" цар на 18 век; САД пак, иако поразлично од овие европски земји со стара административна традиција, почна да ја создава својата јавна администрација преку век и половина.

Секоја земја треба да избере сопствена стратегија и приоритетни области на борба. Не може да успее во сите области одеднаш, особено што борбата против корупцијата мора да се прилагоди на постоечкиот тип на корупција и посебните услови за напредок или назадување во транзиција.

# 2 Причини и последици од корупцијата

## 2.1. Кои се основните причини за корупцијата во транзициските и демократските земји?

Причините се различни во сите земји. Произлегуваат од локалното окружување, историските услови, административната традиција и политички развој. Мораме да се потсетиме дека сите транзициски земји се соочуваат уште на самиот почеток на новиот пат, со три еднакви отежнувачки околности. Прво, корупцијата ја имало и те како и во комунистичкиот режим. Второ, усвојувањето на многу нови закони е можност за озаконување на неправда и лоши закони кои водат кон корупција или се резултат на корупција. И трето, денационализација и приватизација на единствена можност грабливците да ги наполнат џебовите со нешто што не е нивно. Покрај тоа, корупција во транзицијата се јавува во многу форми, но и во посебни околности, каде во јавниот сектор – се краде, во приватниот се мами, а и во приватниот и во јавниот се подмитува или изнудува.

Приватизацијата во повеќето земји во транзиција е главната област на најголемата корупција. Оттаму една изјава на Милош Земан, кој пред да стане претседател на чешката влада рече "приватизација, како што беше спроведена во Чешка е корупција и ништо друго. Таа создаде атмосфера во која идејата е дека може нешто да се добие за ништо". Епа, ако она што го рече претседателот Земан важи за Чешка, една од посолидните транзициски земји, тогаш тоа е многу веројатно дека истото важи и за многу други земји во транзиција.

Постојат други околности и причини кои се погодни за корупција, кои се карактеристични за развиените демократски земји:

• глобализацијата на економијата и на интернационализација на финансиските пазари

• приватизација на некои јавни услуги, како на пример пошти и телекомуникации, одржување на патиштата, водоснабдувањето, енергетиката, итн;

• тоа може да биде и децентрализацијата, која во јавните работи вовлекува повеќе луѓе од порано, и тоа доведува до кумулирање на изборните функции, што ја отежнува транспарентноста во делувањето на политичарите;

• финансирање на политичките партии и изборните кампањи, кое во многу земји не беше јасно регулирано, ниту законски ограничено, како на пример во Италија или во Франција до 1988 година.

## 2.2. Кои се главните последици на корупцијата?

Последиците се различни, но грубо може да се поделат во три групи: политички, економски и општествени. Политичките последици веќе накратко ги имав споменато: корупцијата го уништува основниот однос на доверба меѓу граѓаните и политичарите, кои чесно и еднакво треба да ги претставуваат сите граѓани, да ги трошат нивните пари, осигураат нивната слобода, еднакви можности и солидарност.

Економските последици се многубројни: корупцијата спречува безбедно и рационално инвестирање, како странско така и домашно, го успорува или спречува развојот и ја ограничува трговијата, доведува до ирационално и расипничко користење на јавните буџети, ја поттикнува "сивата економија" и ги намалува даночните извори.

Во општествена (социјална) смисла, корупцијата ја зголемува сиромаштијата, ги погодува токму најслабите и беспомошните, затоа што, во однос на нивните приходи, повеќе треба да платат, а некои од јавните услуги и целосно им се оневозможени, бидејќи тие не се во состојба да ја платат "тарифата." Корупцијата ја создава и зголемува нееднаквоста на граѓаните во секојдневниот живот: во образованието, здравството, дозволи, набавки...

На *макроекономски* план една значајна последица на корумпирани државни службеници е незаинтересираноста на граѓаните и претпријатијата уредно и должно да плаќаат данок.

На *микроекономско* ниво (претпријатија) корупцијата ги турка претприемачите во финансиски криминал, даночно затајување, во економско "подземје". А, бидејќи во државната ризница не пристигнуваат даночни пари, државата не успева да ги плаќа јавните потреби и служби.

Ваквите услови на макро и микро-економски план се ништо друго но **системската корупција.**

Странските инвеститори и банкари, како јавни така и приватни, бегаат од системската корупција и земјите во кои корупцијата станала начин на живот и работа. Во земјите со системска корупција, најталентираните, особено младите, прибегнуваат кон напуштање на земјата и генерално корупцијата раѓа само нови нееднаквости.

Корупцијата им годи, им ја олеснува и забрзува работата само на оние кои се служат со неа.

На политички план, корупцијата ги привлекува на јавна функција оние кои се грижат за лична, а не за општа корист, па создава чувство на горчина кај граѓаните, ја уништува довербата во институциите и владеењето на правото. Корупцијата директно ја поткопува демократијата, бидејќи ја раскинува врската на доверба меѓу граѓаните и политичките елити, кои би требало праведно и совесно да ги претставуваат.

Оттука и политичката димензија на корупцијата: ги нагризува темелите на општествениот договор, правичноста и граѓанската еднаквост, на кои почива демократското општество и праведната држава.

## 2. Јавното мислење

Секој може да учествува во формирањето на јавно мислење. Секој мора да има можност да собира информации и да го даде својот придонес во формирањето на јавното мислење. Од друга страна поимот јавно мнение го содржи и тоа дека негов предмет се јавните, а не приватните работи. Таа, значи, се занимава со државата во најширока смисла. Затоа во јавноста спаѓаат сите граѓани или здруженија на граѓани, кои размислуваат за заедницата и кои ги изразуваат и претставуваат мислењата во вид на критика и одбивање, предлог и согласност и со тоа се обидуваат да влијаат врз формирањето на политичката волја. Со тоа го формираат јавното мислење. Може да се создаде сопствен суд ако се има познавање на нешто. Оној што го признава полнолетниот граѓанин како учесник во формирањето на мислење и го прифаќа како суверен носител на државната власт, мора и да го информира за сите претстојни политички одлуки. Тоа е едната страна на слободата на мислењето и печатот. Сите работи, кои побудуваат јавен интерес и за кои граѓанинот мора да знае за да може да оформи заснован политички суд, треба да бидат дискутирани во јавноста.

Сепак, за успешна борба против корупцијата пред се е важно постоењето на јавното мислење, граѓанските организации и слободни медиуми, како легитимни надгледувачи. Тие го предупредуваат јавното мислење и владата на појава на корупцијата и ги обврзуваат властите на прогон и казнување.

Од Транспаренси Интернешнал се произлезени неколку интересни иницијативи кои би можеле да се прилагодат на локални услови.

<u>Од францускиот ТИ:</u>

-организирање на "работилница за чесен бизнис",

-изготвување и потпишување на "пакт за морален интегритет" од страна на бизнис лидери и директори на компании,

-забрани за готовински плаќања над одредена сума,

-повлекување од промет крупни банкноти, кои го олеснуваат подмитувањето.

Од индискиот ТИ:

-основањето на канцеларија на народен правобранител во борбата против корупцијата

Од бугарскиот ТИ:

ТИ се наметна на државата како набљудувач на приватизацијата, особено при продажба на државниот телеком.

Борбата против корупцијата не може да биде без мотивирани државни службеници кои се регрутирани според принципот на нивните знаења и вештини, а не според партиската припадност.

Во областа на политичката борба против злото-корупција, придонесува и ограничувањето на бројот и времетраењето на изборните мандати и транспарентност за трошоците на политички активности, изборите и финансирањето на политичките партии.

Едно од често занемарените, но моќно средство за борба против корупцијата е можноста и правото на граѓаните-гласачите на избори да ги санкционираат корумпираните кандидати и да не гласаат за нив.

Треба и повторно да се спомене честата злоупотреба на т.н. "борба против корупцијата" во некои земји во транзиција но, исто така, и во некои развиени демократии. Имено, под името "борба против корупцијата" неретко се прогонуваат политичките противници, така што примената на антикорупциската легислатива не е насочена против најопасните носители на корупцијата.

## 3. Меѓународната заедница и борбата против корупцијата

Во борбата против корупцијата се приклучија речиси сите меѓународни организации: ОН, ЕУ, Советот на Европа, Светската трговска организација, Меѓународен монетарен фонд, група на најразвиените земји Г8, Светска Банка, Организација на Американски држави..

Бројни резолуции последниве години беа донесени од страна на Обединетите нации, во врска со царината, трговијата а особено со е-трговија.

Советот на Европа веќе долго време е вклучен во борбата против корупцијата, особено од кога ја усвои "програмата за акција за борба против корупцијата". Европска Унија, иако од своето основање во римскиот договор во 1950 година немаше никакви одредби за корупцијата, тоа многу наскоро беше променето.

Причините заради кои беше неопходно вметнување на одредби за борба против корупцијата беа:

-затоа што корупцијата ја спречува фер конкуренција и рамноправноста во конкуренцијата,

-и парите од Унијата можат да станат предмет на корупција.

Затоа, ЕУ преку својата "влада", односно Комисијата на Европската заедница, во мај 1997 година испрати Извештај до Советот на министри и Европскиот парламент за политиките на ЕУ во борба против корупцијата.

Документот предвидуваше широк спектар на мерки, вклучително и конвенции, кои ја криминализираат корупцијата на службениците во Унијата и на земјите-членки, забранува даночно ослободување во корист на подмитување, барање промени во тендерските постапки, транспарентно сметководство, независни ревизорски процедури итн.

Покрај тоа, Европската Унија ја прогласи борбата против корупцијата и организираниот криминал за еден од основните услови за сите земји-кандидати за членство во ЕУ. Во овој контекст, Комисијата секоја година, при испитување на прилагоденоста на земјите-кандидати за влез во Унијата, ја оценува и нивната активност и ефективност во борбата против корупцијата и организираниот криминал.

## 4.1. Кои се главните проблеми во борбата против корупцијата на меѓународно ниво?

Овие потешкотии дури и денес произлегуваат првенствено од отсуството на единствена "правна рамка". Барем во рамките на Европа, за светот е многу да се зборува. Единствено Шенгенската конвенција[14] на Европската унија донекаде ја

[14] Оваа конвенција т.е. меѓународен договор, го ограничува надзорот над движењето на недржавјаните на унијата на т.н. надворешни граници а го укинува на внатрешните граници-меѓу земјите членки на ЕУ

поедноставува и надополнува политиката на правна помош и екстрадиција на осомничените и прифатена е од сите членови. Треба да се напомене дека во прилог на борбата против корупцијата, а особено против "перењето пари" акциите од земја до земја значително се разликуваат. Ова се должи на разновидноста на правни системи на државите и секако непостоењето на единствена дефиниција за корупцијата, која ќе биде прифатена од сите земји, или барем поголемиот дел. Затоа е и отежната правна помош меѓу судовите на различни земји, бидејќи правната помош може да се потпре исклучиво на истоветност во дефинирањето на прекршокот во државите. Овие потешкотии само ги зајакнуваат различните правни правила за имунитетот на различни категории граѓани и функционери.

Најважно сепак останува дека: Корупцијата, која е штетно и кривично дело, ја осудуваат и прогонуваат речиси сите правни системи.

Различните правни системи ја третираат корупција на различни начини. Еден конкретен пример од една развиена демократија, Франција, воведе концепт на "повреда на јавната и приватна чесност", што би можело да биде корисен потег за РМ да се воведе и кај нас или барем да се оживее смислата за значењето на - "јавна чесност".

При казнување на корупцијата освен расположивите класични казни како затвор и конфискување, исто така свое место би требало да најдат и:

• лишување од граѓанското право гласање во изборниот закон

• забраната за извршување на јавна функција или област во која претходно било извршено кривично дело на корупција;

• објавување на одлука на судот во масмедиумите;

• поништување на изборот на кандидатот кој не го испочитувал максимумот за предизборни трошоци, кој не ја објавил својата финансиска/имотна состојба или истите ги пријавил неточно.

## 5. Антикорупција во РМ

Борбата против криминалот и корупцијата, треба да биде бескомпромисна и неселективна, но со целосно почитување на човековите права, Уставот и законите.

Во врска со прашањето дали антикорупцијата се актуализира особено во последната година, истражувањата на јавното мислење покажуваат дека свеста на јавноста за сериозноста на проблемот и последиците од постоењето корупција растат. Од друга страна, познавањата за тоа што е суштината на проблемот, каде и во каков

облик може да се појави корупцијата кај јавноста сеуште не е на високо ниво. Во однос на присуството на корупцијата во РМ, бројот на кривичните постапки кои се водат за дела поврзани со корупција е незначителен.

Истакнувањето на корупмираноста на определни носители на јавни функции повеќе е прашање на политички надигрувања, отколку на искажан став или сознание на граѓаните. Во април беше изгласан Закон за спречување на корупцијата, а предходно и Закон против перење пари. Стратегијата на Владата на РМ, како што беше објавено е донесена, но не и јавно презентирана. НВО секторот се оранизираше во коалиција "Македонија без корупција". Сепак капацитетите на НВО за превземање анти-корупциски активности се органичени. Мал е бројот на НВО кои имале каква било обука за различните форми и можности за анти-корупциско делување. Со постоечките напори за обучување на НВО во Македонија е опфатен органичен број организации кои ќе добијат продлабочени познавања.

Од сето речено се идентификуваат повеќе потреби:- да се обезбеди средство преку кое граѓаните постојано и слободно ќе можат да ги искажуваат своите ставови или сознанија за корупцијата и/или корупмпираноста на одредени носители на јавни функции,- да се обезбеди средство преку кое граѓаните ќе можат да се едуцираат за тоа што е корупција и кои се последиците од неа,- да се обезбеди средство преку кое НВО ќе можат да ги прошируваат своите знаења за начинот на кој се превземаат определни активности за борба со корупцијата, -да ги истакнуваат проектите и резултатите од нив,- да се обезбеди средство преку кое ќе се овозможи собирање на информациите за корупциски и анти-корупоциски активности на едно место.

Бројни примери во јавните гласила секојдневно говорат за затајување во системот за пријавување и обелоденување на коруптивни активности.

***Примери:***

-Корупција во образованието-

*"...На телефонскиот број 3106529, наменет за пријавување корупција во образованието, со денови никој не одговара. Студентите велат дека се измамени и дека нема каде да ги пријават случаите на корупција и на злоупотреба. Неколку професори минатата година беа уапсени за корупција. Професор вработен на Техничкиот факултет во Битола, беше уапсен за земање поткуп од 900 евра. На*

*Педагошкиот факултет во Штип беше уапсен професорот за земање поткуп од 200 евра и му беше изречена казна од девет месеци затвор..".*[15]

По зачестените апсења на корумпирани функционери, каде што главен доказ се обележаните банкноти, професорите, посредниците и студентите се усовршуваат и воведуваат нови техники за трансакција на парите.

*"...повеќе не се ставаат пари во индекс, туку се оди преку повеќе посредници, кои почесто се менуваат за да се прикријат трагите. Притоа првиот посредник, кој ги зема индексот и парите од студентот, веднаш оди во менувачница, каде што ги менува парите за да биде сигурен дека серискиот број на парите нема да биде запишан.*

*Потоа парите преминуваат во рацете на повеќе посредници, за на крај да завршат во рацете на професорот - сведочат група студенти, кои од страв не сакаат да им биде обелоденет идентитетот".*

*"...откако парите ќе стигнат кај професорот, студентот потоа повторно се сретнува со некој од посредниците, за да си го добие назад индексот со платената оцена. Цените се различни, во зависност од факултетот и од тежината на материјалот. Цената зависи и од сесијата, односно ако на студентот му е последна сесија, цената се зголемува за да не запише квадрат или куб. Најчесто испит или шестка чини од 200 до 2.000 евра. Најчест и најзастапен облик на корупција е кога професорите продаваат свои книги со потпис, по списоците на студенти, и тоа по многу високи цени кои се искачуваат и над 2.000 денари. Така, студентите се принудени да ги купат книгите, како основен услов да може да го полагаат испитот...".*

Наспроти овие и слични примери, кои може да се пронајдат во изобилие на повеќе интернет портали и социјални мрежи, студентскиот правобранител, вели дека за четири години, откако е на оваа функција, добила само една претставка за злоупотреба со учебниците. Тоа значи дека за корупцијата студентите само масовно зборуваат, а никој ништо не пријавува. Тоа не значи дека нема корупција воопшто, туку дека ја има во помали размери .

---

[15] www.kirilica.com.mk

## 5.1. Дали е потребна Антикорупциската комисија во РМ?

Политичката елита во Македонија треба сериозно да размисли дали во иднина е потребно да функционира Антикорупциска комисија каква што имаме сега. Едноставно Антикорупционерите нè брануваат. Тие се законски обврзани на „годишен извештај за својата работа и за преземените мерки и активности да поднесат до Собранието, шефот на државата, Владата и до средствата за јавно информирање“.
"Откритијата" годинава се однесуваат на конфликт на интереси и 400 имотни листа на функционерите на веб-страницата на ДКСК.

Кога антикорупциската екипа ги презема функциите, ветува отвореност, непристрасност, отчетност, посветеност и професионалност. Постапката за реизборот на претходната претседателката на Државната комисија за спречување на корупцијата-ДКСК, беше спроведена во најголема тајност, за подоцна дискретно да се обелодени дека таа повторно е избрана на истата функција.[16] Изричната забрана за повторен избор на претседателот беше избришана во 2006 година, но во законската одредба не е експлицитно предвидена можност за повторен избор на претседателот по истекот на неговиот мандат.

Од друга страна пак, кога новата, седумчлена екипа на Антикорупциската комисија ги превземаше функцијата и надлежностите, никој не даде отчет за приврзаноста со актуелната политичка власт.

Во нашиот правен и политички систем, најповикан орган за обезбедување транспарентност, професионалност и етичност во работата на државните институции е Државната комисија за спречување на корупцијата. Оттука, сите наведени начела треба да претставуваат основни водилки, пред се', во нејзините редови, во нејзиното работење, за таа да може да се погрижи да бидат доследно спроведени и кај другите носители на власта.

Во програмата за превенирање и спречување на корупцијата, подготвена од ДКСК, Етичкиот кодекс на министрите, стои како мерка за спречување на корупцијата во јавна администрација и локалната самоуправа. Таков кодекс Владата усвои минатата година, но нетранспарентно го укина пред да стапи во сила. Ставот на Антикорупциска комисија изостана! Колку за илустрација владата на Р.Словенија пред неколку години одлучи да ја укине Антикорупциската комисија.

---

[16] www.makfaks.com.mk

Но како што вели првиот човек на словенечката Антикорупциска комисија (кој е шест години на чело на комисијата) и претседател на ГРЕКО -групата на земји за борба против корупција при Советот на Европа, "антикорупциските комисии треба да се снајдат и кога во земјата нема политичка волја за борба против корупцијата".

Граѓанскиот сектор мора да учествува во избирање на раководствата на антикорупциските тела, да биде во ситуација да ја оценува нивната работа и на вистински начин да влијае врз содржината и спроведувањето на антикорупциските мерки. Професионализација и зголемени ингеренции на членовите на комисијата, како и практична примена на антикорупциските прописи во земјата.

Во Македонија членовите и претседателот на Комисијата се ангажирани само хонорарно, а дополнителен притисок создава тоа што најголем дел од нив работи во државни институции. Комисијата во Македонија е единствена во која членовите не се нејзини вработени.

Ситуацијата со корупцијата во Македонија не е ексклузива на денешницата, бидејќи ја имаше и порано. Но, кога зборуваме за борбата против корупцијата, таа некако изостанува. Јавноста е сведок за силен наплив од скандали со корупциски предзнак во кои злоупотребите се во милионски цифри, се разбира, во евра. Случаите толку се напластуваат еден врз друг што дури не можат ни да се следат. Изостанува институционална реакција на ваквата состојба. Иницијативноста одамна затаи, а и јавноста веќе отрпна на сето тоа, што е многу опасна состојба.

Институција која добро функционира во системот е Државниот завод за ревизија- ДЗР. Има автономен статус и добри перформанси. Ревизорот објавува извештаи постфестум, една година откако се случиле финансиски трансакции. Но, она што го констатира како злоупотреба во буџетските институции, а тоа секогаш се темели на егзактни документи, претставува отприлика 80 отсто обвинение. За жал, имаме системски проблем со капацитетот на институциите (Антикорупциската комисија, МВР и Обвинителството). За судството не би требало да се говори со оглед на тоа дека овие случаи воопшто и не се адресирани до судовите. Проблемот е длабоката инволвираност на политиката во работата на институциите што доведува до сериозна блокада во нивното функционирање. Волја за справување со корупцијата ќе се покаже само со подигнување на капацитетот на институциите, со обезбедување и почитување на нивниот интегритет. Поранешниот антикорупциски тим инцираше неколку случаи врз основа на ревизорските наоди.

Драматичен е извештајот на ДЗР подготвен за Агенцијата за странски инвестиции. Ревизорот јасно кажува дека залудно биле фрлени парите за крстосувањето во светот на 18-мина економски промотори кои требаше да донесат инвестиции. Тука се ставаат под прашалник не само способноста на ангажираните аташеа, туку и невидливите ефекти од нивната работа. Ако на ова се додаде и констатацијата на ревизорот за нетранспарентно и неодговорно трошење на буџетските средства, ќе мора да се согласиме дека овој извештај испраќа поразителна порака за односот на Македонија спрема странските инвестиции. Што ќе речат странските инвеститори кои треба да влезат во РМ, кога Агенцијата која треба да го менаџира тој процес е проблематична?

За да биде поинаку, мора да има промена. Кога во некоја зделка на државен орган ревизорот ќе детектира акт на злоупотреба со елементи на кривично дело, мора да се запали алармот. Но, на поинаков начин. Сегашната практика да се доставува до Јавното обвинителство цел ревизорски извештај, преполн со бројки и факти, е несоодветна. Едноставно извештајот се испраќа за запознавање, а тоа не е ниво кое му создава обврска на обвинителот. Добро би било да се промени тоа, во смисла ревизорот да извади екстракт од извештајот, да посочи токму на сомнителните пунктови, па во форма на кривична пријава да се достави во Обвинителството. Со кривична пријава обвинителот ќе има појасна процесно правна форма и зголемена обврска за постапување.

Антикорупциската комисија е назависно регулаторно тело од која се очекува да ја контролира власта. Но, освен алиби преписки, нема иницијативи за корупциски случаи.

Антикорупциската комисија нема во рацете камшик за некого да дисциплинира. Нејзиниот камшик е јавноста и активноста. Тие лошо се поставија виза ви Владата, која ја прифатија како партнер. Неприродно е да бидеш партнер со оној што треба да го контролираш. Лимитот на партнерство завршува кога се дефинира принципот на работа што подразбира извештаи, одговори и отчетност. Вистина, во почетокот антикорупционерите се обидоа неколку пати, ја прашаа Владата колку чинат кампањите, но беа тотално игнорирани. Кога Антикорупциска се обиде со својата надлежност да влезе во орбитата на власта, едноставно исчезна. Ако мислат дека со пишување писма ја вршат работата се лажат и себе си и јавноста. Голема шлаканица беше и тоа што го напиша Европската комисија во извештајот, дека работата на ДКСК треба да биде повидлива.

Во поранешната антикорупциска екипа се сменија четири претседатели. Сега само еден раководи, а другите членови се анонимуси за јавноста. ДКСК беше персонализирана преку ликот и делото на претходната претседателка. Лошо е само еден член да ја води Комисијата. Всушност и не може да го издржи тоа, бидејќи притисокот е многу голем. Се разбира, под услов претседателот својата фронтменска улога да ја врши совесно. И повторно се поставува прашањето дали треба да постои Антикорупциска комисија?

Немаме напредок во антикорупцискиот фронт за да кажеме дека Комисија не ни треба. До гуша сме во корупција, така што ни требаат две комисии, а не една. Напоменав веќе дека постојат и тенденции за укинување на вакви комисии. Ама таа теза секогаш ја форсира власта, бидејќи совесна комисија претставува непријатен контролор. Со ваква Антикорупциска, на власта во Македонија и е комотно.

За еден куп корупциски случаи нема одговор од Обвинителството, со оправдување дека се чекаат докази од МВР.

Тоа е состојба која со години се провлекува. А, опструкции имало секогаш. Не се даваат податоци од полицијата. Поради тоа, во минатото застаруваа предмети за огромни цифри. Размислувањата се во новиот проект, во Законот за кривична постапка Обвинителството да биде подиректно вклучено, а истрагата ќе ја води со своја полиција. Но, има и друг проблем, тоа е нестабилната позиција на државниот обвинител.

Секогаш постои лесен начин тој да биде сменет. Едно од решенијата е да биде разрешуван со двотретинско, а не со просто мнозинство, како сега. Тоа ќе биде поголема гаранција за обвинителот, дека ако работи совесно, не ќе може лесно да биде сменет.

И додека антикорупционерите никој не ги чепка, Уставниот суд стана цел на власта.

Ова е последица на општата ситуација во земјата. Имаме проблем со владеење на правото, со поделбата на власта. Уставниот суд е независен, но желбата на Владата да има се' под контрола е многу голема. Очигледно не може да се прифати тоа што Уставниот суд ја контролира работата на законодавната власт, која усвојува закони предложени од извршната власт. Ваквата дискредитација и обид за дисциплинирање на Уставниот суд го разорува политичкиот систем ги загрозува демократските вредности. Овие случувања будно ги следат и факторите од меѓународната заедница. На овој начин самите веќе си пишуваме негативен извештај.

## 5.2. Корупцијата третирана во медиумите

Новинарите сè почесто одлучуваат попрво да молчат, отколку да ги истражуваат коруптивните зделки на власта. Не случајно медиумите постојано се потсетуваат да не заборават дека нивната витална функција е токму таа – да бараат транспарентна, отчетна работа на институциите, со прст да посочуваат и на виделина да ги изнесуваат сите облици на корупција, со што ќе ја остварат својата одговорна ролја во општеството.

Корупцијата ја нагризува демократијата, му се заканува на слободното функционирање на општеството, ги дискредитира највиталните столбови на демократијата – меѓу нив и на самите медиуми. Само истражувачкото новинарство, според многумина, може да ги извади медиумите од бездната во која се западнати, а каде што една деценија наназад се гледа само слаб сноп светлина. Но, истражувачкото новинарство не само што е скапа туку е и ризична работа, за што секојдневно потврдуваат новинарските извештаи ширум светот. Новинарите во „ризичните земји“ знаат дека истражувачкото новинарство честопати знае да биде и фатално. А, групата на ризични земји каде што новинарството е професија „фатална по животот“, за жал, од ден на ден сè повеќе се шири. Новинари прогонувани поради обелоденување на корупциски скандал во владата, хајка против медиуми кои пишувале за штетни зделки на власта, претепани колеги кои се обиделе да чепнат во несовесното работење на институциите, се само дел од насловите што секојдневно се застапени во најпознатите светски медиуми. Само во првите 4 месеци на 2010г. се убиени 36 новинари во светот, а според податоците на невладината организација Комитет за заштита на новинарите, со седиште во Њујорк, од 1992 година до денес животот го загубиле 808 новинари кои се обиделе на виделина да изнесат некој случај на криминал или на корупција. „Егзекуторите“ тешко излегуваат пред лицето на правдата, поради што генералниот секретар на Обединетите нации Бан Ки Мун, по повод Светскиот ден на слободата на медиумите, апелираше дека „сите влади се должни да ги штитат новинарите, а и да ги изведат пред лицето на правдата одговорните за убиствата на новинарите, затоа што сите имаат право на слобода на мислењето и изразувањето“. Заканите и стравот и од македонските новинари создадоа една апатична маса, која притисната од стегите на политиката и на бизнис интересите, се сведува само на следење дневни настани, кои веќе се видени и чуени на електронските медиуми.

Корупциските скандали најчесто како тема се отвораат од страна на партиите, самите државни институции или пак анти-корупциските тела, но имаат многу краток здив и завршуваат без судска разврска. Колку и да звучи сурово, но сториите во медиумите се налик на пресно млеко, па не траат повеќе од три дена. Еден корупциски скандал се покрива со друг, со што се добива чувство дека институциите работат со полна пареа, но крајното сумирање на резултатите покажува дека многу од случаите завршуваат во ветер и магла!

Не случајно мониторингот на пет печатени медиуми во земјава (Дневник, Утрински весник, Вечер, Време и Факти), спроведен во текот на 2008 година од страна на Центарот за граѓански комуникации, покажа дека известувањето за корупциските скандали е жежок костен за медиумите и се сведува само на кратки вести и информации пласирани од официјалните институции. Најголем дел од текстовите, според истражувањето, се базираат врз произволни информации без ниту еден извор, без доволно докази и поткрепени сознанија. Со тоа медиумите не само што не ја остваруваат својата улога во општеството, туку и создаваат една погрешна и искривена слика во јавноста за состојбата со корупцијата во земјава.

Читателите од медиумите очекуваат чесна, објективна и точна информација, исто онака како што новинарите го бараат тоа од изворите на информации. Токму затоа е недозволива автоцензурата во новинарството, заземањето страна, пропагирањето нечии интереси, сеењето нетолеранција и дискриминација, замолчувањето пред вистината и прикривањето на корупцијата, а како најболна тема се чини останува и таканареченото „новинарство во плик", кога новинарот „се подмачкува" за да направи одредена сторија. Со ваквите слабости, медиумите не само што не се способни да придонесат кон решавање на проблемите во државата, туку често и самите стануваат дел од тој проблем и од нефункционирањето на системот подјаден од корупција. Но, медиумите имаат уште една особено важна битка која треба да ја извојуваат и како поединци, и како фела воопшто – да се борат со корупцијата во сопствените редови, со автоцензурата и со ставањето во функција на нечии политички и бизнис-интереси, кои не можат и не смеат да бидат над интересите на обичниот човек и над потребата тој да биде навремено и објективно информиран.

Новинарите мора да се научат да им кажуваат НЕ на сите облици на притисок и поткупување, а за тоа да биде возможно, професијата мора да се издигне на неопходното ниво – со солидни плати и достоинствени услови за работа на новинарите, кои сè повеќе ќе истражуваат, а сè помалку сервилно ќе ги проголтуваат информациите

лиферувани од институциите, чија веродостојност и заднина честопати е тешко да се провери[17].

[17] Трпчевска, Даниела. 2010, Месечник за антикорупција, број 4, април

# ***III ДЕЛ***

# ***ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ***

## 1. Методолошка поставеност на истражувањето

### 1.1. Предмет на истражувањето

Предмет на истражување во овој труд е изнаоѓање на прецизни индикатори со цел да се изработат индекси кои ќе покажат пораст и опаѓање или флуктуации на нивото на корумпираност. На тој начин ќе се постави дијагноза на ситуацијата во општеството, пред се за да се утврдат димензиите и тежината на проблемот кои на економски план го спречуваат економскиот раст, на социјален план се одразува на осиромашување на населението и на политички план доведува до елитизам на владеачката класа.

Изработката на антикорупциска национална стратегија и акционен план за борба против корупцијата ги поставува приоритетите, ги координира различните министерства и го осигурува спроведувањето. Стратегија која обезбедува широк опсег на различни реформи. Мерки кои се обидуваат да ја намалат мотивацијата за корупција во рамките на институционалните структури. Тоа подразбира подобри закони за справување со поткупот/подмитувањето, регистри на имотот на политичарите и слично. Другите мерки директно поврзани со прашањето на корупцијата: формирање или унапредување на Државниот завод за ревизија, закони за политичките партии, закони за реформа на царината и проекти.

За целите на ова истражување се применети методите на интервју, анкета и компаративен метод.

### 1.2. Цели на истражувањето

***Основната цел на истражувањето е да се истражат и проучат мерки за сузбивање на корупцијата.***

Основната цел може да се операционализира и преку неколку посебни цели:

*Теориски цели*

*1)* Да се согледа потребата од прилагодување на закон за корупција според стандардите на ЕУ што би претставувало и исчекор кон стандардизирање и приближување на односите на РМ со ЕУ, (измена и дополнување на Законот против корупција усвоен на 18 април 2002 г.).

Мора да се подвлече дека Европската унија бара земјите-кандидати за членство активно да се борат против корупцијата и организираниот криминал. Борбата против корупцијата останува главен приоритет во агендата за проширување на ЕУ. Условите се јасни, од судството и јавната администрација мора да се обезбедат ефективни услуги. Отчетноста и транспарентноста се задолжителни. Кога станува збор за помош, ЕУ обезбедува конкретна помош во напорите на земјите кои се борат против корупцијата. Членки на ЕУ со хронични корупциски проблеми како што се Бугарија и Романија се следени и контролирани за да се забележи напредок во напорите за сузбивање. Секоја храбра политика бара силни мерки и силни решенија.Искуството на Бугарија и Романија покажува дека користењето на постојаното членство во ЕУ за намалување или елиминирање на корупцијата не е ниту лесно ниту едноставно. Дел од предизвикот е дека во пред-пристапниот период - земјите добиваат поддршка од голем број странски извори и често различни совети за тоа како да се борат против корупцијата. ЕУ се обидува да се разгледа прашањето на корупцијата во правосудниот систем на хармонизирани закони.

*2)* Да се согледа потребата за потпишување на Меморандум за соработка на ниво на парламенти помеѓу државите од регионот кои би се довеле во директна соработка со јавни обвинители по прашањето за митото и корупцијата.

*Практични цели*

*3)* Да се согледа потребата за издигнување на јавната свест за ефектите и за причините на корупцијата како централен елемент во улогата на граѓанското општество во борбата против корупцијата. Преку медиумски кампањи за рекламирање, одење од врата до врата, работилници и конференции во главните градови и во руралните делови. Кампањи кои имаат за цел да изградат поддржувачко тело кое директно ќе врши притисок врз Владата за спроведување на антикорупциската реформа, сметајќи дека Владата е одговорна и дека на граѓанското општество ќе му го даде потребниот кредибилитет и потребната легитимност, за групите да бидат сериозно сфатени. Кампањи за издигнување на јавната свест, обезбедувајќи и на јавноста информации за природата и за причините за корупцијата, со цел да ја мотивираат јавноста да преземе акција и да ја поддржи реформата, наместо да ја толерира корупцијата.

*4)* Да се утврди потребата од спроведување на законодавството за борба против корупцијата

*5)* Да се утврди потребата од зголемување на транспарентноста и одговорноста/ отчетноста на Владата.

Принципот на јавен пристап значи дека вкупната јавност и масовните медиуми имаат пристап на официјални документи. Значи, граѓаните да имаат јасен увид во активностите на Владата и локалните власти. Тоа се базира на идејата дека за демократијата е добро таа да биде под надзор, затоа што транспарентноста го намалува ризикот од злоупотреба на власта. Принципот на јавен пристап до официјалните документи (како во Шведска на пример) го прави општеството слободно и отворено. Отвореноста се однесува и на создавање на општество на еднаквост. Во 2009 година врз основа на ставот на сите 785 делегати во Европскиот парламент, Шведска беше прогласена за земја која најмногу ги има насочено напорите во подобрување, транспарентност, отвореност и демократија во општеството.

### 1.3 Хипотетска рамка на истражувањето:

*Општа хипотеза на истражувањето:*

- **Постоењето на корупцијата во едно општество не е предизвикано од еден фактор туку од синергетското дејствување на повеќе општествени фактори**

*Посебни хипотези:*

- **Економските фактори** влијаат врз поткупувањето и одржувањето на корупцијата во општеството
- **Правната регулатива** влијае врз постоењето на корупцијата во општеството
- **Политичката состојба** влијае врз корупцијата поради формирањето на центрите на моќ. Нерегулирањето на моќта во заедницата предизвикува корупција
- **Културолошките фактори (менталитетот, вредносниот систем на населението)** влијаат врз постоењето и одржувањето на корупцијата во општеството

**-Економски фактори**

Слабата материјална, економска основа на општеството во периодот на транзиција од една страна е лимитирачки фактор на етаблирање на демократските односи и развиен правен систем, а од друга страна е стимулативен фактор за започнување на беспоштедна трка во прерасределбата на и така лимитираниот капитал.

Транзиционите процеси во Централна и Источна Европа придонесоа за загрижувачки пораст на корупцијата посебно во политичките и економско-финансиски структури. Порастот на криминалот во овој дел на Европа се случува во услови на недоизграден правно-политички систем и механизми на заштита во борбата против разните облици на криминал.

Корупцијата од економско гледиште подразбира настојување поради лична корист да се зголеми приходот од службата поради што се јавува пореметување во условите на пазарна конкуренција. Заради корупцијата се јавува и додатен трошок во трансакциите бидејќи таа создава неизвесност при изборот меѓу повеќе можности.

**-Правна регулатива**

Измена и дополнување на Законот за кривичната постапка, донесување на Закон за заштита на сведоци и натамошна ратификација и имплементација на одредбите на меѓународните инструменти од областа на организираниот криминал и корупцијата.

Законодавство во економско - финансиската сфера за регулирање на односите што се создаваат во соодветната администрација, и максимално намалување на можноста за појава и развој на корупција во таквите финансиски сектори кои што лесно се инфицираат од корупцијата, како што се даноците и царините, секторот за распределба на буџетските средства, тендерите, развојот на неформалната економија.

Може да се каже дека можноста за појава на корупција е дотолку поголема колку прописите се построги и покомплицирани, и со тоа слободата на одлучување кај службениците е поголема.

**-Политичката состојба**

Корупцијата постои поради формирањето на центрите на моќта. Нерегулирањето на моќта во заедницата предизвикува корупција.

Притисокот на граѓанското општество може, на одреден начин, да влијае врз одлуките на Владата, дури и во случај на корумпирана Влада. Владин службеник, соочен со притисокот на јавноста, би ги занемарил придобивките на корупцијата и би одбрал да ги следи барањата на јавноста. Претпоставката подразбира дека Владата соодветно ги застапува интересите на јавноста, за јавноста нејзе да и ја предаде моќта, или дека незадоволството на јавноста со политиките на Владата ќе предивика реакции од страна на другите актери (донаторската заедница, меѓународната заедница, ЕЗ, НАТО) кои, пак, ќе имаат влијание врз Владата. Основната идеја е во тоа дека политичарите се рационални актери кои се заинтересирани за тоа повторно да бидат избрани, па поради тоа реагираат на барањата и на она што го претпочита јавноста).

**-Културолошки фактори (менталитет, вредносен систем)**

Сите граѓани имаат заеднички интерес за постоење на средина без корупција. Сите групи на граѓанското општество – од НВО до приватниот сектор – и сите граѓани имаат заеднички интерес во градењето за средина без корупција. Бидејќи трошоците за корупцијата ги сносат сите, борбата против корупцијата ги надминува политичките или етничките поделби. Донаторите на корупцијата гледаат како на прашање коешто се провлекува секаде и може да мобилизира широки коалиции на интереси.

Познавањето на нивоата и на ефектите на корупцијата ќе ги мотивира граѓаните активно да се борат против истата.

Актерите на граѓанското општество и воопшто, населението, во голема мерка, или не се свесни за корупцијата или се свесни но ја толерираат, бидејќи не ги знааат доволно нејзините вистински причини и последици. Откако ќе им бидат дадени овие информации, тие ќе бидат мотивирани да формираат група за поддршка, којашто ќе ја стави под прашање владината документација за транспарентност, одговорност и интегритет.

*Поединечни хипотези:*

- Корупцијата претставува негативен регулатор на вредностите и системите поради немоќноста на заедницата да ги регулира на конструктивен и здрав начин.
- Неконтролираните од страна на демократската јавност центри на моќ (политичките партии) кога се на власт со својот однос и со својот степен на развиена свест за демократија и искуство во примена на демократските вредности стимулираат корупција.
- Низ законодавна пракса и со помош и поддршка на меѓународната соработка ќе дојде до намалување на нивото на корупција.
- Постои тешкотија при законското справување со корупцијата поради неможноста за нејзино докажување.

## 1.4. Методи на истражувањето

Примарни методи на истражувањето се интервјуто и анкетата, а секундарен е компаративниот метод.

Научниот труд првенствено се базира на емпириските податоци добиени со помош на примарните методи, а секако е консултиран и метод за теоретска анализа на материјали, репорти, книги, извештаи, анализи кои ја третираат проблематиката на корупцијата, релевантни за истражувањето.

Прибирањето на податоците во ова истражување беше преку директен контакт анкетар-испитаник, лице в лице.

Користен е национално репрезентативен повеќестепен случаен примерок со пропорционална застапеност на урбани и рурални подрачја.

Целната група, односно, анкетираните се лица од 18+ години, при што во анализата на податоците се направени соодветни вкрстувања според демографски карактеристики (пол, возраст, националност, социјален статус, семејни приходи, населено место, регион, работен статус и образование).

Анкетирани се вкупно 1172 испитаници, случајно одбрани преку системот на прв следен роденден.

Компаративниот метод во ова истражување исто така зазема значајно место. Имено, се прави споредба со третирањето на корупцијата во соседните земји и позитивните примери на борбата со корупцијата во земјите од светот.

## 1.5. Емпириски податоци

Создавањето на позитивен тренд за намалување на корупцијата може да се огледа во усвојувањето на неколку важни системски закони и напори на цивилното општество со оваа проблематика да ја мобилизира јавноста.

Корупцијата како пречка на развојот на општествената заедница, доведува до ситуација граѓаните и на конкретен и на општ начин да бидат губитници.

Полемиките кои се водат во сферата на политиката, парламентот и медиумите создава клима која ја мобилизира јавноста околу заземањето ставови за корупцијата.

Резултатите од истражувањето спроведено 2004 година[18] покажува висок процент на граѓани кои изјавуваат дека корупцијата е голем проблем, и тоа во рамките на целата држава.

Во рамките на репрезентативниот примерок, две третини (63%)од граѓаните на РМ корупцијата ја перцепираа како голем проблем и со тоа е докажано дека општествената релевантност индицира дека на разни начини граѓаните се соочуваат со проблемот на корупција.

Анализата на одговорите на прашањата поврзани со корупцијата овозможува да создадеме една слоевита слика за општествената реалност во однос на свеста и перцепцијата за корупција во земјата.

Податоците од истражувањето спроведено во 2004 година исто така покажуваат и дека постои тенденција на стагнирање во разрешувањето на проблемите со корупцијата. Болните точки во функционирањето на македонското општество преку истражувањето спроведено во 2004 година оцени дека тоа се царината, судовите и здравството. Овие три фокуси претставуваат еден т.н. патоказ за тоа во кои сфери е најелементарно спроведување на акции за сузвивање на корупцијата.

Рејтингот на институциите во кои се огледаше корупција во однос на сите респонденти во истражувањето од 2004 година е прикажан на следната табела. Царината како прва најкорумпирана институција ја оквалификуваа сите испитаници без оглед на нивната националност што покажува дека најголемиот процент на сложување за состојбите се огледаа токму во оваа институција.

[18] Ивановиќ, Ивана. "Манифестните форми на корупцијата во македонското општество", магистерски труд, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Филозофски Факултет

Табела 4. Приказ на одговорите за распространетоста на митото и коруцијата помеѓу вработените во 14 испитувани сфери според националноста на испитаниците (рангирани по најголема распространетост на корупција)
процентите во табелата се средни вредности на мерна скала каде:
1=скоро никој; 2=неколкумина; 3=повеќето; 4=скоро сите вработени се корумпирани

| | Вкупно |
|---|---|
| Царина | 3.31 |
| Судови | 3.14 |
| Здравство | 3.03 |
| Парламент | 2.95 |
| Владата | 2.94 |
| Локална самоуправа | 2.77 |
| Образование | 2.75 |
| Полиција | 2.69 |
| Градоначалник | 2.66 |
| Синдикатот | 2.52 |
| Странците во Македонија | 2.40 |
| Банките | 2.15 |
| Медиуми | 2.04 |
| Армија | 1.94 |

Имајќи предвид дека една појава зависи од многу фактори, така и корупцијата може да подлежи на разгледување низ неколку призми.

Перцепцијата на корупцијата од страна на испитаниците од различни националности се покажа дека е различна особено кај оние коишто живеат во етнички мешани региони.

Статистички значајни наоди во перцепцијата на корупцијата од страна на различни националности во различни региони се најдени во пет (5) сфери од испитуваните четиринаесет (14).

Оваа двофакторијална анализа на варијанса ни го покажа следното:

Главниот ефект на факторот регион е статистички значаен (различни одговори во зависност од регионот)

Главниот ефект на факторот националност е статисистички не значаен (испитаниците исто мислат без оглед на националноста на која и припаѓаат)

Интеракцискиот ефект на двата фактора (регион и националност) е статистички значаен (испитаници од разни националности во различни региони даваат различни одговори).

### 1.5.1. Осврт кон резултатите од спроведеното теренско истражување (2010 година)

На прашањето "генерално колку е широко распространета корупцијата во РМ", резултатите прикажани подолу покажуват слика на повеќе од половина граѓани, испитаници кои сметаат дека корупцијата е широко распространета. Овој податок говори дека во Македонија некои од основните сектори и институции се индентификувани како корумпирани.

Ова покажува исто така дека во овој регион сеуште има фундаментални проблеми кои треба да се решат. Овој преглед на податоци го рефлектира мислењето на луѓето, кои можеби имале искуство дека институциите не функционираат добро или не можеле да имаат пристап до некаков фер процес. Најважниот добиен податок од ова прашање е секако дека околу 94% од испитаниците се изјасниле за постоењето на феноменот.

Табела 5. Фреквенција на одговори од прашањето: Според ваше мислење , постои ли корупција во РМ?

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 Корупцијата не постои во Македонија | 11 | 1,0 |
| 2 Корупцијата постои во но не е широко распространета | 153 | 13,2 |
| 3 Корупцијата е широко распространета | 650 | 56,2 |
| 4 Корупцијата постои но не знам колку е распространета | 282 | 24,3 |
| 9 Не знам дали постои корупција во Македонија | 62 | 5,3 |
| Тотал | 1157 | 100,0 |

Следниот сет на прашања се однесува на степенот на постоењето на корупција во неколку области. Во спроведеното теренско истражување, во 2004 година, Царината беше идентификувана како прва најкорумпирана институција која ја оквалификуваа сите испитаници без оглед на нивната националност.

Токму кај оваа институција се покажа најголемиот процент на сложување на граѓаните за состојбите во царината.

Поткрепувачки податоци за овој факт и 6 години подоцна доаѓаат токму од Претседателот на антикорупциската комисија, г-динот Селами, кој го обелодени својот став дека царината е една од институциите во земјава каде корупцијата е најприсутна. Неговите изјави, потенцираше дека се темелеле на бројните предмети за корупција кои

пристигнале на негова адреса, и потенцира дека посочените треба засилено да се борат за да се спречи нејзиното ширење. Претседателот деновиве јавно предупреди дека корупцијата не само што е најприсутна во царината, (понатаму во правосудството и администрацијата), туку таа и загрижувачки се зголемувала. Од Царината секако очекувано реагираа дека ваквата оценка била неточна, произволна и паушална.

И се додека посочуваните страни кои се идентификувани како инфицирани од корупција, си ја подаваат топката со обвиненија, податоците добиени од релевантни истражувања остануваат да сведочат за постоењето на корупцијата. Од следната табела може да се забележи дека околу две петини од граѓаните ја издвоиле највисоката можна оцена за присуство на корупција во царината.

Табела 6. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Царината во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 25 | 2,2 |
| | 2 2 | 88 | 7,6 |
| | 3 3 | 228 | 19,7 |
| | 4 4 | 205 | 17,7 |
| | 5 Има многу корупција | 456 | 39,4 |
| | 9 Не знае | 157 | 13,5 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Согласно истражувањето, и полето на образованието се наметна како едно од најранливите сфери за корупција во Македонија.

Корупцијата во образованието, како појава, со секое повисоко скалило во образованието, станува почеста појава. Испитаниците во истражувањето и во ова поле во најголем број ја издвоиле највисоката оцена.

Табела 7. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Образованието во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 55 | 4,7 |
| | 2 2 | 129 | 11,2 |
| | 3 3 | 287 | 24,8 |
| | 4 4 | 226 | 19,5 |
| | 5 Има многу корупција | 340 | 29,4 |
| | 9 Не знае | 120 | 10,4 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Според годинашниот глобален барометар за корупција од ТИ и според спроведеното теренско истражување, судството останува на врвот на листата најкорумпирани во Македонија. Во извештајот на Советот на Европа, изразена е загриженост дека јавното мислење во Бугарија, Грузија, Ерменија, Македонија и Косово сметат дека токму институцијата која е задолжена да ги гони корумпираните и да ги заштитува тие што ја откриваат корупцијата е најкорумпираната институција во нивната држава.

Парламентарното собрание на Советот на Европа токму заради загрижувачките податоци ги повикува земјите-членки на Советот на Европа да не ја игнорираат корупцијата во судството и да направат самокритика и со следење на примерот на Германија, односно да го проучат нивото на длабочината до која допрела корупцијата во правосудниот систем и да преземат превентивни мерки уште при првите сигнали на опасност.

Токму реалниот проблем во Македонија не останува незабележен и од испитаниците во годинешново истражување.

Со околу 45% на издвоени највисоки оцени за присуство на корупција, судството го зазема местото на примат во однос на другите истражувачки сфери.

Табела 8. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Судството во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција.

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 17 | 1,5 |
| | 2 2 | 61 | 5,3 |
| | 3 3 | 210 | 18,1 |
| | 4 4 | 242 | 20,9 |
| | 5 Има многу корупција | 517 | 44,6 |
| | 9 Не знае | 111 | 9,6 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Здравството е третата по ред сфера каде испитаниците во највисок број издвојуваат највисоки оцени (41.5%).

Здравството во изминатиот период беше во центарот на вниманието во јавноста. За тоа придонесоа аферите со повеќе смртни случаи на пациенти, потоа притворањето на осомничени за мито за одобрување инвалидски пензии, аферата со празните аптеки и намалените квоти за лекови од позитивната листа, долгото чекање за неопходните прегледи, новите правила за издавање лекови, тендерот за набавка на

медицинска опрема, кој од првичните 48 милиони евра се зголеми на 68 милиони евра, стравотните состојби во психијатриските болници... Оттаму, за познавачите не чуди ваквата перцепција кај граѓаните. Перцепцијата за корупцијата во здравството е можеби последица на неспроведување на реформите во овој сектор и фактот дека секоја влада си носи свои реформи во здравството.

Кризата во државното здравство резултира со одлив на голем процент на пациенти кои одат во приватното здравство притоа плаќајќи двапати, еднаш со придонесите како здравствени осигуреници, и втор пат како пациенти во некоја приватна здравствена установа.

Без оглед дали мислењето на граѓаните се базира на искуството или тоа се само декларативни ставови, иронијата на овој висок процент е инертноста на граѓаните за обелоденување односно фактот дека во Фондот за здравство на инфолинијата 080033222 досега не е пријавена корупција.

Во последно време низ медиумите се среќава информацијата дека необезбедувањето употребливи докази за судската постапка се елемент за ослободување од вината на пријавените "митации" лекари. Но и дека полицискиот лов на здравствените случаи за подмитување, со помош на обележани банкноти, е плод на кодошење меѓу самите лекари-колеги. Дури последниот случај на Клиниката за урологија се врзува за колегијална сопка. Но колку има вистина во тоа?

Табела 9. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Здравството во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 28 | 2,4 |
| | 2 2 | 94 | 8,2 |
| | 3 3 | 223 | 19,3 |
| | 4 4 | 243 | 21,0 |
| | 5 Има многу корупција | 480 | 41,5 |
| | 9 Не знае | 89 | 7,7 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Официјалните податоци за коруптивно однесување во МВР во 2010 година покажуваат дека кривично биле пријавени 25 вработени во Министерството за внатрешни работи, а за последниве три години на 78 лица им е даден отказ. Податоците од истражувањето пак покажуваат дека една третина од испитаниците ги издвоиле највисоките оцени за присуство на корупција во полицијата.

Табела 10. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Полицијата во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 66 | 5,7 |
| | 2 2 | 141 | 12,1 |
| | 3 3 | 240 | 20,8 |
| | 4 4 | 210 | 18,1 |
| | 5 Има многу корупција | 357 | 30,8 |
| | 9 Не знае | 144 | 12,4 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Корупцијата во политичките партии е второрангирана област со највисоки оцени за присуство на корупција, согласно одговорите на испитаниците од спроведеното истражување. Имено, дури 42% проценти се изјасниле дека во политичките партии има многу корупција.

Негативните ефекти поради начинот на кој што се појавува корупцијата во политиката влијаат врз начинот на кој политичарите и луѓето кои владеат во светот ги донесуваат своите одлуки. Директно негативно влијае и врз пазарната економија бидејќи нема доволно услови за пазарен натпревар и најдобрите економски субјекти практично да го добијат она што треба да го добијат, а предизвикува и потикнување на работењето на црно и го намалува собирањето на даноците и другите приходи во државите. Најважна е опасноста луѓе вклучени во сомнителните бизниси и организиран криминал, кои имаа големи финансиски средства, да влијаат врз политиката.

Во делот на финансирањето на политичките партии, ГРЕКО Групата на држави против корупција констатира обемна законска регулатива, но без ниту еден единствен голем случај за партија или кандидат обвинет или казнет за прекршување на одредбите за политичко финансирање. Во спротивност, со робустната легална рамка што ја регулира оваа област, ГРЕКО наведува дека проблемот со спроведувањето е и поради големиот број надзорни тела што го контролираат политичкото финансирање, поради што се разводнува нивна компетенција што доведува до неефикасен систем на надворешна супервизија.

Препораките за борба против корупцијата се однесуваат на подобрување на транспарентноста во финансирањето на политичките партии. Тоа значи воведување јасни одредби со кои ќе се утврди почетокот на изборната кампања, но и обврска за подготвување финансиски извештаи во овој период. Дополнување на Изборниот закон

со цел да се осигури дека услугите доделени на организаторите на изборната кампања по намалени цени се соодветно идентификувани и оправдани по пазарна вредност, како, на пример, донациите, со цел да се осигури дека правилата за максимална висина на донација не се заобиколени.

Во делот на супервизијата на политичкото финансирање, треба да се обезбеди главно независно тело што ќе биде потпомагано од други надлежни органи, со мандат и адекватни овластувања и ресурси да спроведуваат ефикасна супервизија, истрага и примена на регулативите.

Потребна е транспарентност на сметките и на активностите на лица директно или индиректно поврзани со политичките партии или други под нивна контрола и да се вклучат нивните сметки во сметките на политичките партии. Исто така, потребно е да се осигури дека сите политички партии се адекватно информирани за применливи регулативи за политичко финансирање, особено во однос на нивните книговодствени аспекти.

Механизмот на санкции за прекршување на правилата за политичко финансирање ефикасно да се применува на теренот, особено да се осигури дека санкцијата за губење јавни финансиски средства од политички партии и организатори на изборната кампања може да се примени во практика.

Корупцијата во политичките партии со највисоки оцени е оценета од страна на 42% испитаници.

Табела 11. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Политичките партии во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција.

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 31 | 2,7 |
| | 2 2 | 66 | 5,7 |
| | 3 3 | 202 | 17,4 |
| | 4 4 | 201 | 17,4 |
| | 5 Има многу корупција | 487 | 42,1 |
| | 9 Не знае | 171 | 14,8 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Искуствата од земјите од ЕУ укажуваат дека Македонија е можеби единствената земја во Европа каде ревизорските извештаи не се разгледуваат во Парламентот. Парламентот ги претставува даночните обврзници и тие треба да бидат информирани за

начинот на кој работи Владата. Разгледување на ревизорските извештаи мора да има и во македонското собрание. Во рамките на Собранието можеби би било полезно да се основа посебна Комисија за надзор над јавните финансии, како што е тоа во некои европски држави, (на пример Словенија), која ќе се грижи за надзорот и ќе дебатира за извештаите на државниот ревизор.

Ваква идеја македонските власти имаа прифатено уште пред три години, но откако се појавија неколку негативни ревизорски извештаи за работењето на министри од Кабинетот на премиерот, во измените на законот ја избришаа можноста Собранието да дебатира за тоа дали власта наменски или ненаменски ги троши парите на граѓаните.

Корупцијата во парламентот е област каде што една третина од испитаниците со највисоки оцени го оцениле присуство на корупција.

Табела 12. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Парламентот во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција.

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 43 | 3,8 |
| | 2 2 | 83 | 7,2 |
| | 3 3 | 221 | 19,1 |
| | 4 4 | 199 | 17,2 |
| | 5 Има многу корупција | 384 | 33,2 |
| | 9 Не знае | 227 | 19,6 |

Истражувањето на Брима Gallup International од јуни годинава покажа дека секој петти граѓанин во земјата, дал или е подготвен да даде мито или да "фати врски" за побрзо да заврши работа. Најчести се отстапките за забрзување на работите околу вадењето на документите (изводи за родени, за брак, дозволи), на второ место се избегнување на проблемите со властите и на трето место се поткупите кои се однесуваат за добивање некоја услуга.[19]

Околу една петина од испитаниците издвоиле највисока оцена за присуство на корупција во Службите за регистрирања и дозволи.

[19] http://www.bbc.co.uk/macedonian/news/story/2010/12/101201_connections.shtml

Табела 13. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Службите за регистрирања и дозволи (изводи за родени, за брак, дозволи) во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција.

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 188 | 16,3 |
| | 2 2 | 199 | 17,2 |
| | 3 3 | 209 | 18,1 |
| | 4 4 | 145 | 12,6 |
| | 5 Има многу корупција | 238 | 20,6 |
| | 9 Не знае | 178 | 15,3 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Претпријатијата за комунални услуги се единствената испитувана сфера во однос на останатите 14, каде што испитаниците во највисок процент се изјасниле дека воопшто нема корупција. Меѓутоа, податоците детектираат и одредено нејзино присуство. Имено, појавата на судир на интереси станува се помасовна во рамките на локалната власт. Има членови на советот на општините низ цела Македонија што истовремено се и директори на разни установи, комунални претпријатија, кои ги основа советот на општината, или на други правни лица што располагаат со државен капитал. Законот за спречување на корупцијата, Изборниот законик и Законот за локална самоуправа го третираат ова прашање, но на различен начин. Само мал број функционери од локалната власт го почитуваат Законот за спречување судир на интереси, некои се конфронтираат со Државната комисија за спречување на корупцијата, а други мудро молчат за да останат на две или на повеќе функции. Има тешкотии во спроведувањето на Законот за спречување судир на интереси, односно не се почитува обврската избраните и именувани јавни функционери да доставуваат изјава за своите лични ангажмани и за ангажманите на своите блиски.

За потребите на вакви мешања на функции и интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата би требало јавно правно да ги протолкува Законот за локална самоуправа и Законот за спречување судир на интереси, со што ќе се овозможи правна сигурност при постапувањето на лицата што се членови на советите на единиците на локалната самоуправа, а кои истовремено вршат и раководна функција.

Табела 14. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во претпријатијата за комунални услуги во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 325 | 28,1 |
| | 2 2 | 208 | 17,9 |
| | 3 3 | 178 | 15,4 |
| | 4 4 | 111 | 9,6 |
| | 5 Има многу корупција | 160 | 13,8 |
| | 9 Не знае | 175 | 15,1 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Даночната корупција е симбол на деловната елита, која најчесто е поврзана со власта, но и инволвирана во неа. Штетите од корупцијата во овие служби е несогледлива. Македонија губи околу десет милиони евра само од нелегална трговија со цигари на пример. Либерализацијата на пазарот и слободната конкуренција би требало да се обезбедат преку намалување на ингеренциите на Владата во давањето контингенти, концесии и преку транспарентност во јавните набавки. На корупцијата и одговара отсуството на правни механизми за нејзино спречување, партиското практикување на власта, нетранспарентноста и неконзистентноста на јавните набавки, неконтролираното трошење на буџетските и на парите од јавните фондови, слабо платените и незаштитени државни службеници и непостоење на вистински независни институции за прогон и санкционирање на корупцијата. Највисоки оцени за присуство на корупцијата во даночните служби во Македонија, македонските испитаници издвоиле околу 23%.

Табела 15. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Даночните служби во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 144 | 12,4 |
| | 2 2 | 166 | 14,3 |
| | 3 3 | 225 | 19,5 |
| | 4 4 | 155 | 13,4 |
| | 5 Има многу корупција | 262 | 22,7 |
| | 9 Не знае | 205 | 17,7 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Се додека државата не му ги обезбеди потребните услови на приватниот сектор да ја извршува својата работа без коруптивни дејства и без да се ослободи од волјата на

власта, неговата работа нема да цвета во Македонија. На пример: фирма на еден градоначалник изведува работи за фирма на друг градоначалник од иста партија, менаџмент на позната компанија ја разјадува фирмата, така што основа сестринска фирма, преку која ги ограбува акционерите, владин функционер купува земјиште за хотел. Ова се само неколку од примерите кои се сомнителни од гледна точка на можни корупциски дела или, кои, во најмала рака претставуваат судир на интереси.

Корупцијата во приватниот сектор го намалува профитот и го лимитира прогресот на фирмите и на компаниите во целина, што генерално се одразува и врз економијата во целина.

Од периодот од 1990 година, па досега, кога имаме демократски режим со слободно пазарно стопанство, наместо политиката на државата да биде одвоена од приватниот сектор, кај нас државата е таа која го диктира нејзиното работење. Секаде има корупција и тоа е факт, но развиените земји кои се соочуваат со корупција имаат развиено систем и механизам што се бори против корупцијата. Кај нас тие механизми се слаби, алките се слабо приврзани и не функционира тој домино-ефект во процесуирање на предметите[20].

Закон за спречување на корупцијата и по дефиницијата и во законските одредби јасно НЕ наведува какви мерки треба да се преземат против лицето што сторило корупциско дејство во една приватна фирма или трговско друштво и за какво кривично дело ќе се товари, што претставува проблем во практичното спроведување на законот.

Во постоечкиот закон, борбата со корупцијата во приватниот сектор е опфатена само со еден член, за разлика од земјите во Европската Унија каде на оваа проблематика се посветува поголемо внимание. Но, и тие диспозиции и одредби во членот се однесуваат на правните лица со некој државен службеник кој би влегол во коруптивно дејство.

Антикорупциската комисија најголем дел од предметите за кои се бара истрага за постоење случај на корупција се однесуваат на јавни набавки и тоа 60%, градежништво 30% и многу мал процент за добивање концесии за склучување купопродажен договор.

---

[20] Претседател на Антикорупциска комисија Илми Селами, дневен весник Шпиц, 23.11.2010

Корупцијата ја намалува репутацијата на една земја, а видлив доказ за тоа е местото на рангирање на скалата, степен што варира кај балканските земји, но во светски рамки се движи меѓу 60-то и 100-то место.

Според податоците на меѓународните институции, годишно 1.000 милијарди долари во светот се одвојуваат за плаќање поткуп, 70% од малите претпријатија се соочуваат со ризик од корупција, а 40% немаат усвоено конвенции и закони и стратегии за нејзино сузбивање.

Корупцијата не се смета за ситен прекршок, туку за кривично дело.

[ПСМ фондацијата, што работи на оваа проблематика, истакнува дека големите компании се покорумпирани, а малите се ситна риба во океанот, но тешко е да се докаже тоа. Досега како фондација најмногу поплаки за корупција во приватниот сектор добиле од штипјани].

Највисоки оцени за присуство на корупцијата во бизнис-привантиот сектор во Македонија, македонските испитаници издвоиле околу 18%.

Табела 16. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Бизнис- приватниот сектор во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција.

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 128 | 11,0 |
| | 2 2 | 165 | 14,2 |
| | 3 3 | 259 | 22,3 |
| | 4 4 | 165 | 14,2 |
| | 5 Има многу корупција | 213 | 18,4 |
| | 9 Не знае | 229 | 19,8 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Македонија е земја на политички зависни медиуми. Од можен најлош 7, Македонија има 4.25 за слободата на медиумите и корупцијата. Според извештајот на „Фридом хаус“[21], медиумите во Македонија се под големо политичко влијание, а како пример се посочува дека сопственици на медиуми се истовремено и лидери на политички партии. Особено е критикувана состојбата со медиумите, што е оправдано

[21] американска организација која во земјите во транзиција анализира критични параметри

доколку се земе предвид фактот дека овој рејтинг земјата го има од 2004 година и никако не се подобрува.

За време на последните парламентарни избори во јуни 2009г., медиумите во изборната кампања не ги третирале сите партии подеднакво. Регистрирано е и насилство врз новинарите, а како особен проблем на новинарите е посочена затвореноста на институциите, што се должи на недоволното спроведување на законот за пристап до информациите.

Според „Фридом хаус", земјата има лоши оценки и за судството и тоа поради големиот број на нерешени случаи, како и многуте процеси кои се водат против новинари.

По повод меѓународниот ден на слобода на медиумите во т.н. Бризбенска декларација која произлезе како завршен документ од конференцијата на УНЕСКО за слободата на медиумите особено се истакнува дека правото на информација е критично за зголемување на транспарентноста и отчетноста и претставува моќно орудие за борба против корупцијата.

Највисоки оцени за присуство на корупцијата во медиумите во Македонија, македонските испитаници издвоиле околу 17%.

Табела 17. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Медиумите во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција.

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 125 | 10,8 |
| | 2 2 | 173 | 15,0 |
| | 3 3 | 259 | 22,4 |
| | 4 4 | 178 | 15,4 |
| | 5 Има многу корупција | 201 | 17,4 |
| | 9 Не знае | 221 | 19,1 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Како најмалку корумпирана институција граѓаните ја сметаат војската. И согласно податоците од глобалниот барометар за корупција (каде 34.5% од граѓаните сметаат дека таа не е корумпирана), исто и од спроведеното теренско истражување, најмалиот број на високи оцени од граѓаните и се доделени токму на оваа сфера (околу 10%).

Овој процент на најмал број од највисоката оцена е во однос на сите останати 15 испитувани сфери.

Табела 18. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Војската во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 269 | 23,3 |
| | 2 2 | 209 | 18,1 |
| | 3 3 | 163 | 14,1 |
| | 4 4 | 95 | 8,2 |
| | 5 Има многу корупција | 113 | 9,8 |
| | 9 Не знае | 307 | 26,5 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Зголемените апетити, но и можноста директно да се злоупотребуваат европските пари од ЕУ фондовите се одличен филтер преку невладиниот сектор.

Пренесувањето на странските искуства во борбата против корупцијата преставуваат исклучителни помагатели во процесот кои овозможуваат преку следење на туѓите примери ако е можно да се прескокнат негативни фази и периоди.

Во првите години од влегувањето во Европската унија во Република Бугарија се констатира забавување на борбата против корупцијата. Зголемено е коруптивно делување на носителите на централната и локалната власт поради добивањето можност за делење на европските фондови, зголемувањето на корупцијата во граѓанскиот сектор и формирање наменски невладини организации од страна на власта.

Со овој корисен пример може да предвидиме што е можно да се случи во Македонија (секако и за останатите земји кандидати за членство во Унијата) во наредните години и да научиме за негативните работи да не ги повториме.

Невладиниот сектор во Македонија треба да направи се за да се заштити користејќи ги бугарските искуства за да не стане носител на коруптивните дејствија. Затоа, треба да биде отворен и организиран за борба против корупцијата Покрај тоа, треба да се создаде коалиција во граѓанскиот сектор за сузбивање на корупцијата и да се развијат структурите и капацитетите за борба против корупцијата.

Во Бугарија по влегувањето во ЕУ се зголеми политичката корупција бидејќи Владата наместо донаторите е задолжена за делење на средствата од европските фондови. Фондовите се користат за лично и за богатење на партијата за зголемување на

полтичката моќ. Корупцијата навлегува и во локалната самоуправа и невладиниот сектор преку формирање на наменски НВО за користење на средствата од фондовите.

Подигнувањето на јавната свест на граѓаните за борба против корупцијата е најдобар сојузник за најзино сузбивање.

Највисоки оцени за присуство на корупцијата во невладиниот сектор во Македонија, македонските испитаници издвоиле околу 17%.

Табела 19. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Невладините организации во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 182 | 15,8 |
| | 2 2 | 170 | 14,7 |
| | 3 3 | 171 | 14,7 |
| | 4 4 | 135 | 11,6 |
| | 5 Има многу корупција | 198 | 17,1 |
| | 9 Не знае | 301 | 26,0 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Највисоки оцени за присуство на корупцијата во религиозните институции во Македонија, македонските испитаници издвоиле околу 17%.

Табела 20. Фреквенција на одговори од прашањето: Во кој степен сметате дека во Религиозните институции во Македонија има корупција? Ве молам одговорете на скалата од 1 до 5 каде 1 значи дека Воопшто нема корупција а 5 значи има многу корупција.

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Воопшто нема корупција | 221 | 19,1 |
| | 2 2 | 194 | 16,7 |
| | 3 3 | 190 | 16,4 |
| | 4 4 | 117 | 10,1 |
| | 5 Има многу корупција | 192 | 16,6 |
| | 9 Не знае | 245 | 21,2 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Следното прашање на кое испитаниците имаа можност да одговараат а кое се однесува на промената на нивото на корупција во државата, пред да го разгледам и протолкувам, ќе се осврнам на последниот извештај на ЕУ, токму на темата:

**Од извештајот на ЕУ за 2010 година:**

Министерството за правда има недостаток од човечки капацитети во клучни сектори како што се ЕУ и анти-корупцијата. Капацитетот на Министерството за правда да го координира на техничко ниво мониторингот на антикорупциските политики е недоволен.

Искуството во судовите е неконзистентно. Независноста на судството останува сериозен проблем кој што има влијание врз решеноста да се бори против корупцијата. Улогата на Министерот за внатрешни работи во авторизирањето на употребата на пресретнување (во рамките на посебните мерки) не е во склад со ЕУ стандардите и поттикнува грижи за несоодветно политичко влијание. Исто така, улогата на Министерот за правда во рамките на Судскиот совет и во Советот на јавните обвинители поттикнува сериозни грижи за постоење на влијание на извршната власт и политичка контрола над работата на судството. Контраверзните разрешувања и непотребното вмешување од страна на министерот за правда покажува дека сегашниот систем не е во согласност со европските стандарди.

Остануваат сомневањата дека отсуството на независно судство ги слабее капацитетите на судството да се занимава со сензитивни случаи на корупција од повисоко ниво.

Најголем број од случаите за корупција кои се носат пред судовите се заради злоупотреба на службена должност, додека случаите за типична корупција (како подмитување, влијание во трговијата) се ретки.

Постоечките одредби за изјави за конфликт на интереси и за финансирањето на политичките партии не се имплементираат. Бројот на случаи во кои што е најден конфликт на интереси е низок. Изјавите на државните службеници се тајни и воопшто не се проверуваат. Нема конзистентно следење на изјавите на именуваните функционери.

Транспарентноста на јавните трошоци не е задоволителна. Законот за достапност до информации не дава можност за проверка на јавните договори. Внатрешните контролни механизми во администрацијата се многу слаби. Законската и институционалната заштита на информаторите е незадоволително. Следствено, известувањето за сомненија за корупција во јавниот сектор е ограничено.

Имплементацијата на легислативата за финансирање на политичките партии и изборните кампањи се уште не дава резултати.

Нема казни за непостапувањето согласно со законот и ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ остануваат неказнети и покрај тоа што своите извештаи ги имаат поднесено една година по крајниот рок.

Се уште нема поведено постапки за трошоците во изборните кампањи. Препораките на ГРЕКО во врска со насоките за барањата за намалувањето на имунитетот за парламентарците се уште не се имплементираат.

Државата се искачи едно ниво погоре во извештаите на Транспаренси Интернешнл, што е направено заради тоа што е регистриран прогрес во објавувањето на одлуките на судовите.

Корупцијата останува доминантна во многу области и останува сериозен проблем.

Горенаведениот дел од извештајот на ЕУ и дистрибуцијата на одговорите на испитаниците прикажани подолу, покажуваат извесни допирни точки. Имено, дека нивото на корупција во изминатите 4 години се зголемило процениле околу 39% од испитаниците (агрегирани одговорите многу и малку се зголемило). Дека ништо не е сторено за напредокот во борбата против корупцијата односно дека нивото на корупција е непороменето во последните 4 години процениле околу 1/3 или 33% од испитаниците. Верба во системот, институциите и пред се власта која декларативно постојано истакнува и проценува дека успешно се справува со оваа негативна појава, изразуваат околу 20% или една петтина од анкетираните испитаници (агрегирани одговорите многу и малку се намалило).

Табела 21. Фреквенција на одговори од прашањето: Во изминатите 4 години како се промени нивото на корупција во државата?

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Многу се зголеми | 241 | 20,8 |
| | 2 Малку се зголеми | 211 | 18,2 |
| | 3 Остана исто | 380 | 32,9 |
| | 4 Малку се намали | 218 | 18,8 |
| | 5 Многу се намали | 18 | 1,5 |
| | 9 Не знае | 90 | 7,8 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Разгледувани одговорите на испитаниците низ призма на нивната возраст, забележано е дека дури за двојно се разликуваат одговорите на младите од 18-24 годишна возраст и испитаниците на возраст од 25-39 години кои сметаат дека

корупцијата малку се намалила. Највозрасниот дел од испитуваната популација (55+), имаат во најголем број одговори дека во изминатите 4 години нивото на корупција во државата е останато исто.

Табела 22. Распределба на одговорите за промената на нивото на корупција во државата според возраста на испитаниците:

| | | Возраст | | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18-24 | 25-39 | 40-54 | 55+ | |
| Во изминатите 4 години како се промени нивото на корупција во државата? | Многу се зголеми | 19,9% | 22,7% | 21,0% | 19,3% | 20,8% |
| | Малку се зголеми | 22,7% | 16,4% | 19,7% | 16,0% | 18,2% |
| | Остана исто | 34,1% | 31,0% | 30,6% | 36,6% | 33,0% |
| | Малку се намали | **10,8%** | **21,2%** | 21,0% | 18,4% | 18,8% |
| | Многу се намали | 2,3% | 2,1% | ,3% | 1,5% | 1,5% |
| | Не знае | 10,2% | 6,6% | 7,3% | 8,2% | 7,8% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во однос на образованието, највисоко образованите испитаници (високо и постдипломски студии) во најголем број сметаат дека изминатите 4 години нивото на корупција во државата е останато исто.

Дистрибуцијата на одговорите на испитаниците во однос на прашањето за промената на нивото на корупција во изминатите 4 години, разгледувана низ призма на нивната националност, покажува извесни разлики во перцепцијата кај Македонците односно испитаниците Албанци.

Имено, кај испитаниците Албанци се забележуваат дури за двојно поголем број на одговори кои се однесуваат на зголеменото ниво на корупција.

Табела 23. Распределба на одговорите за промената на нивото на корупција во државата според националноста на испитаниците:

| | | Националност | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | |
| Во изминатите 4 години како се промени нивото на корупција во државата? | Многу се зголеми | 16,7% | 34,5% | 14,7% | 20,8% |
| | Малку се зголеми | 15,5% | 28,5% | 11,2% | 18,2% |
| | Остана исто | 35,7% | 22,8% | 38,8% | 32,8% |
| | Малку се намали | 23,3% | 5,3% | 21,6% | 18,8% |
| | Многу се намали | 2,1% | | 1,7% | 1,6% |
| | Не знае | 6,7% | 8,9% | 12,1% | 7,8% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Дистрибуцијата на одговорите на прашањето кое се однесува на мислењето на граѓаните дали постои начин да се намали корупцијата, покажува дека тие во најголем

број сметаат дека постои начин да се намали, но не и да се едлиминира. За да се намали нивото на корупцијата на одржлив начин, важно е да се оди подалеку од симптомите и да се справи со причините за корупцијата.

Табела 24. Фреквенција на одговори од прашањето: Мислејќи на корупцијата во Државата, кој од следниве искази е најблиску до Вашето гледиште?

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Не постои начин да се намали корупцијата | 220 | 19,0 |
| | 2 Постои начин да се намали но не и да се елиминира | 684 | 59,1 |
| | 3 Постои начин потполно да се елиминира корупцијата | 161 | 13,9 |
| | 9 Не знам | 92 | 8,0 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Разгледувајќи ги одговорите низ призма на возраста на испитаниците, се забележува дека повозрасните испитаници изразуваат поголема скептичност во можноста корупцијата да се намали, во однос на помладите испитаници (од 18 до 39 години).

Табела 25. Распределба на одговорите за корупцијата во државата според возраста на испитаниците:

| | | Возраст | | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18-24 | 25-39 | 40-54 | 55+ | |
| Мислејќи на корупцијата во Државата, кој од следниве искази е најблиску до Вашето гледиште? | Не постои начин да се намали корупцијата | 16% | 16% | 22% | 21% | 19% |
| | Постои начин да се намали но не и да се елиминира | 64% | 58% | 55% | 60% | 59% |
| | Постои начин потполно да се елиминира корупцијата | 10% | 19% | 16% | 10% | 14% |
| | Не знам | 10% | 7% | 7% | 9% | 8% |
| | Тотал | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во однос на образованието на испитаниците, се забележува дека кај најмалку образованите има и најголем број одговори дека не постои начин да се намали корупцијата. Сепак кај околу две третини од испитаниците без оглед на нивното образование, најчест одговор за справувањето со корупцијата во државата е дека постои начин да се намали но не и да се елиминира

Табела 26. Распределба на одговорите за корупцијата во државата според образованието на испитаниците:

| | | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Високо образование | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Мислејќи на корупцијата во Државата, кој од следниве искази е најблиску до Вашето гледиште? | Не постои начин да се намали корупцијата | 22% | 23% | 16% | 20% | 19% |
| | Постои начин да се намали но не и да се елиминира | 51% | 48% | 66% | 62% | 59% |
| | Постои начин потполно да се елиминира корупцијата | 7% | 16% | 14% | 13% | 14% |
| | Не знам | 20% | 13% | 4% | 5% | 8% |
| | Тотал | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во однос на распределбата на одговорите разгледувани низ етничката припадност на испитаниците се гледа дека поголем број (24%) од испитаниците етнички Албанци ја гледаат корупцијата како феномен за кој не постои начин да се намали.

Табела 27. Распределба на одговорите за корупцијата во државата според националноста на испитаниците:

| | | Македонец | Албанец | Друго | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| Мислејќи на корупцијата во Државата, кој од следниве искази е најблиску до Вашето гледиште? | Не постои начин да се намали корупцијата | 16% | 24% | 26% | 19% |
| | Постои начин да се намали но не и да се елиминира | 64% | 47% | 56% | 59% |
| | Постои начин потполно да се елиминира корупцијата | 14% | 17% | 8% | 14% |
| | Не знам | 6% | 12% | 10% | 8% |
| | Тотал | 100% | 100% | 100% | 100% |

Во врска со понудените одговори на следното прашање, кои се однесуваат на акции или мерки за борба против корупцијата, во најголем број испитаниците ја издвоија "Строги пресуди за оние кои што ќе бидат обвинети", на отпаѓаат околу една третина од одговорите (30%). Потоа за околу двојно помалку е издвоена "Програма која ќе ги штити луѓето кои имаат докази" (13%) и отстранување на корумпирани службеници за која се определиле околу 12% од испитаниците.

Табела 28. Фреквенција на одговори од прашањето: Која од следниве акции или мерки според Ваше мислење би била најефективна во борба против корупцијата во Македонија?

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Строги пресуди за оние кои што ќе бидат обвинети | 343 | 29,7 |
| Програма која ќе ги штити луѓето кои имаат докази | 148 | 12,8 |
| Да се отстранат корумпирани службеници | 141 | 12,2 |
| Да се назначи обвинителство кое ке ги истражи тврдењата | 119 | 10,3 |
| Да им се даде поголема моќ на судовите (независни) | 115 | 10,0 |
| Систем за пријавување на случаи на корупција | 93 | 8,0 |
| Да се зголемат платите на службениците | 86 | 7,4 |
| Не знам | 73 | 6,3 |
| Ни едно од овие | 32 | 2,8 |
| Друго | 7 | ,6 |
| Тотал | 1157 | 100,0 |

Дистрибуцијата на податоци разгледувана низ призма на полот на испитаникот покажува дека машките испитаници во поголем број истакнуваат поригорозни акции кои се однесуваат на: строги пресуди или отстранување на корумпирани службеници додека женските испитаници во поголем број ги истакнуваат мерките кои се однесуваат на зголемување на платите на службениците и програми за заштита на луѓето кои имаат докази.

Табела 29. Распределба на одговорите за акции или мерки во борба против корупцијата во Македонија според полот на испитаниците:

| | | Пол на испитаникот | | Тотал |
|---|---|---|---|---|
| | | Машко | Женско | |
| Која од следниве акции или мерки според Ваше мислење би била најефективна во борба против корупцијата во Македонија? | 1 Да се назначи обвинителство кое ке ги истражи тврдењата | 10,8% | 9,8% | 10,3% |
| | 2 Да им се даде поголема моќ на судовите (независни) | 10,1% | 9,8% | 9,9% |
| | 3 Да се зголемат платите на службениците | 5,9% | 8,9% | 7,4% |
| | 4 Програма која ќе ги штити луѓето кои имаат докази | 11,0% | 14,6% | 12,8% |
| | 5 Строги пресуди за оние кои што ке бидат обвинети | 32,5% | 26,9% | 29,6% |
| | 6 Да се отстранат корумпирани службеници | 13,6% | 10,8% | 12,2% |
| | 7 Систем за пријавување на случаи на корупција | 8,2% | 7,9% | 8,0% |
| | 8 Ни едно од овие | 4,2% | 1,4% | 2,8% |
| | 9 Не знам | 3,1% | 9,4% | 6,3% |
| | 10 Друго | ,5% | ,7% | ,6% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во однос на возраста на испитаниците, највозрасните испитаници почесто ги избираат акциите за борба против корупција кои се однесуваат на обвинителство кое ќе истражува тврдења или отстранување корумпирани службеници, додека пак младите испитаници во поголем број ги избираат акциите како што се програма која ќе ги штити луѓето кои имаат докази, строги пресуди за оние кои што ќе бидат обвинети и воспоставување на систем за пријавување на случаи на корупција.

Табела 30. Распределба на одговорите за акции или мерки во борба против корупцијата во Македонија според возраста на испитаниците:

| | | Возраст | | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18-24 | 25-39 | 40-54 | 55+ | |
| Која од следниве акции или мерки според Ваше мислење би била најефективна во борба против корупцијата во Македонија? | 1 Да се назначи обвинителство кое ке ги истражи тврдењата | 8,5% | 10,1% | 10,5% | 11,2% | 10,3% |
| | 2 Да им се даде поголема моќ на судовите (независни) | 7,9% | 12,2% | 10,2% | 8,5% | 9,9% |
| | 3 Да се зголемат платите на службениците | 6,8% | 9,2% | 6,7% | 6,7% | 7,4% |
| | 4 Програма која ќе ги штити луѓето кои имаат докази | 16,4% | 11,0% | 12,7% | 12,7% | 12,8% |
| | 5 Строги пресуди за оние кои што ќе бидат обвинети | 33,9% | 28,6% | 29,3% | 29,1% | 29,7% |
| | 6 Да се отстранат корумпирани службеници | 6,8% | 11,6% | 13,4% | 14,5% | 12,2% |
| | 7 Систем за пријавување на случаи на корупција | 11,3% | 10,1% | 6,4% | 5,5% | 8,0% |
| | 8 Ни едно од овие | 1,7% | 1,8% | 3,2% | 4,2% | 2,9% |
| | 9 Не знам | 6,8% | 4,5% | 7,0% | 7,3% | 6,3% |
| | 10 Друго | | ,9% | ,6% | ,3% | ,5% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Според образованието на испитаниците, се огледаат извесни разлики во одговорите кои се однесуваат на акции и мерки против корупцијата. Имено, највисоко образованите почесто ги избираат акциите како зголемувањето на платите на службениците, иницирање програми за заштита на луѓето кои имаат докази за корупција и остранување на корумпирани службеници додека пак најмалку образованите во најголем обем истакнале дека построги акции како што се строги пресуди за оние кои што ке бидат обвинети за корупција.

Табела 31. Распределба на одговорите за акции или мерки во борба против корупцијата во Македонија според образованието на испитаниците:

| | | Кое е највисокото ниво на образование што имате завршено? | | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Високо образование | |
| Која од следниве акции или мерки според Ваше мислење би била најефективна во борба против корупцијата во Македонија? | 1 Да се назначи обвинителство кое ке ги истражи тврдењата | 11,3% | 9,1% | 10,6% | 11,0% | 10,3% |
| | 2 Да им се даде поголема моќ на судовите (независни) | 2,4% | 10,1% | 12,4% | 7,5% | 10,0% |
| | 3 Да се зголемат платите на службениците | 7,3% | 8,1% | 6,5% | 9,2% | 7,4% |
| | 4 Програма која ќе ги штити луѓето кои имаат докази | 8,1% | 9,4% | 14,0% | 17,9% | 12,7% |
| | 5 Строги пресуди за оние кои што ке бидат обвинети | 35,5% | 28,9% | 30,5% | 24,3% | 29,7% |
| | 6 Да се отстранат корумпирани службеници | 13,7% | 11,4% | 11,1% | 15,6% | 12,1% |
| | 7 Систем за пријавување на случаи на корупција | 3,2% | 8,8% | 8,3% | 8,7% | 7,9% |
| | 8 Ни едно од овие | 4,8% | 1,9% | 2,9% | 2,9% | 2,8% |
| | 9 Не знам | 13,7% | 11,7% | 2,9% | 2,9% | 6,4% |
| | 10 Друго | | ,6% | ,9% | | ,6% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Националноста како демографска карактеристика влијае на одговорите на испитаниците. Најголемата дискрепанца во одговорите се забележува кај мерката зголемување на платите на службениците каде припадниците на албанската националност за повеќе од двојно ја истакнуваат оваа мерка во однос на испитаниците Македонци (Албанци 12,5%; Македонци 5,3%). Исто така разлика се огледа и во мерката која се однесува на строги пресуди за оние кои што ќе бидат обвинети, каде

припадниците на албанската националност за 10% помалку ја издвоиле во однос на испитаниците Македонци (Албанци 20,7%; Македонци 30,9%).

Табела 32. Распределба на одговорите за акции или мерки во борба против корупцијата во Македонија според националноста на испитаниците:

| | | Националност | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | |
| Која од следниве акции или мерки според Ваше мислење би била најефективна во борба против корупцијата во Македонија? | 1 Да се назначи обвинителство кое ке ги истражи тврдењата | 10,1% | 12,5% | 6,0% | 10,3% |
| | 2 Да им се даде поголема моќ на судовите (независни) | 10,2% | 9,6% | 9,4% | 10,0% |
| | 3 Да се зголемат платите на службениците | 5,3% | 12,5% | 9,4% | 7,4% |
| | 4 Програма која ќе ги штити луѓето кои имаат докази | 13,8% | 12,1% | 6,8% | 12,7% |
| | 5 Строги пресуди за оние кои што ке бидат обвинети | 30,9% | 20,7% | 43,6% | 29,7% |
| | 6 Да се отстранат корумпирани службеници | 12,9% | 9,6% | 13,7% | 12,2% |
| | 7 Систем за пријавување на случаи на корупција | 7,6% | 9,6% | 6,8% | 8,0% |
| | 8 Ни едно од овие | 3,5% | 1,8% | ,9% | 2,8% |
| | 9 Не знам | 5,1% | 10,7% | 3,4% | 6,3% |
| | 10 Друго | ,5% | ,7% | | ,5% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во врска со прашањето зошто е направено сосема малку или воопшто ништо не е направено за јавно обелоденување на корупцијата, граѓаните во најголем број процениле дека токму вмешаноста на значајни луѓе во коруптивни активности е причината. Од друга страна пак песимистичкиот поглед на граѓаните дека воопшто на феноменот може да почнеме да му приоѓаме за да го совладуваме, се гледа во второрангираната причина дека тие што сакаат да го обелоденат присуството на корупција, се плашат.

Табела 33. Фреквенција на одговори од прашањето: Што мислите, зошто е направено сосема малку или воопшто ништо не е направено за јавно обелоденување на корупцијата?

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 Корупцијата е широко распространета | 134 | 11,6 |
| 2 Тие што сакаат да откријат нешто се плашат | 177 | 15,3 |
| 3 Значајни луѓе се вмешани во корупцијата | 261 | 22,6 |
| 4 Затоа што е добро организирана | 105 | 9,0 |
| 5 Незаинтересираност на државата | 100 | 8,7 |
| 6 Незаинтересираност на граѓаните | 28 | 2,4 |
| 7 Тие што треба да делуваат, не превземаат ништо | 100 | 8,6 |
| 8 Не постојат закони кои овозмозуваат да се докаже | 27 | 2,3 |
| 9 Тие што треба да се борат против корупцијата и самите се корумпирани | 129 | 11,1 |
| 10 Друго | 4 | ,3 |
| 99 Не знае | 92 | 7,9 |
| Тотал | 1157 | 100,0 |

Како причини кои се наведени за тоа зошто сосема малку или воопшто ништо не е направено за јавно обелоденување на корупцијата, машкиот дел од испитаниците во поголем број од женските испитаници истакнуваат дека; корупцијата е широко распространета, дека значајни луѓе се вмешани во неа и затоа што е добро организирана, додека пак женскиот дел од испитаниците повеќе од машките испитаници истакнуваат дека тие што треба да делуваат, не превземаат ништо.

Табела 34. Распределба на одговорите за обелоденување на корупцијата во Македонија според полот на испитаниците:

| | | Пол на испитаникот | | Тотал |
|---|---|---|---|---|
| | | Машко | Женско | |
| Што мислите, зошто е направено сосема малку или воопшто ништо не е направено за јавно обелоденување на корупцијата? | 1 Корупцијата е широко распространета | 12,5% | 10,8% | 11,6% |
| | 2 Тие што сакаат да откријат нешто се плашат | 15,5% | 15,2% | 15,3% |
| | 3 Значајни луѓе се вмешани во корупцијата | 23,5% | 21,7% | 22,6% |
| | 4 Затоа што е добро организирана | 10,4% | 7,7% | 9,1% |
| | 5 Незаинтересираност на државата | 8,5% | 8,7% | 8,6% |
| | 6 Незаинтересираност на граѓаните | 3,0% | 1,9% | 2,4% |
| | 7 Тие што треба да делуваат, не превземаат ништо | 7,7% | 9,6% | 8,6% |
| | 8 Не постојат закони кои овозможуваат да се докаже | 2,1% | 2,6% | 2,3% |
| | 9 Тие што треба да се борат против корупцијата и самите се корумпирани | 11,0% | 11,3% | 11,1% |
| | 10 Друго | ,5% | ,2% | ,3% |
| | 99 Не знае | 5,4% | 10,4% | 7,9% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Низ призма на возраста на испитаниците, разликата која се огледа помеѓу повозрасната популација во однос на помладите е тоа што тие во поголем број истакнуваат дека тие што треба да се борат против корупцијата и самите се корумпирани. Младите пак, низ нивните одговори во следната табела покажуваат разочараност од органите на системот во справување со проблемот. Тие во најголем обем во однос на другата возрасна популација, ја издвојуваат како причина незаинтересираноста на државата. Овие податоци покажуваат дека младата популација во РМ, согледува инертност во државните структури за решавање на проблемот со корупција.

Табела 35. Распределба на одговорите за обелоденување на корупцијата во Македонија според возраста на испитаниците.

| | | Возраст | | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18-24 | 25-39 | 40-54 | 55+ | |
| Што мислите, зошто е направено сосема малку или воопшто ништо не е направено за јавно обелоденување на корупцијата? | 1 Корупцијата е широко распространета | 13,1% | 13,1% | 8,3% | 13,0% | 11,8% |
| | 2 Тие што сакаат да откријат нешто се плашат | 15,9% | 16,1% | 15,9% | 13,6% | 15,3% |
| | 3 Значајни луѓе се вмешани во корупцијата | 21,6% | 25,3% | 24,1% | 18,8% | 22,6% |
| | 4 Затоа што е добро организирана | 10,2% | 6,8% | 10,8% | 9,1% | 9,1% |
| | 5 Незаинтересираност на државата | 10,2% | 8,3% | 9,8% | 7,0% | 8,6% |
| | 6 Незаинтересираност на граѓаните | 1,7% | 2,7% | 2,5% | 2,4% | 2,4% |
| | 7 Тие што треба да делуваат, не превземаат ништо | 9,7% | 9,8% | 7,3% | 8,2% | 8,6% |
| | 8 Не постојат закони кои овозможуваат да се докаже | 2,8% | 1,5% | 1,9% | 3,0% | 2,2% |
| | 9 Тие што треба да се борат против корупцијата и самите се корумпирани | 5,1% | 10,7% | 12,1% | 13,6% | 11,1% |
| | 10 Друго | ,6% | | ,3% | ,6% | ,3% |
| | 99 Не знае | 9,1% | 5,7% | 7,0% | 10,6% | 8,0% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Образованието на испитаниците влијае на одговорите на испитаниците во врска со лоцирањето на причините зошто е направено сосема малку или воопшто ништо не е направено за јавно обелоденување на корупцијата. Имено, највисоко образованите испитаници, во најголем обем во однос на помалку образованите ги истакнуваат

причините: корупцијата е широко распространета, тие што сакаат да откријат нешто се плашат и дека тие што треба да се борат против корупцијата и самите се корумпирани.

Табела 36. Распределба на одговорите за обелоденување на корупцијата во Македонија според образованието на испитаниците.

| | | Кое е највисокото ниво на образование што имате завршено? | | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Високо образование | |
| Што мислите, зошто е направено сосема малку или воопшто ништо не е направено за јавно обелоденување на корупцијата? | Корупцијата е широко распространета | 12,0% | 8,9% | 12,4% | 14,0% | 11,7% |
| | Тие што сакаат да откријат нешто се плашат | 13,6% | 13,1% | 16,4% | 16,9% | 15,3% |
| | Значајни луѓе се вмешани во корупцијата | 16,0% | 20,3% | 25,4% | 22,1% | 22,5% |
| | Затоа што е добро организирана | 4,0% | 7,5% | 11,0% | 9,3% | 9,1% |
| | Незаинтересираност на државата | 12,0% | 13,8% | 5,9% | 6,4% | 8,7% |
| | Незаинтересираност на граѓаните | 1,6% | 2,6% | 1,8% | 4,7% | 2,4% |
| | Тие што треба да делуваат, не превземаат ништо | 7,2% | 7,5% | 10,3% | 6,4% | 8,6% |
| | Не постојат закони кои овозможуваат да се докаже | 1,6% | 1,6% | 2,5% | 2,9% | 2,2% |
| | Тие што треба да се борат против корупцијата и самите се корумпирани | 10,4% | 11,1% | 10,4% | 14,0% | 11,1% |
| | Друго | ,8% | | ,5% | | ,3% |
| | Не знае | 20,8% | 13,4% | 3,4% | 3,5% | 7,9% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Националноста на испитаниците претставува фактор согласно кој се забележуваат разлики во одговорите на испитаниците. Конкретно, кај припадниците на албанската националност за двојно повеќе во однос на Македонците се јавуваат одговори кои се однесуваат на незаинтересираност на државата за јавно обелоденување на корупцијата, додека пак за двојно помалку од испитаниците Македонци изјавуваат дека тие што треба да се борат против корупцијата и самите се корумпирани.

Табела 37. Распределба на одговорите за обелоденување на корупцијата во Македонија според националноста на испитаниците.

| | | Националност | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | |
| Што мислите, зошто е направено сосема малку или воопшто ништо не е направено за јавно обелоденување на корупцијата? | 1 Корупцијата е широко распространета | 12,9% | 9,3% | 8,5% | 11,6% |
| | 2 Тие што сакаат да откријат нешто се плашат | 14,5% | 15,3% | 19,7% | 15,2% |
| | 3 Значајни луѓе се вмешани во корупцијата | 22,8% | 21,4% | 23,9% | 22,5% |
| | 4 Затоа што е добро организирана | 9,5% | 7,5% | 9,4% | 9,0% |
| | 5 Незаинтересираност на државата | 6,1% | 16,4% | 7,7% | 8,7% |
| | 6 Незаинтересираност на граѓаните | 2,6% | 1,4% | 4,3% | 2,5% |
| | 7 Тие што треба да делуваат, не превземаат ништо | 9,2% | 8,2% | 6,8% | 8,7% |
| | 8 Не постојат закони кои овозможуваат да се докаже | 2,5% | 2,1% | 1,7% | 2,3% |
| | 9 Тие што треба да се борат против корупцијата и самите се корумпирани | 13,4% | 7,1% | 6,0% | 11,1% |
| | 10 Друго | ,4% | ,4% | | ,3% |
| | 99 Не знае | 6,2% | 11,0% | 12,0% | 7,9% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Обелоденувањето на побарано мито, не би било пречка за 54% од испитаните граѓани. Евентуално пријавување мито, кое ќе зависи од околностите, декларирале 29% од испитаниците, што значи дека и покрај нивната лична оштетеност и штетноста на појавата како таква, сепак дополнително ќе размислат за сопствената натамошна активност околу пријавувањето и обелоденувањето на случајот. Околу 11% од испитаниците изразиле категорична негација дека би пријавиле случај на мито. Овој страв или инертност на граѓаните кореспондира со претходно споменатите случаи дека на отворените телефонски линии за пријава на корупција во различни области, никој не пријавува.

Табела 38. Фреквенција на одговори од прашањето: Ако некој ви побара мито, дали ќе го пријавите, ќе го обелодените во јавноста?

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Да | 619 | 53,5 |
| | 2 Зависи од околностите | 332 | 28,7 |
| | 3 Не | 130 | 11,2 |
| | 9 Не знае | 77 | 6,6 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Резултатите покажуваат дека обелоденувањето на побарано мито не зависи од полот на испитаниците.

Табела 39. Распределба на одговорите за обелоденување на мито според полот на испитаниците.

| | | Пол на испитаникот | | Тотал |
|---|---|---|---|---|
| | | Машко | Женско | |
| Ако некој ви побара мито, дали ке го пријавите, ке го обелодените во јавноста или ке се жалите некаде? | 1 Да | 54,7% | 52,1% | 53,4% |
| | 2 Зависи од околностите | 27,4% | 30,0% | 28,7% |
| | 3 Не | 12,0% | 10,5% | 11,2% |
| | 9 Не знае | 5,9% | 7,4% | 6,7% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Обелоденувањето на побарано мито во зависност од возраста на испитаниците е прикажано на следната табела. Како што може да се забележи и покрај тоа што повеќе од половина испитаници (општо земено) потврдно одговориле дека би пријавиле побарано мито, во најголем број потврдно одговориле испитаниците припадници на возрасната група од 40 до 54 години.

Табела 40. Распределба на одговорите за обелоденување на мито според возраста на испитаниците.

| | | Возраст | | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18-24 | 25-39 | 40-54 | 55+ | |
| Ако некој ви побара мито, дали ке го пријавите, ке го обелодените во јавноста или ке се жалите некаде? | 1 Да | 53,1% | 51,9% | 55,7% | 52,9% | 53,4% |
| | 2 Зависи од околностите | 29,9% | 31,5% | 28,7% | 25,1% | 28,6% |
| | 3 Не | 9,0% | 11,9% | 9,6% | 13,6% | 11,3% |
| | 9 Не знае | 7,9% | 4,7% | 6,1% | 8,5% | 6,6% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

За двојно се разликуваат одговорите на прашањето за обелоденување на корупцијата во однос на образовното ниво на испитаниците. Имено, поголема толеранција односно позитивен одговор на побарано мито и непријавување на истото се забележува кај високо образованите наспроти испитаниците кои се со незавршено образование.

Табела 41. Распределба на одговорите за обелоденување на мито според овразованието на испитаниците.

| | | Кое е највисокото ниво на образование што имате завршено? | | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Високо образование | |
| Ако некој ви побара мито, дали ќе го пријавите, ќе го обелодените во јавноста или ќе се жалите некаде? | 1 Да | 59,7% | 52,3% | 52,2% | 55,6% | 53,5% |
| | 2 Зависи од околностите | 15,3% | 24,8% | 31,5% | 35,7% | 28,6% |
| | 3 Не | 14,5% | 12,7% | 11,2% | 7,0% | 11,3% |
| | 9 Не знае | 10,5% | 10,1% | 5,2% | 1,8% | 6,6% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во однос на националноста на испитаниците и кај преставниците на албанската националност и кај Македонците се забележува подеднаков број што истакнале дека НЕ би пријавиле побарано мито. За среќа сепак само околу 1/10 од одговорите отпаѓаат на ова. Кај Македонците се забележуваат и поголем број на одговори кои се однесуваат на обелоденување побарано мито во зависност од околностите.

Табела 42. Распределба на одговорите за обелоденување на мито според националноста на испитаниците.

| | | Националност | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | |
| Ако некој ви побара мито, дали ќе го пријавите, ќе го обелодените во јавноста или ќе се жалите некаде? | 1 Да | 52,3% | 52,7% | 62,1% | 53,4% |
| | 2 Зависи од околностите | 31,8% | 22,4% | 23,3% | 28,7% |
| | 3 Не | 11,2% | 10,7% | 13,8% | 11,3% |
| | 9 Не знае | 4,7% | 14,2% | ,9% | 6,6% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Од процентот на испитаници кои би пријавиле случај на побарано мито, околу една третина (31,5%) за инцидентот би ја алармирале полицијата. Другата третина испитаници кои би се осмелиле да го пријават случајот тоа би го сториле само на анонимен телефонски број. Останатите институции кои се наведени како можни кон кои граѓаните би го насочиле пријавувањето мито се според следниов распоред:

Антикорупциска комисија 18%, медиумите 7%, канцеларија на Народен правобранител 5% и општината 2%.

Табела43. Фреквенција на одговори од прашањето: Ако сакате да пријавите, каде би го пријавиле овој инцидент?

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Канцеларијата на Народниот правобранител | 55 | 4,7 |
| | 2 Комисијата за антикорупција | 208 | 18,0 |
| | 3 Локалната самоуправа | 29 | 2,5 |
| | 4 Полицијата | 365 | 31,5 |
| | 5 Медиумите | 85 | 7,4 |
| | 6 Само на анонимен телефонски број, | 351 | 30,3 |
| | 7 Друго | 64 | 5,5 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Во распределеноста на одговорите според полот на испитаниците, единствено е забележителна мала разлика во пријавувањето на инцидент во полицијата од страна на женските испитаници.

Табела 44. Распределба на одговорите за пријавување на побарано мито според полот на испитаниците.

| | | Пол на испитаникот | | Тотал |
|---|---|---|---|---|
| | | Машко | Женско | |
| Ако сакате да пријавите, каде би го пријавиле овој инцидент? | 1 Канцеларијата на Народниот правобранител | 5,2% | 4,3% | 4,8% |
| | 2 Комисијата за антикорупција | 18,6% | 17,4% | 18,0% |
| | 3 Локалната самоуправа | 2,4% | 2,6% | 2,5% |
| | 4 Полицијата | 28,9% | 34,2% | 31,6% |
| | 5 Медиумите | 8,2% | 6,5% | 7,4% |
| | 6 Само на анонимен телефонски број, | 29,8% | 30,9% | 30,4% |
| | 7 Друго | 6,8% | 4,1% | 5,4% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во однос на возраста на испитаниците се забележуваат извесни разлики во одговорите за пријавување на инцидент поврзан со корупција. Кај повозрасните испитаници најчесто се сретнува одговор за пријавување во полиција додека кај најмладите преовладува одговор за пријавување единствено на анонимен телефонски број.

Табела 45. Распределба на одговорите за пријавување на побарано мито според возраста на испитаниците.

| | | Возраст | | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18-24 | 25-39 | 40-54 | 55+ | |
| Ако сакате да пријавите, каде би го пријавиле овој инцидент? | 1 Канцеларијата на Народниот правобранител | 5,1% | 4,5% | 4,5% | 5,4% | 4,8% |
| | 2 Комисијата за антикорупција | 22,6% | 17,8% | 19,4% | 14,5% | 18,0% |
| | 3 Локалната самоуправа | 4,5% | 3,0% | 1,9% | 1,5% | 2,5% |
| | 4 Полицијата | 18,1% | 31,8% | 32,5% | 37,5% | 31,5% |
| | 5 Медиумите | 8,5% | 8,9% | 6,1% | 6,3% | 7,3% |
| | 6 Само на анонимен телефонски број, | 36,2% | 29,4% | 29,6% | 28,7% | 30,3% |
| | 7 Друго | 5,1% | 4,7% | 6,1% | 6,0% | 5,5% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Образованието на испитаниците влијае во одговорите на испитаниците кои се однесуваат на пријавување на инцидент поврзан со корупција. Полицијата како најкомпетентен орган за пријавување инцидент поврзан со корупција го сметаат најмалку образованите испитаници (56,5%). Високо образованите испитаници најчесто избираат да пријават инцидент на анонимен телефонски број (39%), а второрангирана е комисијата за антикорупција (20%), како орган специјализиран за пријавување токму на случаи поврзани со корупција.

Табела 46. Распределба на одговорите за пријавување на побарано мито според образованието на испитаниците.

| | | Кое е највисокото ниво на образование што имате завршено? | | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Високо образование | |
| Ако сакате да пријавите, каде би го пријавиле овој инцидент? | 1 Канцеларијата на Народниот правобранител | 2,4% | 3,9% | 5,9% | 4,0% | 4,7% |
| | 2 Комисијата за антикорупција | 11,3% | 19,0% | 18,3% | 20,2% | 18,0% |
| | 3 Локалната самоуправа | ,8% | 2,6% | 2,5% | 3,5% | 2,5% |
| | 4 Полицијата | 56,5% | 35,4% | 26,0% | 24,3% | 31,5% |
| | 5 Медиумите | 4,0% | 6,6% | 8,4% | 7,5% | 7,3% |
| | 6 Само на анонимен телефонски број, | 16,1% | 27,2% | 32,7% | 38,7% | 30,4% |
| | 7 Друго | 8,9% | 5,2% | 6,1% | 1,7% | 5,5% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Одговорите на испитаниците се разликуваат според националноста на испитаниците. Имено, како што е прикажано подолу во табелата во сите понудени одговори, кои се однесуваат на можни места за пријавување на инцидент поврзан со корупција, се огледаат разлики.

Табела 47. Распределба на одговорите за пријавување на побарано мито според националноста на испитаниците.

| | | Националност | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | |
| Ако сакате да пријавите, каде би го пријавиле овој инцидент? | 1 Канцеларијата на Народниот правобранител | 3,7% | 8,5% | 2,6% | 4,7% |
| | 2 Комисијата за антикорупција | 15,8% | 26,2% | 13,0% | 18,0% |
| | 3 Локалната самоуправа | ,9% | 6,4% | 3,5% | 2,5% |
| | 4 Полицијата | 32,9% | 21,6% | 47,0% | 31,5% |
| | 5 Медиумите | 6,4% | 9,6% | 7,8% | 7,3% |
| | 6 Само на анонимен телефонски број | 35,5% | 20,9% | 20,0% | 30,4% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Најефикасното средство за борба против корупцијата, според мислењето на испитаниците е строга казна за тие што земаат мито (32%). Секако и казните си имаат одредена корективна функција. Но дали построгата санкциона политика може многу да влијае во менувањето на веќе воспоставениот тек на совладување на пречките? Како второрангирано средство за борба против корупцијата испитаниците го истакнаа објавувањето на случаите на корупција (18%).

Табела48. Фреквенција на одговори од прашањето: Според ваше мислење, кое е најефикасното средство за борба против корупцијата?

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 Да се објавуваат случаите на корупција | 214 | 18,5 |
| 2 Да се зголеми контролата на државните службеници | 130 | 11,3 |
| 3 Подобра плата за јавните (државните) службеници | 47 | 4,0 |
| 4 Строга казна за тие кои земаат мито | 374 | 32,3 |
| 5 Строга казна за тие кои даваат мито | 58 | 5,0 |
| 6 Да се намали бирократијата | 45 | 3,9 |
| 7 Информирање и едуцирање на граѓаните | 32 | 2,8 |
| 8 Да се намалат интервенциите на државната администрација | 13 | 1,1 |
| 9 Транспарентност, поставување правила | 41 | 3,5 |
| 10 Да се подобри работата на судовите | 56 | 4,8 |
| 11 Државните службеници да останат на своите работни места | 24 | 2,1 |
| 13 Ништо, корупцијата не може да се победи | 63 | 5,5 |

Според полот на испитаниците и изборот на најефикасното средство за борба против корупцијата не се забележуваат големи разлики. Единствено околу 4% повеќе машките испитаници проценуваат дека објавувањето на случаи на корупција е поефикасното средство за борба против корупцијата во однос на женските испитаници.

Табела 49. Распределба на одговорите за најефикасното средство за борба против корупцијата според полот на испитаниците.

| | | Пол на испитаникот | | Тотал |
|---|---|---|---|---|
| | | Машко | Женско | |
| Според вашето мислење, кое е најефикасното средство за борба против корупцијата? | 1 Да се објавуваат случаите на корупција | 20,5% | 16,4% | 18,5% |
| | 2 Да се зголеми контролата на државните службеници | 11,1% | 11,3% | 11,2% |
| | 3 Подобра плата за јавните (државните) службеници | 3,1% | 5,0% | 4,1% |
| | 4 Строга казна за тие кои земаат мито | 31,5% | 33,0% | 32,3% |
| | 5 Строга казна за тие кои даваат мито | 4,7% | 5,5% | 5,1% |
| | 6 Да се намали бирократијата | 5,0% | 2,9% | 4,0% |
| | 7 Информирање и едуцирање на граѓаните | 2,8% | 2,7% | 2,8% |
| | 8 Да се намалат интервенциите на државната администрација | ,9% | 1,4% | 1,1% |
| | 9 Транспарентност, поставување правила | 3,7% | 3,4% | 3,5% |
| | 10 Да се подобри работата на судовите | 5,0% | 4,5% | 4,7% |
| | 11 Државните службеници да останат на своите работни места | 1,4% | 2,7% | 2,1% |
| | 12 Друго | ,9% | ,3% | ,6% |
| | 13 Ништо, корупцијата не може да се победи | 6,4% | 4,5% | 5,4% |
| | 99 Не знае | 3,0% | 6,3% | 4,7% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Според возраста на испитаниците и изборот на најефикасното средство за борба против корупцијата, кај најмладите испитаници почесто се сретнуваат одговори кои се однесуваат на строгите казни и тоа и за оние кои земаат мито и секако за оние кои даваат мито, додека кај повозрасната популација се забележува извесна доза на

скептичност за решавање на проблемот со корупцијата особено низ призма на одговорот дека корупцијата ништо не може да ја победи.

Табела 50. Распределба на одговорите за најефикасното средство за борба против корупцијата според возраста на испитаниците.

| | | Возраст | | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18-24 | 25-39 | 40-54 | 55+ | |
| Според вашето мислење, кое е најефикасното средство за борба против корупцијата? | 1 Да се објавуваат случаите на корупција | 16,3% | 18,8% | 21,8% | 16,3% | 18,5% |
| | 2 Да се зголеми контролата на државните службеници | 10,7% | 10,7% | 13,1% | 10,2% | 11,2% |
| | 3 Подобра плата за јавните (државните) службеници | 3,9% | 5,7% | 4,2% | 2,4% | 4,1% |
| | 4 Строга казна за тие кои земаат мито | 36,0% | 29,5% | 30,1% | 35,2% | 32,3% |
| | 5 Строга казна за тие кои даваат мито | 7,3% | 5,7% | 3,5% | 4,5% | 5,0% |
| | 6 Да се намали бирократијата | 3,9% | 3,9% | 5,1% | 3,0% | 4,0% |
| | 7 Информирање и едуцирање на граѓаните | 2,8% | 2,4% | 2,9% | 2,7% | 2,7% |
| | 8 Да се намалат интервенциите на државната администрација | 3,4% | ,3% | ,6% | 1,2% | 1,1% |
| | 9 Транспарентност, поставување правила | 2,8% | 5,7% | 2,6% | 2,4% | 3,5% |
| | 10 Да се подобри работата на судовите | 3,9% | 4,5% | 5,1% | 5,4% | 4,8% |
| | 11 Државните службеници да останат на своите работни места | | 3,9% | 1,6% | 1,8% | 2,1% |
| | 12 Друго | | 1,5% | | ,6% | ,6% |
| | 13 Ништо, корупцијата не може да се победи | 4,5% | 4,2% | 5,1% | 7,8% | 5,5% |
| | 99 Не знае | 4,5% | 3,6% | 4,2% | 6,3% | 4,7% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Образованието на испитаниците не влијае на одговорите на испитаниците во изборот на најефикасно средство за борба против корупцијата.

Табела 51. Распределба на одговорите за најефикасното средство за борба против корупцијата според образованието на испитаниците.

| | | Кое е највисокото ниво на образование што имате завршено? | | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Високо образование | |
| Според вашето мислење, кое е најефикасното средство за борба против корупцијата? | 1 Да се објавуваат случаите на корупција | 15,3% | 18,3% | 18,2% | 22,4% | 18,5% |
| | 2 Да се зголеми контролата на Државните службеници | 11,3% | 8,2% | 12,4% | 13,5% | 11,3% |
| | 3 Подобра плата за јавните (државните) службеници | 3,2% | 4,6% | 4,0% | 4,1% | 4,1% |
| | 4 Строга казна за тие кои земаат мито | 34,7% | 33,3% | 33,3% | 25,9% | 32,4% |
| | 5 Строга казна за тие кои даваат мито | 4,0% | 5,9% | 5,0% | 3,5% | 4,9% |
| | 6 Да се намали бирократијата | 1,6% | 3,3% | 3,8% | 7,1% | 3,9% |
| | 7 Информирање и едуцирање на граѓаните | 2,4% | 4,2% | 2,2% | 2,4% | 2,8% |
| | 8 Да се намалат интервенциите на државната администрација | 2,4% | ,3% | 1,3% | 1,2% | 1,1% |
| | 9 Транспарентност, поставување правила | 2,4% | 3,9% | 2,7% | 5,9% | 3,5% |
| | 10 Да се подобри работата на судовите | 3,2% | 3,9% | 4,9% | 7,1% | 4,8% |
| | 11 Државните службеници да останат на своите работни места | 1,6% | 1,3% | 2,9% | ,6% | 2,0% |
| | 12 Друго | ,8% | | ,7% | 1,2% | ,6% |
| | 13 Ништо, корупцијата не може да се победи | 7,3% | 4,9% | 5,9% | 4,1% | 5,5% |
| | 99 Не знае | 9,7% | 7,8% | 2,9% | 1,2% | 4,7% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Според националноста на испитаниците и изборот на најефикасно средство за

борба против корупцијата се забележува дека кај преставниците на албанската националност најчесто одбран одговор е објавување на случаите на корупција, додека кај македонските испитаници најчесто споменуван одговор е строга казна за тие кои земаат мито. Токму кај овој одговор е лоцирана и најголемата дискрепанца во однос на другите одговори.

Табела 52. Распределба на одговорите за најефикасното средство за борба против корупцијата според националноста на испитаниците.

| | | Националност | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | |
| Според вашето мислење, кое е најефикасното средство за борба против корупцијата? | 1 Да се објавуваат случаите на корупција | 18,2% | 22,7% | 10,3% | 18,5% |
| | 2 Да се зголеми контролата на Државните службеници | 11,9% | 9,2% | 12,0% | 11,2% |
| | 3 Подобра плата за јавните (државните) службеници | 2,0% | 8,5% | 6,0% | 4,0% |
| | 4 Строга казна за тие кои земаат мито | 35,4% | 22,3% | 35,9% | 32,3% |
| | 5 Строга казна за тие кои даваат мито | 4,3% | 6,0% | 6,8% | 5,0% |
| | 6 Да се намали бирократијата | 4,1% | 4,3% | 2,6% | 4,0% |
| | 7 Информирање и едуцирање на граѓаните | 1,7% | 4,6% | 5,1% | 2,8% |
| | 8 Да се намалат интервенциите на државната администрација | ,9% | 1,1% | 2,6% | 1,1% |
| | 9 Транспарентност, поставување правила | 3,8% | 3,2% | 2,6% | 3,5% |
| | 10 Да се подобри работата на судовите | 4,9% | 3,2% | 8,5% | 4,8% |
| | 11 Државните службеници да останат на своите работни места | 2,4% | 1,4% | 1,7% | 2,1% |
| | 12 Друго | ,8% | ,4% | | ,6% |
| | 13 Ништо, корупцијата не може да се победи | 6,2% | 3,9% | 4,3% | 5,4% |
| | 99 Не знае | 3,4% | 9,2% | 1,7% | 4,7% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Борбата со корупцијата е еден од условите за влез во Европската Унија. Тоа не значи дека во земјите членки на ЕУ нема корупција, но секоја правна држава се обидува да го спречи криминалот и овие негативни процеси во земјите и токму поради

тоа земјите кои треба да станат дел од ЕУ семејството треба да бидат под поголем надзор.

Дека напорите на Владата во борба против корупцијата треба да се зголемат, деновиве апелираше евро амбасадорот во РМ. Бидејќи улогата на антикорупциската комисија е важна за обезбедување на ефикасна борба против корупцијата, тој изрази загриженост за буџетот на антикорупциската комисија. Жално е што буџетот не беше зголемен, туку редуциран за околу 20%, со последниот ребаланс во јуни. Ова не е во согласност со заложбата на владата да осигура ефикасна борба против корупцијата.

Премиерот на тема корупција деновиве кратко изјави *"Кој ќе се фати, ќе плати"*[22]. Но што велат граѓаните.

Активност која најбројно ја издвоија испитаниците е "Владата не е ефикасна во борбата против корупцијата" (38%). Но дали овде се работи за инертноста на Владата во справувањето со проблемот или едноставно неефикасност на превземените мерки? Дека Владата не се бори против корупцијата воопшто, прoцениле 13% од испитаниците додека 8% сметаат дека таа не само што не се бори против корупцијата туку ја охрабрува

Задоволни од превземените мерки и ефикасност во владиното решавање на корупцијата во државава изразиле околу 27% од испитаниците. Исклучителна ефикасност на Владата во борбата против корупцијата согласно нивните одговори изразиле 5% од испитаниците.

Неможност да ја проценат ситуацијата истакнале околу 10% од испитаниците.

Табела 53. Фреквенција на одговори од прашањето: Како би ги оцениле активностите на сегашната Влада во борбата против корупцијата?

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 Владата е многу ефикасна во борбата против корупцијата | 54 | 4,7 |
| 2 Владата е ефикасна во борбата против корупцијата | 309 | 26,7 |
| 3 Владата не е ефикасна во борбата против корупцијата | 442 | 38,2 |
| 4 Владата не се бори против корупцијата воопшто | 146 | 12,6 |
| 5 Не само што не се бори против корупцијата туку ја охрабрува | 93 | 8,0 |
| 9 Не знае | 113 | 9,8 |
| Тотал | 1157 | 100,0 |

[22] http://www.vlada.mk/?q=node/6308

Дистрибуцијата на одговори низ призма на полот на испитаниците не покажува особена дискрепанца.

Табела 54. Распределба на одговорите за активностите на сегашната Влада во борбата против корупцијата според полот на испитаниците.

| | | Пол на испитаникот | | Тотал |
|---|---|---|---|---|
| | | Машко | Женско | |
| Како би ги оцениле активностите на сегашната Влада во борбата против корупцијата? | 1 Владата е многу ефикасна во борбата против корупцијата | 4,9% | 4,5% | 4,7% |
| | 2 Владата е ефикасна во борбата против корупцијата | 28,6% | 24,9% | 26,7% |
| | 3 Владата не е ефикасна во борбата против корупцијата | 39,2% | 37,2% | 38,2% |
| | 4 Владата не се бори против корупцијата воопшто | 12,9% | 12,3% | 12,6% |
| | 5 Не само што не се бори против корупцијата туку ја охрабрува | 7,7% | 8,4% | 8,0% |
| | 9 Не знае | 6,8% | 12,7% | 9,8% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Дистрибуцијата на одговорите на испитаниците разгледувани низ призма на нивната возраст, покажува дека најмладите во однос на останатите возрасни групи почесто издвојуваат дека Владата не е ефикасна во борбата против корупцијата не се бори против корупцијата воопшто.

Табела 55. Распределба на одговорите за активностите на сегашната Влада во борбата против корупцијата според возраста на испитаниците.

| | | Возраст | | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18-24 | 25-39 | 40-54 | 55+ | |
| Како би ги оцениле активностите на сегашната Влада во борбата против корупцијата? | 1 Владата е многу ефикасна во борбата против корупцијата | 1,1% | 5,1% | 4,4% | 6,7% | 4,7% |
| | 2 Владата е ефикасна во борбата против корупцијата | 25,3% | 26,9% | 30,2% | 23,6% | 26,6% |
| | 3 Владата не е ефикасна во борбата против корупцијата | 42,1% | 36,4% | 35,6% | 40,3% | 38,2% |
| | 4 Владата не се бори против корупцијата воопшто | 14,6% | 13,7% | 12,1% | 10,9% | 12,6% |
| | 5 Не само што не се бори против корупцијата туку ја охрабрува | 3,9% | 9,6% | 8,9% | 8,2% | 8,1% |
| | 9 Не знае | 12,9% | 8,4% | 8,9% | 10,3% | 9,8% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Дискрепанца во одговорите кај испитаниците Македонци и испитаниците

Албанци е особено воочлива токму на прашањето за активностите на сегашната Влада во борбата против корупцијата. Албанските испитаници во поголем број ја истакнуваат неефикасноста на Владата во справувањето со корупцијата.

Табела 56. Распределба на одговорите за активностите на сегашната Влада во борбата против корупцијата според националноста на испитаниците.

| | | Националност | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | |
| Како би ги оцениле активностите на сегашната Влада во борбата против корупцијата? | 1 Владата е многу ефикасна во борбата против корупцијата | 5,7% | 1,4% | 6,0% | 4,7% |
| | 2 Владата е ефикасна во борбата против корупцијата | 33,7% | 9,6% | 22,4% | 26,7% |
| | 3 Владата не е ефикасна во борбата против корупцијата | 34,6% | 45,2% | 44,8% | 38,2% |
| | 4 Владата не се бори против корупцијата воопшто | 9,9% | 22,1% | 7,8% | 12,6% |
| | 5 Не само што не се бори против корупцијата туку ја охрабрува | 7,4% | 11,0% | 5,2% | 8,0% |
| | 9 Не знае | 8,8% | 10,7% | 13,8% | 9,8% |
| Тотал | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Недовербата на испитаниците во институциите на системот дека можат да се справат со проблемот корупција во РМ, е прикажана во процентот одговори кој се однесува дека никому не веруваат во борбата против корупцијата во РМ (35%). Што се однесува до институциите посочени како можни да прават напори во совладувањето на феноменот, Антикорупциската комисија е прворангирана со 17% одговори дека и веруваат во борбата против корупцијата во РМ.

Табела 57. Фреквенција на одговори од прашањето: Кому му верувате најмногу во борбата против корупцијата во РМ?

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 Владините лидери | 112 | 9,7 |
| 2 Бизнис, приватен сектор | 16 | 1,4 |
| 3 НВО - Невладини организации | 38 | 3,3 |
| 4 Медиуми | 112 | 9,6 |
| 5 Меѓународни организации | 85 | 7,3 |
| 6 Антикорупциска комисија | 192 | 16,6 |
| 7 Финансиска полиција | 120 | 10,4 |
| 8 Никому | 403 | 34,8 |

Со следното прашање во прашалникот имав интенција да го проверам јавното мислење, дека обичните луѓе можат да направат разлика во борбата против корупцијата. Ова, дотолку повеќе што тие можат да проценат кога ситуацијата со корупцијата е подобрена или влошена, дали постојат имплементирани реформи, дали нивната примена е очигледна. Агрегираните резултати покажуваат дека околу 2/3 (62%) од испитаниците се согласуваат дека обичните луѓе можат да направат разлика во борбата против корупцијата, наспроти 38% кои не се согласуваат со споменатата изјава.

Табела 58. Фреквенција на одговори од прашањето: Обичните луѓе можат да направат разлика во борбата против корупцијата?

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Потполно не се согласувам | 167 | 14,4 |
| | 2 Не се согласувам | 271 | 23,4 |
| | 3 Се согласувам | 470 | 40,6 |
| | 4 Потполно се согласувам | 242 | 20,9 |
| | 9 Не знае | 7 | ,6 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Иако низ изминатите одговори на испитаниците, кои се однесува на инертноста на граѓаните, беше воочено дека осудата кон феноменот декларативно постои, но сепак со пријавувањето и обелоденувањето потешко им оди, во одговорите на следното прашање во висок процент се огледа поддршка и содружништво на испитаниците. Имено, високи 84% изразиле согласност дека би го поддржале колегата или пријателот ако се борат против корупцијата, наспроти 15% кои изразиле несогласување со овој став.

Табела 59. Фреквенција на одговори од прашањето: Би го поддржале колегата или пријателот ако се борат против корупцијата?

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Потполно не се согласувам | 81 | 7,0 |
| | 2 Не се согласувам | 99 | 8,5 |
| | 3 Се согласувам | 557 | 48,1 |
| | 4 Потполно се согласувам | 413 | 35,7 |
| | 9 Не знае | 7 | ,6 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Висока согласност дека би пријавиле инцидент поврзан со корупција, без оглед дали им се случува лично ним или можат да посведочат за истиот, изразиле високи 80%. Секако овие податоци би требало да се земат како декларативни изјави на испитаниците затоа што овде пријавувањето на инцидент претпоставува замислување на ситуацијата, а не активност по конкретно случување. Околу 19% од испитаниците изразиле несогласување со ставот дека би пријавиле инцидент поврзан со корупција.

Табела 60. Фреквенција на одговори од прашањето: Би пријавиле инцидент поврзан со корупција?

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Потполно не се согласувам | 90 | 7,8 |
| | 2 Не се согласувам | 131 | 11,3 |
| | 3 Се согласувам | 536 | 46,3 |
| | 4 Потполно се согласувам | 391 | 33,8 |
| | 9 Не знае | 9 | ,8 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

И следното прашање се однесува на инволвираноста на испитаниците во случаите поврзани со корупција. Имено, запрашани дали би можеле да се замислат инволвирани во борба против корупција, 2/3 (63%) од нив изразиле согласност односно можност да бидат дел од акции за борба против корупција. Околу 1/3 (36%) од испитаниците изразиле несогласување на бидат инволвирани во борба против корупција.

Табела 61. Фреквенција на одговори од прашањето: Би можеле да се замислите инволвирани во борба против корупција?

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Потполно не се согласувам | 186 | 16,0 |
| | 2 Не се согласувам | 236 | 20,4 |
| | 3 Се согласувам | 451 | 39,0 |
| | 4 Потполно се согласувам | 280 | 24,2 |
| | 9 Не знае | 6 | ,5 |
| | Тотал | 1157 | 100,0 |

Следниот сет прашања се од исклучителна важност за целиот предмет на истражување и за согледување воопшто на ситуацијата со корупцијата во нашето општество.

Следната батерија прашања се однесува на оценувањето (од страна на

испитуваните граѓани) на 16 искази поврзани со корупцијата. И тоа, детектирање на важноста на секој исказ поединечно и оценување колку тој ист исказ/акција во државава е реализиран. Разликата или дискрепанцата помеѓу важноста и оцената ни дозволува да процениме, до каде е состојбата односно каде најмногу граѓаните воочуваат проблем кој треба да се решава. Најголемата разлика од оцената до важноста преставува јасен сигнал дека постои проблем односно постои разидување од тоа колку некоја акција е неопходна, а во праксата нереализирана.

Најмалата разлика пак од важноста до оцената покажува дека постои извесно приближување во ставовите дека она што е важно е во извесна мера реализирано.

На следниот график се прикажани 4 искази за кои посебно е дадена оцена за важност и оцена за реализација. Испитаниците ги употребуваа оценките како во школскиот систем. Важноста на првите 2 искази е оценета со високи оценки 4.2. Оценките за тоа како во државава се реализирани акциите на полето на зголемување на свесноста за присутност и свесноста за негативностите од корупцијата се 2.8. Разликата меѓу овие два искази е 1.4 односно 1.5. Што говорат овие податоци?

Разликата меѓу важноста и оценките која е детектирана кај зголемувањето на свесноста за присутност на корупцијата и зголемувањето на свесноста за негативностите од корупцијата е всушност меѓу најмалите разлики во однос на сите 16 испитувани искази. Овој податок покажува дека граѓаните не само што сметаат дека е важно туку ги вреднуваат /перцепираат напорите на државата во справување со проблемот.

Следиот исказ се однесува на давањето поголема моќ на антикорупциската комисија. Овој исказ од граѓаните е оценет со висока важност (оцена 4.2) а оценката за напорите кои државата ги вложува е 2.6. Разликата изнесува 1.6.

Последниот исказ од овој график се однесува на ослободување од политички влијанија на антикорупциската комисија. Граѓаните овој исказ го оцениле со висока важност (оцена 4.3), додека пак напорите кои државата ги вложува се оценети со 2.3. Оваа разлика меѓу важноста и оцената е најголема во однос на претходно споменатите. Разликата од 2 покажува дека треба да бидат вложени дополнителни напори во совладувањето на проблемот односно ослободување од политички влијанија на антикорупциската комисија.

График 1. Приказ на одговорите на испитаниците за важноста и оценките за тоа како во државава се реализирани акциите на полето на зголемување на свесноста за присутност и свесноста за негативностите од корупцијата, поголемата моќ на антикорупциската комисија и ослободување од политички влијанија на антикорупциската комисија




График 2. Приказ на разликата во одговорите на испитаниците помеѓу важноста и оценките за тоа како во државава се реализирани акциите на полето на зголемување на свесноста за присутност и свесноста за негативностите од корупцијата, поголемата моќ на антикорупциската комисија и ослободување од политички влијанија на антикорупциската комисија




На следниот график се прикажани други 4 искази за кои посебно е дадена оцена за важност и оцена за реализација. Важноста на првиот исказ е оценет со висока оценка 4.1. Оценката за тоа како во државава се реализирани акциите на полето на давање поголема моќ на судовите е вреднувана со 2.6. Разликата меѓу овие два искази е 1.5. Овој податок покажува дека граѓаните сметаат дека е важно давањето поголема моќ на судовите но оцената за реализирани напори на државата за справување со проблемот е под просекот (2.6).

Следиот исказ се однесува на ослободување од политички влијанија и други центри на моќ на судовите. Овој исказ од граѓаните е оценет со висока важност (оцена 4.3) а оценката за напорите кои државата ги вложува е 2.3. Разликата изнесува 2, што

покажува дека и оваа акција е меѓу оние кои велат дека треба да бидат вложени дополнителни напори во совладувањето на проблемот.

Следниот исказ од овој график се однесува на развивање систем на пријавување на случаи на корупција. Граѓаните овој исказ го оцениле со висока важност (оцена 4.4), додека пак напорите кои државата ги вложува се оценети со подпросечна оцена 2.5. Оваа разлика меѓу важноста и оцената од 1.8 покажува дека треба да бидат вложени дополнителни напори од страна на државата во развивањето систем на пријавување на случаи на корупција.

Последниот исказ од графикот кој се однесува на воведување строги пресуди за обвинетите, граѓаните го оцениле со висока важност (оцена 4.5), додека пак напорите кои државата ги вложува се оценети со подпросечна оцена 2.4. Разликата меѓу важноста и оцената од 2.1 е на второ место меѓу алармантните дискрепанци, односно поле каде е детектирано дека во државата реализирањето на ваков вид акции недостасуваат.

График 3. Приказ на одговорите на испитаниците за важноста и оценките за тоа како во државава се реализирани акциите на полето на давањето поголема моќ на судовите, ослободување од политички влијанија на судовите, развивањето на систем за пријавување на случаи на корупција и воведување строги пресуди за обвинетите.



График 4. Приказ на разликата во одговорите на испитаниците помеѓу важноста и оценките за тоа како во државава се реализирани акциите на полето на давањето поголема моќ на судовите, ослободување од политички влијанија на судовите, развивањето на систем за пријавување на случаи на корупција и воведување строги пресуди за обвинетите.




На следниот график се прикажани нови 4 искази за кои посебно е дадена оцена за важност и оцена за реализација. Важноста на првиот исказ кој се однесува на развивањето програма која ќе ги штити луѓето кои имаат докази за корупција е оценет со висока оценка 4.4. Оценката за тоа како во државава се реализирани овој вид на акции е вреднувана со подпросечна оцена 2.3. Разликата меѓу овие два искази е 2.1. со што спаѓа во алармантните разлики, односно поле каде е детектирано дека во државата реализирањето на ваков вид акции недостасуваат.

Следиот исказ се однесува на зголемување на платите на службениците. Овој исказ од страна на граѓаните е оценет со оцена која е малку над просекот (3.4) и е најмалата оцена дадена за важност во однос на сите 16 искази. Оценката за напорите кои државата ги вложува за зголемување на платите на службениците е 2.6 која пак оценка е на скалата под просекот. Оваа разлика од 0.8 преставува најмалата разлика во однос на сите останати 16 разлики, што покажува дека граѓаните не само што не сметаат дека овој исказ е од исклучителна важност туку и не сметаат дека напорите на државата во справување со проблемот треба да е од клучен приоритет.

Следниот исказ од овој график се однесува на зголемување на транспарентноста во работењето на функционерите. Граѓаните овој исказ го оцениле со висока важност (оцена 4.0), додека пак напорите кои државата ги вложува се оценети со подпросечна оцена 2.4. Оваа разлика меѓу важноста и оцената од 1.6 покажува дека треба да бидат вложени дополнителни напори од страна на државата во развивањето на транспарентноста во работењето на функционерите.

Последниот исказ од овој график се однесува на измена и дополнување на Законот за кривична постапка. Граѓаните го оцениле со висока важност (оцена 4.1), додека пак напорите кои државата ги вложува се оценети со подпросечна оцена 2.5. Разликата меѓу важноста и оцената е 1.7.

График 5. Приказ на одговорите на испитаниците за важноста и оценките за тоа како во државава се реализирани акциите на полето на развивање програма која ќе ги штити луѓето кои имаат докази, потоа зголемувањето на платите на службениците, зголемувањето на транспарентноста во работењето на функционерите и измена и дополнување на законот за кривична постапка.




График 6. Приказ на разликата во одговорите на испитаниците помеѓу важноста и оценките за тоа како во државава се реализирани акциите на полето на развивање програма која ќе ги штити луѓето кои имаат докази, потоа зголемувањето на платите на службениците, зголемувањето на транспарентноста во работењето на функционерите и измена и дополнување на законот за кривична постапка.




На последниот график се прикажани нови 4 искази за кои исто така посебно е дадена оцена за важност и оцена за реализација. Важноста на првиот исказ кој се однесува на имплементација на закон за кривична постапка е оценет со висока оценка 4.2. Оценката за тоа како во државава се имплементира законот е вреднувана со подпросечна оцена 2.4. Разликата меѓу овие два искази е 1.8.

Следиот исказ се однесува на отстранување корумпирани службеници. Овој исказ од страна на граѓаните е оценет со исклучително висока оцена (4.5) и е една од трите највисоко вреднувани искази по важност во однос на сите 16 искази. Оценката за напорите кои државата ги вложува во отстранување корумпирани службеници е 2.4, која пак оценка е на скалата под просекот. Оваа разлика од 2.2 преставува најголема разлика во однос на сите останати 16 разлики, што покажува дека граѓаните не само што сметаат дека овој исказ е од исклучителна важност туку и сметаат дека напорите на државата во справување со проблемот треба да е од исклучително примарен приоритет.

Следниот исказ од последниот график се однесува на гаранцијата на граѓаните дека оние кои располагаат со нивните пари не се корумпирани. Граѓаните овој исказ го оцениле со висока важност (оцена 4.4), додека пак напорите кои државата ги вложува се оценети со подпросечна оцена 2.3. Оваа разлика меѓу важноста и оцената од 2.1 покажува дека треба да бидат вложени дополнителни напори од страна на државата во развивањето на овој вид гаранција кон граѓаните кои имаат право да знаат како се трошат нивните пари.

Последниот исказ од овој график се однесува севкупно против корупцијата во државата. Граѓаните го оцениле со висока важност (оцена 4.5), додека пак напорите кои државата ги вложува се оценети со подпросечна оцена 2.4. Разликата меѓу важноста и оцената е 2.1.

Овие показатели можат да претпоставaт насока за стартување во решавање на проблематичните сфери во државава инфицирани од корупција.

График 7. Приказ на одговорите на испитаниците за важноста и оценките за тоа како во државава се реализирани акциите на полето на имплементација на закон за кривична постапка, отстранување на корумпирани службеници, гаранцијата на граѓаните дека оние кои располагаат со нивните пари не се корумпирани и севкупно за борбата против корупцијата во државата.



График 8. Приказ на разликата во одговорите на испитаниците помеѓу важноста и оценките за тоа како во државава се реализирани акциите на полето на имплементација на закон за кривична постапка, отстранување на корумпирани службеници, гаранцијата на граѓаните дека оние кои располагаат со нивните пари не се корумпирани и севкупно за борбата против корупцијата во државата




Што покажуваат овие разлики од оцената на важноста на некој исказ до реализираноста на истата во пракса. Табелата подолу по опаѓачки редослед ги покажува сите 16 испитани области каде што јавното мислење оценува дека треба да се вперат напорите од страна на надлежните за нивно решавање.

Табела 62. Приказ на оцена, важност и разлика за сите испитувани сфери кои се однесуваат на корутпивни активности.

| | оцена | важност | разлика |
|---|---|---|---|
| Отстранување корумпирани службеници | 2,4 | 4,5 | 2,2 |
| Воведување строги пресуди за обвинетите | 2,4 | 4,5 | 2,1 |
| Севкупно борбата против корупцијата во државата | 2,4 | 4,5 | 2,1 |
| Гаранцијата на граѓаните дека оние кои располагаат со нивните пари не се корумпирани | 2,3 | 4,4 | 2,1 |
| Развивање Програма која ќе ги штити луѓето кои имаат докази | 2,3 | 4,4 | 2,1 |
| Ослободуваање од политички влијанија и други центри на моќ на судовите | 2,3 | 4,3 | 2,0 |
| Ослободување од политички влијанија на антикорупциската комисија | 2,3 | 4,3 | 2,0 |
| Развивање систем за пријавување на случаи на корупција | 2,5 | 4,4 | 1,8 |
| Имплементација на Закон за кривична постапка | 2,4 | 4,2 | 1,8 |
| Измена и дополнување на Закон за кривична постапка | 2,5 | 4,1 | 1,7 |
| Давање поголема моќ на антикорупциска комисија | 2,6 | 4,2 | 1,6 |
| Зголемувањето на транспарентноста во работењето на функционерите | 2,4 | 4,0 | 1,6 |
| Давање поголема моќ на судовите | 2,6 | 4,1 | 1,5 |
| Зголемување на свесноста за негативностите од корупцијата | 2,8 | 4,2 | 1,5 |
| Зголемувањето на свесноста за присутност на корупцијата | 2,8 | 4,2 | 1,4 |
| Зголемување на платите на службениците | 2,6 | 3,4 | 0,8 |

Сите овие истражени податоци на терен кои говорат за присуството на корупцијата во општеството и влијанието на мноштво фактори врз неа, ја **потврдуваат** претходно поставената општа хипотеза дека “**Постоењето на корупцијата во едно општество не е предизвикано од еден фактор туку од синергетското дејствување на повеќе општествени фактори**”

# *IV ДЕЛ*

# *И ВО СВЕТОТ НЕ Е РОЗОВО*

# 1. Преглед на состојбата во неколку земји

## 1.1 Русија

### 1.1.1. Наследството

Промени во политичкиот систем на Русија почнале од врвот на партиското раководство и неговата "перестројка". Токму затоа во Русија и немало демократска дебата или консензус за промена и премин кон демократски систем. Русија немаше предкомунистичка традиција на парламентарна демократија, независно судство, непоткуплива власт или граѓанско општество. Но и Русија, како и другите транзициски замји, наследи добар број на зла од претходниот комунистичките режими. По првите повеќепартиски избори, организираниот криминал се зајакнува особено во некои целосно легални економски области - трговија, угостителство, но исто така и во нелегални активности како што се проституцијата, трговијата со дрога, оружје и нуклеарно гориво. Денешната руска сива економија ја создаде претходниот бирократски комунистички состав и таа уште тогаш создаде огромно богатство, но по 1990 година го распространи своето делување на многу нови подрачја.

Дезорганизацијата на општеството и државните структури достигна огромни размери и корупцијата зафати огромен дел од јавата сфера, од војската, полицијата државните и локалните управи, преку индустријата, трговијата, до продажба на недвижности. Проценките на финансиските последици од корупцијата во Русија се разликуваат но утврдено е дека поткупот бил помеѓу 5 и 15% од цената на сите стоки и услуги во земјата! Ако не постои оваа загуба на руското општество, и парите од корупцијата се користат за отворање на нови работни места, во Русија ќе биде можно да се постигне целосна вработеност! Според други проценки, корупцијата на повисоки сфери од власта, особено во армијата и воената индустрија, понесува годишно и до 30% од државниот буџет. Набљудувачи проценуваат дека вкупниот износ на мито во Русија годишно се движи околу речиси 8 милијарди евра. Се проценува дека околу 10% од вкупниот приход на малите и средни претпријатија одат на мито.

Едно истражување од 2001 година, покажа дека повеќе од 70% заинтересирани деловни луѓе сметаат дека корупцијата е главна пречка за инвестиции и бизнис во Русија. Рускиот јавен живот се карактеризира и со: многу високи даноци, закони донесени набрзина кои лесно се менуваат, правните празнини се бројни, самоволието на функционерите е константно. Чесниот бизнис може многу тешко да стане

профитабилен. Независни набљудувачи проценија дека 40% од претприемачите и 2/3 на деловните структури се вовлечени во вртлогот на корупцијата. Уделот на "сивата економија" во Русија на крајот на минатата деценија, се проценува на 33% од бруто-домашниот производ.

Приватизација во Русија е направена преку бројни измами, местење на обезвреднети фабрики за пријатели и роднини, преку отпуштања на работници и продажба/изнајмување на недвижен имот од останатите компании и фабрики. Интересно е тоа што, како и во многу други поранешни комунистички земји, областа изградба на нови станови е една од најизложените на корупција. Почетниот ентузијазам на граѓаните од 1990 година беше заменет со општа апатија. Луѓето стануваат индиферентни набљудувачи на она што се случува на руската политичка сцена. Секој знае дека мора да смета само на себе, но премногу е тешко за сиромашните кои имат минимум за живот. Разграбувањето на државниот имот од времето на минатиот режим беше заменет со грабеж од страна на моќните и привилегираните. Во истражувањата на јавното мислење од 2004 година, 88% од руските граѓани сметаат дека "врските" и 76% дека нечесноста се важно средство за успех во деловното работење.

Во Русија, за отворање и регистрирање на фирми требаат речиси 70 различни потврди и печати, и тој процес трае речиси четири пати подолго отколку што на пример трае во Полска. Во Русија јавната администрација ги контролира компаниите двапати годишно, што е двојно повеќе во споредба со Полска.

Организираниот криминал надгледува неколку економски активности, мафијата контактира разни претпријатија пет пати почесто одошто во Полска и ја наметнува својата заштита 12 пати почесто одошто во Полска. Од друга страна, пак, целиот судски систем беше целосно неорганизиран. Со доаѓањето на власт на Владимир Путин во прво време ништо не се промени, бидејќи зад сцената стоеа извесен број на финансиски и економски "олигарси" што претходно го поддржуваа Борис Јелцин. Меѓутоа, по извесен период на консолидација на моќта, новиот режим одлучи да ги гони. Од една страна, бидејќи незаконски стекнале обезвреднети компании, од друга страна, поради тоа што огромни суми на данок се затаени од државата често со помош на корумпирани јавни службеници. Најфлагрантен пример е "олигархот" Hodorkovski, кој е во затвор од крајот на 2003 година, чиј нафтен гигант Jukos на Владата и должи повеќе од 3 милијарди евра за само една година.

### 1.1.2. Причини за корупција

Меѓу причините за корупција во Русија, набљудувачите истакнуваат:

• силно наследството на корупцијата, од времето на комунизмот;

• мафијашко знаење - а понекогаш и потекло

• сива економија, која без корупција и не може да постои;

• корупција во контролните структури на државата;

• непочитување на забраната за приватни активности на јавните службеници, пратеници и министри;

• недостаток на соодветни правни забрани;

• законодавен хаос

• нефункционирање на правниот и судски систем, неприменување на постојните прописи;

• слабоста на цивилното општество,

• непостоење на јавното мислење.

### 1.1.3. Борба против корупцијата

Руската влада во октомври 1992 година воспостави "специјална меѓуресорска комисија за борба против корупцијата и организираниот криминал", со цел да ја координира борбата и превенцијата. Руските "олигарси" и организираниот криминал се обидуваат да ги изнесат плодовите од нивните злосторства надвор од Русија и "да ги исперат" нивните валкани пари. Таквите руски пари се губат во многу од соседните земји и нивните банки. Најголеми напливи на валкани пари има во Швајцарија, особено Женева.

### 1.1.4. Некои последици од корупцијата

Населението во Русија не можеше да се мобилизира за избори поради недовербата во можноста за почитување на законите. Кризата на доверба не се однесуваше само на владеачката структура, туку и на сите партиии, како што покажуваа анкетите за јавното мислење. Така, во 1992 година, само 8% од испитаниците сметаа дека некоја од политичките партии се бори за граѓанските идеали, 67% сметале дека таква партија не постои, а 25% од испитаниците не знаеле како да

одговорат на тоа прашање. Интересно е дека на прашањето "Во кој период руската влада навистина се грижеше за рускиот народ?", 44% од анкетираните не одговориле, 14% сметале дека тоа било само во времето на царската империја (т.е. пред 1917) 21% времето под Брежнев, 1% - под Горбачов, а само 5% - под власта на Борис Елцин.

## 2.1. Босна и Херцеговина

Во почетокот на 1998 година, меѓународната заедница почна со серија на анкети и интервјуа на тема за корупција во поширока смисла, особено на корупцијата кај "белите јаки", односно носителите на јавната власт. Од многуте испитаници само двајца високи претставници тврдеа дека нема корупција во Федерацијата и дека сето тоа е измислено од медиумите. Меѓународната заедница пак цени дека особено во услови кога поголемиот дел од работите и стоката се плаќаат во готово, што преовладува во повоена Босна, од корупција се погодени речиси сите структури на власта и за борбата против неа треба значително да зајакне.

Меѓународната заедница верува дека располагањето со јавните пари треба да биде подложено на принципот отчетност пред јавноста, во спротивно парите продолжуваат да се трошат за финансирање на политичките партии и институции кои треба да се искоренат бидејќи :

• се заканува легитимитетот на новата влада;
• продолжува етничка поделба;
• спречува примената на правните прописи и улогата на правото воопшто

Претставниците на меѓународната заедница сметаа дека долгорочната практика на корумпираните државни службеници и изнудувачи создава од една страна "култура на корупција" во односите помеѓу граѓаните и владата, од друга страна, недоверба и воздржаност не само кон странски туку и кон домашни инвеститори. Затоа, во рамките на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, усвоен во почетокот на 1999 година е донесена една антикорупциска иницијатива за борба против корупцијата во поширока смисла, каде се предложени четири видови мерки:

•донесување на јасни закони за правата и должностите на јавноста, како и анти-корупциски закони;
• институционални промени во судството и пред сè, примената на правните санкции, кои најчесто изостануваат;
• транспарентност за буџет, одговорност и независна ревизија
• пракса за правосудниот кадар, за граѓанското општество и за медиумите

### 2.1.1. Мерки за спречување на корупцијата

*Закон за правото на јавноста*, со казнени мерки. Овој закон мора да се однесува на сите државни агенции и државни/јавни претпријатија, јавни служби и политичките партии, за нивниот движен и недвижен имот и сите средства добиени и потрошени. Секое намерно лажно информирање на јавноста за овие фондови и средства, да се казни со затвор . Треба да се воспостави независен инспекторат за испитување и ревизија. Исто така, треба јасно да се утврдат областите на конфликт на интерес на јавните служби и приватните бизниси во кои јавните функционери не можат да влезат ниту да ги извршуваат.

*Дополнување на казнениот законик* во областите: тендери, банкарство, царина, даноци и приватизација.

*Законот против спречување на дејствување на правдата*: судии, обвинители, истражители и сведоци- треба да бидат заштитени од нападите и заплашување - тие самите и нивната работа. Закани, заплашување и отстранување на доказите мора да претставуваат кривично дело, кое се казнува со казна затвор

*Законот за кривична одговорност* на компаниите и политичките партии за криминално однесување на нивните службеници и претставници, со соодветни строги парични казни.

*Законот против перењето пари* и конфискацијата на стоки и средства потекнати од криминална активност.

*Развивање на ефективен систем на правото и примена на санкции,* воведени во земјите во транзиција - особено во пост-воената Босна – е еден од важните фактори за да се постигне чувство на припадност кон заедницата и легитимноста на владата. Без тоа, земјите ниту транзитираат кон демократијата ниту се помрднуваат од место.

Меѓународната заедница верува дека високите даноци во транзициските земји со корупција, меѓу другото, се користат за да се компензираат загубите кои произлегуваат

од корупцијата на јавните службеници и функционери и тоа е неприфатливо, затоа што тие даноци ги задушуваат економските иницијативи и активности.

Проблемот е во тоа што голем дел од јавноста не е информиран за тоа што е демократски процес и затоа не може да се надева на одговорно и транспарентно работење на властите. Затоа, обуката, информирањето на граѓаните и граѓанското општество, како и програми за обука на медиумите се главните фактори во борбата против корупцијата.

Правото и должноста за кривично гонење не може да биде препуштено на полицијата, туку треба да биде одговорност на јавните обвинители, додека специјализираната финансиската полиција треба да биде професионално обучена, образована, опремена и да ú се даде целосна власт.

### 2.1.2. Правни вежби

Конкретни активности за борба против корупцијата беа во правец на:

- информирање на граѓаните, граѓанското општество, граѓанските организации, ученици и студенти, особено за студенти по право.
- едукативна програма за основите на демократијата преку медиумите и тоа што граѓаните имаат право да очекуваат и да побараат од носителот на државната и јавната функција на сите нивоа - и од државните и од локалните власти
- отворена е посебна програма за обука на медиумските работници со цел воведување на методи и стратегии за истражувачко новинарство и репортерска работа.

### 3.1. Албанија, Грузија и Латвија

Организацијата за економска соработка и развој (OCDE/ОЕЦД), која обединува 29 европски и неевропски развиени земји, заедно со Европската унија ја основа иницијативата "Сигма", која се занимава со реформите во јавната администрација во 13 држави од Централна и Источна Европа, кои беа вклучени во програмата PHARE на Европската унија. На крајот на 1998 година "Сигма" во својот труд "Tribune de la gestion publique" (трибина на јавно управување) има објавено еден краток преглед на Светската банка за помош на Албанија, Грузија и Латвија во борбата против корупцијата и подобрување на јавната администрација. Еден од првите заклучоци на истражувањето е дека корупцијата е секогаш повисока во земјите каде што се задушува слободата на јавноста.

#### 3.1.1.Први резултати од истражувањето

Се покажа дека во сите три држави корупцијата е системска и е длабоко врежана во начинот на однесување на граѓаните. Во врска со областите или целите на корупцијата, истражувањето покажа дека корупцијата е чест придружник во злоупотреба на јавните средства и кражба на државниот имот. Корупцијата исто така, служи за да се скрати чекањето дозволи и административни одлуки, со неа се постигнува монополска или привилегирана позиција во некоја активност и со неа се успева здобивање на различни јавни тендери.

Корупцијата во сите три земји се карактеризира со корупција во јавните тендери, додека потипична за Грузија е злоупотребата на државни пари. Во Латвија и Албанија почеста е кражба на државниот имот. Институционалната причина за корупција во Албанија се првенствено слабост на судските органи. Во Грузија и Латвија се недостатокот на соодветна законска регулатива. Последиците од корупцијата за јавни и приватни средства се многу тешки. Па така во сите три земји загубите на државните буџети се огромни.

Паричниот износ на приватни фирми за подмитување во Албанија и Латвија се проценети на 7% од вкупните трошоци, а во Грузија дури и на 15%. Анкетата покажа дека голем дел од приватните фирми се согласуваат дури да плаќаат и повисоки даноци кога во државата би немало корупција. Последиците од корупцијата за поединците и домаќинствата се несразмерни, затоа што корупцијата многу повеќе ги погодува

сиромашните. Износите/тарифите за подмитување од нивниот буџет, всушност, претставува многу поголем процент отколку од буџетот на побогатите. Анкетите покажуваат дека 14% од домаќинствата во Грузија признаваат дека понекогаш се "принудени" да извршат поткуп, додека оние кои во Латвија 12%. Најпознат облик за подмитување се однесува на вработување.

Во Латвија, почесто отколку во Албанија и Грузија, би можело да се купи министерска позиција, што значи дека во оваа земја, потешко е да се сузбие големата корупција, додека во Албанија и Грузија поголемо зло била малата и административна корупција.

### 3.1.2. Улогата на објавените резултати

Сите три земји превземале кон Светска Банка, обврска за транспарентност и обелоденување на податоци од истражувања, па така од површни и слаби сомневања за корупција, се прејде на искуствени спознанија, анкети и докази објавени во сите медиуми.

По овие обелоденувања јавните власти во сите три земји организираа јавни семинари, на кои се дискутирало по објавените податоци, за мерките и борбата против корупцијата. На тој начин корупцијата стана тема на јавен политички дијалог, а властите беа принудени да започне со реформите во законите, јавната администрација, финансиите и судските институции. Во сите сегменти се правеа напори да се вклучат што поголем број организации на граѓанското општество и да се мобилизира јавното мислење.

### 3.1.3. Предизвиците на иднината

Произлезе дека сепак е можно да се дијагностицираат и да се испитаат различните форми на корупција и дека е многу важно да се објават постигнатите резултати, бидејќи токму според нив, можеме да почнеме со јавна расправа, а на основа на неа и со реформи.

Спроведите анкети во таа смисла се средство за да се идентификуваат областите најмногу погодени од корупцијата и така да се утврдат приоритетите и можните реформи кои се неопходни.

Искуството на трите земји покажува дека реформите во институциите, постапките и примената на прописите се поважни од едноставното отпуштање на корумпираните државни службеници и функционери, бидејќи на системската корупцијата не и се застанува на патот само со отстранување на корумпирани луѓе. Реформите мора да го убедат јавното мислење, а тоа е реално и изводливо.

Првите реформи на трите земји донесоа измени во областа на царинските и даночните прописи и практики. Многу потешка се докажа дека е реформата на корумпираниот судски систем во Албанија, како и некои делови на реформата на јавната администрација во Латвија и Грузија, каде што многу интереси се застапени од страна на корумпирани функционери кои енергично се бранат од реформите.

Еден од начините за размрдување на корупциските легла е и доведување странски учители, неутрални експерти, кои ќе проценат каде и кој создава отпор на реформите.

# ***V ДЕЛ***

# ***ЗАКЛУЧОК***

Корупцијата е комплексен социјален, политички и економски феномен кој се однесува за сите земји. Корупцијата ги поткопува демократските институции, го забавува економскиот развој и придонесува за владина нестабилност. Корупцијата ги напаѓа темелите на демократските институции преку нарушување на изборниот процес, го менува владеењето на правото. Економскиот развој е забавувачки, бидејќи странските директни инвестиции се обесхрабрени и малите бизниси во земјата често се оневозможени да ги надминат и почетните "start-up" трошоци поради корупција.

Сериозна пречка за успех на било која антикорупциска стратегија е корумпирано судство. Едно етички компромитирано судството значи дека законски и институционален механизам дизајниран за спречување на корупцијата, сепак добро насочен, ефикасни или искрен, останува осакатен. За жал, доказ е постојано и се повеќе појавата на корупцијата во судовите во многу делови на светот. Потребно е испитување на корупцијата во судството во детали и идентификување средства за решавање и тоа, во повисоки и пониски нивоа на судските системи.

Мерки за зајакнување на судски интегритет:

- Формулирање концепт на судски интегритет и осмислување методологија за воведување на концептот без да се загрози принципот на независност на судството;
- Безбедна средина за учење и продуктивен простор за реформа;
- Подигнување на свеста во врска со судскиот интегритет и развивање водич кој ќе следи проекти за техничка помош со цел зајакнување на судските интегритет и капацитет;
- Идентификување и примена на најдобрите светски практики во зајакнувањето на судскиот интегритет и капацитет. Резултатите од овој процес да бидат вклучени во модел на акционен план за реформи.

Улогата на приватниот сектор во борбата против корупцијата исто така е клучна. Треба да се соберат и распространат информации за проценка на ранливоста на посебни области во приватниот сектор склони кон корупција.

## 1. Реформи

**•да се изберат некомпромитирани политичари кои имаат сериозна намера да се борат против корупцијата;**
**• зајакнување на политичката одговорност и санкции на сите нивоа на власта и јавните службеници;**
**• промовирање на заедничка акција на политичка власт, јавната администрација, граѓанското општество, медиумите;**
**• да се означат институционални механизми на политичка контрола и надзор, унапредување на транспарентноста во донесување одлуки, финансирање на партиите и изборните кампањи;**
**• целосно да се спроведат политички и структурни, особено економските реформи, а не запирање на половина пат, или одолговлекување на реформите;**
**• остварување на партнерство со граѓанскиот сектор како важен учесник во информирањето за корупција и борбата против неа;**
**• разбивање на постојните економски монополи и поврзаноста со политиката, преку преструктурирање, конкуренција и отворање на "сцената" за други компании, мали и средни;**
**• изградба на механизми за одговорност и отчетност - политичка, материјална и казнена;**
**• поттикнување на организација на граѓанското општество и зајакнување на независноста на медиумите;**
**• имплементација на реформите.**

### 1.1. Каква стратегија треба да се има против корупцијата?

Нема успешност без кредибилно (веродостојно) политичко раководство, што значи дека шефот на државата и владата, навистина сака да ја води борбата против корупцијата.

Неопходен услов е да се најде или лоцира "слабата точка", односно подрачје на кое брзо ќе се постигнат конкретни резултати. Значи, на пример, ако властите покажат особен интерес кон сузбивање на корупцијата во царинската служба, покажат сериозни чекори и планови да создадат еднакви услови за економска конкуренција, создадат

позитивна атмосфера во јавноста, така ќе инспирираат надеж и волја за борба против корупцијата и во други области. Но борбата против корупцијата не е можно да почне да се спроведува без исклучително познавање на ситуацијата, односно нивото на инфицираност. Без "фотографирање" на состојбата, или солидно дијагностицирање, кое се базира испитување на јавното мислење и на реалните искуства на лица, домаќинства и компании, не може да се изгради кредибилитетна антикорупциска стратегија. Дијагнозата треба да биде обелоденета преку медиумите, а над неа треба да се иницира јавна дебата, во соработка со граѓанското општество.

Секако потребно е и да се одреди нивото на политичка култура – т.е. што јавноста знае за начинот на вршење власт и политичка одговорност и колку сака во сето тоа да учествува – за да може да се процени на кои места и за што јавноста ќе поддржи промени и помогне во борбата против корупцијата.

Исто така, особено е важно да се испита степенот до кој јавноста има доверба во институциите.

Корупцијата треба да се гони, но прво и основно, таа бара превенција. Мерките треба да вклучуваат модели за превентивни политики, како на пример, воспоставување на антикорупциски тела и зголемена транспарентност во финансирањето на изборните кампањи и политички партии.

Државните служби мора да настојуваат да обезбедат нивните јавни услуги да бидат предмет на заштита и промовираат ефикасност, транспарентност и вработување врз основа на заслужените оценки.

Откако регрутирани, државните службеници треба да бидат предмет на правилата на однесување, барања за финансиски и други обелоденувања и соодветни дисциплински мерки. Транспарентност и отчетност во работите на јавните финансии, исто така, мора да се промовираат, како и специфичните барања кои се основани за спречување на корупцијата, особено во критичните области на јавниот сектор, како што се судството и јавните набавки. Оние кои користат јавни услуги мора да очекуваат високи стандарди на однесување од нивните државни службеници. Јавното спречување на корупцијата, исто така, бара напори од сите членови на општеството во целост. Поради овие причини, важно е промовирање и активно учество на невладините и локални организации, како и други елементи на граѓанското општество за да се подигне јавната свест за корупцијата и она што може да се стори околу тоа.

## 2. Средства за борба против корупцијата

Во денешното време на технолошки достигнувања, отворени пазари и регионални економски организации, а особено со доаѓањето на дерегулација и глобализација, корупцијата стана чума без граници. Затоа не е можно да се бориме против неа само во рамките на одделни земји. Ефикасното справување со корупцијата бара акција на меѓународно, глобално ниво.

За намалување на корупцијата, потребно е прво да се воспостават силни институции и почитување на автономијата, рамнотежа и соработка меѓу трите власти, класични за демократскиот систем на владеење – законодавна, извршна и судска.

Очигледен доказ на оваа теза е независноста на судиите во "mani pulite" (чисти раце), кој во Италија доведе до колапс на целата политичка класа и трансформација на италијанската политичка сцена во текот на последната деценија од 20 век. Така еден од судиите, иницијатор на судски прогон на многу политичари во рамките на "mani pulito, Антонио Ди Пјетро, ја напуштил судската фотелја и слезе во политичката арена. Најпрво го основал здружението "Osservatorio europeo sulla legalita e sulla questione morale" (Европска опсерваторија на законитоста и морални прашања), а потоа и нова партија - "граѓанска алтернатива" наречена-вредностите на Италија. Здружението се обидува да развие "култура на законитост", политичка и управна транспарентност и втемелување на морални критериуми во јавниот живот и јавните институции. Се занимава со скоро сите прашања поврзани со корупцијата во демократијата: системот на финансирање на политичките партии, односите помеѓу различните лоби групи и политичкиот систем, контрола над јавните тендери од сите облици, злоупотреба на јавни функции, правна одбрана на граѓани и потрошувачи и сл.

## 3. Потврдување/отфрлање на поставените хипотези

Податоците кои ги детектираа негативните ефекти поради начинот на кој што се појавува корупцијата во политиката ја потврдуваат поставената хипотеза дека **Политичката состојба** влијае врз корупцијата поради формирањето на центрите на моќ. Нерегулирањето на моќта во заедницата предизвикува корупција

Податоците кои се однесуваат на директното негативно влијае врз пазарната економија бидејќи нема доволно услови за пазарен натпревар и најдобрите економски

субјекти практично да го добијат она што треба да го добијат, а предизвикува и поттикнување на работењето на црно и го намалува собирањето на даноците и другите приходи во државите, ја потврдуваат поставената хипотеза дека **Економските фактори** влијаат врз поткупувањето и одржувањето на корупцијата во општеството.

Заради разновидноста на правни системи на државите и секако непостоењето на единствена дефиниција за корупцијата, која ќе биде прифатена од сите земји, или барем поголемиот дел, е отежната правна помош меѓу судовите на различни земји. Правната помош може да се потпре исклучиво на истоветност во дефинирањето на прекршокот во државите. Овие потешкотии само ги зајакнуваат различните правни правила за имунитетот на различни категории граѓани и функционери.

Најважно сепак останува дека: Корупцијата, која е штетно и кривично дело, ја осудуваат и прогонуваат речиси сите правни системи. Ова одговара на веќе поставената хипотеза и воедно потврдува дека **Правната регулатива** влијае врз постоењето на корупцијата во општеството.

Сите граѓани имаат заеднички интерес за постоење на средина без корупција. Моралниот релативизам, во стилот на: "се согласувам, дека корупцијата не е во ред, но кога станува збор за мене и моето семејство, фирма, здружение, партија, тогаш треба да се прилагодам, па дури и да подмитам", претпоставува прифаќање на поставената хипотеза дека **Културолошките фактори (менталитетот, вредносниот систем на населението)** влијаат врз постоењето и одржувањето на корупцијата во општеството.

# *VI ДЕЛ*

**БИБЛИОГРАФИЈА**

Acimovic, M. 1987, Psihologija zlocina i sudjenja, Beograd, Savremena administracija

Amundsen, I. 2000, Corruption-Definitions and Concepts, Chr. Michelsen Institute Development Studies and Human Rights

"Anti-Corruption Strategy for Bosnia and Herzegovina" (Predzavrsni nacrt – Cjelovita protu-korupcijska strategija za Bosnu I Hercegovinu), izd. Office of High Representative – Economic Department (Ured Visokog predstavnika – Gospodarski odjel), Sarajevo, siječanj 1999

Andvig, J.and Odd, F., Amundsen, I., Sissener, T., Soreide, T. 2000, Research on Corruption, a policy oriented survey: Chr. Michelsen Institute & Norwegian Institute of International Affairs

Anticorruption in Transition – A contribution to the Policy Debate" (Anti-korupcija u tranziciji – Prilog raspravi o politici), izd. The World Bank, Washington, 2000

Auheier, H. 2004, Global Civil Society, London, Sage Publications

Begovic, B. 2002, Corruption at the customs, combating corruption at the custom administration, Center for Liberal Democratic Studies, Belgrade, Goragraf

Bendevski, Trajan. 2001, Pravo na Evropska unija, Skopje, Praven fakultet

Calvert, S. 1996, Politics and Society in the Third World, London, Prentice Hall

Chitkara, M.G., 2000, Consumerism, Crime and Corruption, Ashish Publishing House

Cini, M. 2003, European Union Politics, Oxford, Oxford University Press

Delve, S. 1997, Political thinking, Political Theory and Civil Society, Miami, Miami University Press

Djinic, J. 1988, Socijalna patologija, sociologija devijantnosti, Beograd, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva

"Draft Convention on the Fight Against Corruption of Officials of the Europian Communities or Officials of Member States of the European Union"

Ekengreen, M. 2002, The time of European Governance, Manchester, Manchester University Press

"Fraud and Corruption in Bosnia and Herzegovina – A Proposal for Systemic Reforms", izd. USAID / Bosnia and Herzegovina, Sarajevo, 23. ožujka 1998

Gerard, Carney. "Conflicts of Interest: Legislator, Ministers and Public Officials"

Heidenheimer, A., Johnston, M., Le Vine, V. 1997, Political Corruption, London, Transaction Publishers

Heidenheimer, A.1970, "Readings in comparative analysis on political corruption", New York, izd. Colt, Rinehart & Winston Inc.

Helping Countries Combat Corruption – The Role of the World Bank, izd. odjela Poverty Reduction and Economic Management, Washington, rujan 1997

Hopkinson, N. 2001, Parliamentary Democracy, Is there a perfect model?, Burlington, Ashagate

ICG Balkans report, August 2002. No133, "Macedonia's public secret how corruption drags the country down"

Ignjatovic, M. 2005, Kriminologija, Beograd, Sluzben glasnik

Johann, Graf. Lambsdorf. "Background Paper to the 2003 Corruption Perception Index – Framework Document" (Osnove obrazloženje načina izrade indeksa procjene korupcije 2003)

Josifoski, D. 1995, Kriminalisticka psihologija, Skopje, Rading

Joyce, P. 1999, An introduction to Politics, Abingdon, Hodder & Stoughton

Kambovski, Vlado. 2005, Organiziran kriminal, 2ri Avgust S, Stip

Kambovski, Vlado. 2002, Korupcijata najgolemo opstestveno zlo i zakana za pravnata drzava, Skopje

Kaminski, A., Kaminski, B. 2001, Governance and Corruption in Transition, The Challenge of Subverting Corruption

Kaufmann, D. 1997, Economic Corruption, Lima

Kecmanovic, D. 1973, Izmedju normalnog i patoloskog, Beograd

Kimberly, E. 2002, Corruption and the Global Economy, Washington D.C, Institute for International Economics

Klitgaard, Robert. 1996, "Cleaning Up and Invigorating the Civil Service"

Konvencija na OON za borba protiv transnacionalniot organiziran kriminal od 2000 godina i nejzinite protokoli

Krivicen zakonik na R Makedonija, precisten tekst, 2004 godina

Labovic, Miodrag. 2006, Vlasta korumpira, Skopje, De Gama

Marek Hessl & Ken Murphy, Stealing the State and Everything Else

Matovski, Nikola. 2003, Kazneno procesno pravo, Praven fakultet Skopje, 2ri Avgust S Stip

Manevski, Mihajlo. 2005, Korupcijata vo RM, Skopje

Mesecnik o korupciji Centra za menadjment, "Puls", 2005, Beograd

Milic, Vojin. 1978, Socioloski metod, Beograd, Nolit

Nugent, N. 2003, The Government and Politics of the EU, Durham, Duke University Press

"OECD Government Agree to Combat Bribery", SG/P 36 (1994)

Participacijata i krizata vo makedonskata ekonomija, 2002, Ekonomski institut, Skopje

Pern, Fransoa. 1986, Za filozofiju novog razvoja, Beograd

Pesujlic, Miroslav.1987, Metodologija drustvenih nauka, Beograd, Savremena adminstracija

Pesujlic, Miroslav. 1996, Metodologija drustvenih nauka, Beograd, Naucna knjiga

Petrovska, V. Beska. 1994, Metodologija na eksperimentalnite istrazuvanja vo psihologijata, Skopje, Malinska

Richard, G. Dudley. "The Effects of Coruption on International Development Projects", studija predstavljena na Međunarodnoj konferenciji pod naslovom "Održivost razvoja u trećem tisućljeću" u Bergenu (Noveška), kolovoz 2000

Robert, Klitgaard. 1996, "Cleaning Up and Invigorating the Civil Service" (Čišćenje i jačanje javnih služba), izd. Svjetske banke

Rose, A. S. 1978. Corruption, A Study in Political Economy, New York, Academic Press

Rossi, M. 1999, Decentralization and Development, Berne, Swiss Agency for Development and Cooperation

A World Bank Publication, September 2000

Sesic, Bogdan. 1988, Opsta metodologija, Beograd, Naucna knjiga

Sesic, Bogdan. Osnovi metodologije drustvenih nauka

Socijalno ekonomski posledici od privatizacijata va RM I Bulgaria, 2002, Fridrih Ebert Shtiftung, Skopje

Summary of the replies to the questionaire on corruption. 2005, Multidisciplinary Group of Corruption, Strasbourg

Supek, Rudi. 1981, Istrazivanje javnog mnenja, Zagreb, Liber

Supek, Rudi.1977, Sociologija, Zagreb

Swianiewicz, P. 2001, Public Perception of Local Governments, Budapest

Taseva, Slagana. 2003, Perenje pari, Skopje, Data Pons

The Many Faces of Corruption: Tracking Vulnerabilities at the Sector Level

The World Band group: Corruption - a Major barrier to Sound and Equitable Development, 7 Oct. 1996

Tong, D. V., 1994, Corruption & Democracy, Budapest, COLPI

Transition Report,1998, Annex 2.1 – Legal transition indicators (Izvješće o tranzicijskim zemljama 1998, dodatak 2.1 – zakonski tranzicijski pokazatelji), izd. European Bank for Reconstruction and Development, London

Transparency International (International Chember of Commerce) Voice of the People survey 2006-2007

Transparency International Global Corruption Barometer 2007 – Report

Трпчевска, Даниела. 2010, Месечник за антикорупција, број 4, април

UN Declaration against Corruption and Bribery in International Commercial Transaction

United Nations Development Programme, 1997, "Corruption and Good Governance", United Nations

United Nations Development Programme, 1998, "Corruption and Integrity Improvement Initiatves in Developing Countries", United Nations

United Nations Resolution Against Corruption and Bribery, 51/191

Weber, Max. 1997, Privreda i drustvo, Beograd

Zakon za krivicnata postapka, precisten tekst, Sluzben vesnik na Republika Makedonija, broj 74/94

Звонаревиќ, Младен. 1989, Социјална патологија, Загреб, Школска књига

Извештај на У4, август 2004 година, Утстејн ресурсен центар за борба против корупцијата

Извештај од тренинг програмата за превенција на организираниот криминал и корупцијата, Скопје 24.09-01.10.1997 (во организација на Одделението на ООН за превенција на криминалот и казнена правда со седиште во Виена и УНПРЕДЕП)

Камбовски, В., Наумоски, П. 2002, Корупцијата- најголемо општествено зло и закана за правната држава, Скопје, Влабор

Крастев, И. 2002, „Земјите на Балканот, Демократија без избори,"

Љатифи, В. 2004, Криминалистика, Приштина

Љуан, Г. 2004, Корупција, Тирана

Маџар, Љ. 2001, Политички и економски корени на корупцијата, Списание "професија банкар", бр. 70

Николовски, Т. 2001, Статистика во психологијата, Скопје, универзитет Св. Кирил и Методиј, Филозофски факултет

Печар, Ј. Политизација на спротивставувањето на корумпираноста, списание "Безбедност", 1-2/97

Попе, Џ. 2002, Соочување со корупцијата, Тирана

Проевски, Ј. 1997, Кривичен законик на Република Македонија, Скопје

Проевски, Ј. 2002, Закон за спречување на корупцијата, Скопје

Ракипи, А. 2003, Корупција и фискална евазија. Тирана

Совет на Европа и Европската комисија, FARE програма, Стразбург 17.03.1997, Корупцијата и организираниот криминал во државите во транзиција, проект на комисијата на ЕУ и советот на Европа, препораки и упатства за акцијата на Владата на РМ.

Стивс, Ф. & Русо, А. 1999—2002, Програми за борба против корупцијата во посткомунистичките земји во транзиција и промените во деловната средина, Работен документ на ЕБРД бр. 85.

Стојановски, Н. & Сулејманов, З. 2002. Социјална патологија, Скопје

Сулејманов, З. 2000, Македонска криминологија, Скопје, Графохартија

Тасева, С., Мирчевска, С., Јаневски, В. Мерки за борба против корупцијата во РМ, списание "Безбедност" 1-2/98

Хавелка, Ненад. 1992, Социјална превенција, Београд, Завод за уџбенике и наставна средства

Халили, Р. 2002, Криминологија, Приштина

Хуси, В. 2002, Вовед во криминологија со пенологија, Тирана

40 preporaki od FATF - Operativna grupa za finansiski dejstvija na perenje pari, prevod Slagana Taseva, Bezbednost, broj 1/2 1997;

ИНТЕРНЕТ

Корупција, [Online] Достапно на: www.fmc.org.yu-articles-sr-borba_protiv_korupcije [Посетено на: 15 Мај 2010].

Корупција, [Online] Достапно на: www.hnb.hr-publikac-istrazivanja [Посетено на: 15 Јануари 2011].

Корупција, [Online] Достапно на: www.transparentnost.org.yu-bilten [Посетено на: 12 Јануари 2011].

Корупција, [Online] Достапно на: www.antikorupcija.org.mk [Посетено на: 12 Јануари 2011].

Public Sector Governance, [Online] Достапно на: www.worldbank.org/publicsector/anticorrupt/index.cfm [Посетено на: 15 Ноември 2009].

Group of States Against Corruption, [Online] Достапно на: http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/greco/default_en.asp [Посетено на: 13 Јануари 2011].

International organization involved in the alter-globalization movement, [Online] Достапно на: www.attac.org [Посетено на: Јануари 2011].

Veltri, E. Demokracija i zakonitost [Online] Достапно на: www.democraziaelegalita.org [Посетено на: 15 Мај 2010].

Di Pietro, Europska promatračnica zakonitosti i moralnog pitanja, [Online] Достапно на: www.dipietro.org/osservatorio [Посетено на: 10 Мај 2010].

Европска Унија, [Online] Достапно на: http://europa.eu/index_en.htm [Посетено на: 19 Јануари 2011].

Корупција, дрога, криминал, [Online] Достапно на: www.ogd.org / Geopolitička promatračnica drogâ (OGD) [Посетено на: 19 Јули 2009].

Одбрана, [Online] Достапно на: www.gdf.ru/ Glasnost Defense Fundation [Посетено на: 19 Јуни 2010].

Стабилност, [Online] Достапно на: www.stabilitypact.org/Pakta o stabilnost [Посетено на: 19 Јули 2009].

Global civil society organisation, [Online] Достапно на: http://www.transparency.de /Transparency International [Посетено на: 1 Јуни 2009].

Corruption Barometar report, [Online] Достапно на: http://www.transparency.org/policy_research/surveys_indices/gcb/2010/results [Посетено на: 1 Март 2011].

Европска Унија, [Online] Достапно на: http://conventiones.coe.int/Vijeće Europe (konvencije) [Посетено на: 19 Август 2010].

Корупција, [Online] Достапно на: www.transparency.hr/Transparency International – Hrvatska [Посетено на: 17 Јули 2009].

Harvard AGPS referencing guide, [Online] Достапно на: http://www.usq.edu.au/library/help/referencing/harvard.htm#Books_print_and_online [Посетено на: 11 Јуни 2011].

Anglia Ruskin University, 2007. University Library: guide to Harvard style referencing [Online] Достапно на: http://libweb.anglia.ac.uk/referencing/harvard.htm [Посетено на: 15 Јуни 2011].

De Montford University, 2008. The Harvard System of Referencing [Online] Достапно на: http://www.library.dmu.ac.uk/Images/Selfstudy/Harvard.pdf [Посетено на: 5 Јуни 2011].

Wikipedia contributors, 2009. Parenthetical Referencing [Online] Достапно на: http://en.wikipedia.org/w/index.php?title=Parenthetical_referencing&oldid=264365321 [Посетено на: 1 Јуни 2011].

Creaney, N., 2009. How to Use the Harvard Style of Referencing [Online] Достапно на: http://knol.google.com/k/-/-/1hzaxtdr9c09g/14# [Посетено на: 15 Јуни 2011].

Citiranje i referenciranje. [Online] Достапно на: http://ekonomija.unizd.hr/file.php/1/Dokumenti_razno/Dokumenti_Odjel/harvardsko_citiranje_upute.pdf. [Посетено на: 10 Јуни 2011].

Citiranje izvora s web stranica, 2009. [Online]. Достапно на: http://www.pbf.hr/hr/zavodi/zavod_za_kemiju_i_biokemiju/laboratorij_za_toksikologiju/uvod_u_znanstveni_rad.pdf. [Посетено на: 1 Јуни 2011].

Janović, T. 2009. Citiranje, parafraziranje i upućivanje na izvore u akademskim tekstovima: [Online] Достапно на:http://www.unizd.hr/Portals/46/seminarski_rad/citiranje_parafraziranje.pdf. [Посетено на: 3 Јуни 2011].

Murati T. (2006). Oblikovanje bilježaka i sustavi citiranja u stručnom ili znanstvenom tekstu, [Online] Vol. 15 (1-2). str. 155-171. Достапно на: http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=28233. [Посетено на: 5 Јуни 2011].

References/Bibliography: Harvard style: based on style manual for authors, editors and printers, 2010. [Online] Достапно на:
University of Queensland, http://www.library.uq.edu.au/training/citation/harvard_6.pdf. [Посетено на: 4 Јуни 2011].

Udiljak-Bugarinovski Z. (2007). Prijedlog citiranja literature. [Online] Достапно на: http://web.efzg.hr/dok/KID/Pravila_citiranja.pdf. [Посетено на: 11 Јуни 2011].

Creaney, N., 2009. How to Use the Harvard Style of Referencing [Online] Достапно на: http://knol.google.com/k/-/-/1hzaxtdr9c09g/14# [Посетено на: 30 Мај 2011].

World's largest Custom Market Research specialists, [Online] Достапно на: http://www.tnsglobal.com/ [Посетено на: 30 Мај 2011].

Javno mislenje, [Online] Достапно на: http://brima.com.mk/ [Посетено на: 24 Mart 2011].

# ОПШТИ ФРЕКФЕНЦИИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ 2010

М3 Општина

| | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | 1 Аеродром | 39 | 3,3 |
| | 2 Бутел | 14 | 1,2 |
| | 3 Гази Баба | 50 | 4,4 |
| | 4 Ѓорче Петров | 27 | 2,4 |
| | 5 Карпош | 34 | 2,9 |
| | 6 Кисела Вода | 36 | 3,1 |
| | 7 Сарај | 17 | 1,5 |
| | 8 Центар | 26 | 2,3 |
| | 9 Чаир | 40 | 3,5 |
| | 10 Шуто Оризари | 14 | 1,2 |
| | 11 Арачиново | 8 | ,7 |
| | 13 Илинден | 5 | ,5 |
| | 15 Сопиште | 6 | ,6 |
| | 16 Студеничани | 13 | 1,2 |
| | 17 Чучер Сандево | 7 | ,6 |
| | 18 Битола | 54 | 4,7 |
| | 19 Демир Хисар | 13 | 1,1 |
| | 20 Могила | 6 | ,5 |
| | 22 Прилеп | 49 | 4,2 |
| | 23 Долнени | 7 | ,6 |
| | 26 Охрид | 33 | 2,9 |
| | 28 Ресен | 5 | ,5 |
| | 29 Струга | 45 | 3,9 |
| | 31 Дебар | 13 | 1,1 |
| | 32 Центар Жупа | 7 | ,6 |
| | 33 Кичево | 17 | 1,5 |
| | 35 Осломеј | 8 | ,7 |
| | 37 Зајас | 5 | ,5 |
| | 38 Македонски Брод | 6 | ,5 |
| | 40 Тетово | 48 | 4,2 |
| | 41 Боговиње | 17 | 1,5 |
| | 42 Брвеница | 8 | ,7 |
| | 43 Јегуновце | 5 | ,4 |
| | 44 Желино | 12 | 1,1 |
| | 45 Теарце | 20 | 1,7 |
| | 46 Гостивар | 47 | 4,1 |
| | 47 Врапчиште | 11 | ,9 |
| | 49 Велес | 33 | 2,9 |
| | 50 Градско | 7 | ,6 |
| | 52 Кавадарци | 23 | 2,0 |
| | 54 Неготино | 16 | 1,4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 56 Валандово | 5 | ,4 |
| | 57 Гевгелија | 20 | 1,7 |
| | 60 Куманово | 53 | 4,6 |
| | 62 Липково | 18 | 1,5 |
| | 63 Кратово | 7 | ,6 |
| | 64 Крива Паланка | 13 | 1,1 |
| | 65 Ранковце | 5 | ,4 |
| | 66 Штип | 27 | 2,3 |
| | 68 Пробиштип | 6 | ,5 |
| | 69 Радовиш | 14 | 1,2 |
| | 71 Берово | 6 | ,5 |
| | 73 Виница | 11 | 1,0 |
| | 74 Делчево | 10 | ,9 |
